# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОУ „ДАМЕ ГРУЕВ” -БИТОЛА

учебна 2024/2025 година



Јули 2025 година

# Содржина


**Вовед.........................................................................................................5**

**1. Општи податоци за основното училиште.............................................6**

**2. Мапа на основното училиште ...............................................................8**

**3. Податоци за учениците во основното училиште ...................................9**

**4. „LESSONS LEARNED“ - Веќе научено/стекнати искуства ...........................10**

**5. Програми и организација на работата во основното училиште ...................10**

*5.1 Календар за организацијата и работата во основното училиште* ...............10

*5.2 Работа во смени*..........................................................................11

*5.3 Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата* ....................................11

*5.4 Проширена програма*....................................................................12

*5.5 Комбинирани паралелки*................................................................12

*5.6 Странски јазици што се изучуваат во основното училиште* ....................12

*5.7 Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение*..............................................................................12

*5.8 Изборна настава*..........................................................................12

*5.9 Дополнителна настава* ..................................................................13

*5.10 Додатна настава*.........................................................................14

*5.11 Работа со надарени и талентирани ученици*........................................14

*5.12 Работа со ученици со посебни образовни потреби* ...............................15

*5.13 Инклузивен тим на деца со посебни образовни потреби*.........................16

*5.14 Туторска поддршка на учениците* ...................................................22

*5.15 План на образовниот медијатор* ......................................................22

**6. Воннаставни активности..................................................................23**

*6.1 Екскурзии, излети и настава во природа* ............................................24

*6.2 Училишни спортски клубови*...........................................................24

*6.3 Акции* ......................................................................................24

*6.4 Културно уметничко одбележување на пригодни датуми / Приредби*............25

*6.5 Натпревари за учениците*................................................................26

*6.6 Извештај од работата на Детската организација*...................................28

**7. Ученичко организирање и учество .....................................................29**

*7.1 Извештај за работа на Ученички парламент* ........................................29

*7.2. Извештај на ученички Правобранител* ...............................................30

*7.3 Извештај од работата на Ученичката заедица* ......31
**8. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција......32**
**9. Проекти што се реализираат во основното училиште......32**
*9.1 Еразмус проект*......33
*9.2 Антикорупциска едукација* ......34
*9.3 Проект ЕКО*......34
*9.4 ИКТ во наставата* ......36
**10. Поддршка на учениците......37**
*10.1 Професионална ориентација на учениците* ......38
*10.2 Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација* ......41
**11. Оценување ......42**
*11.1 Видови оценување и календар на оценувањето* ......42
*11.2 Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар* ......43
*11.3 Педагошка евиденција и документација*......43
*11.4 Тим за проверка на педагошка евиденција и документација*......43
**12. Безбедност во училиштето ......45**
**13. Грижа за здравјето......45**
*13.1 Тим за превенција од болести на зависност* ......46
*13.2 Хигиена во училиштето*......48
*13.3 Систематски прегледи и вакцинирање* ......48
**14.Училишна клима......49**
*14.1 Дисциплина* ......49
*14.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето*......49
*14.3 Етички кодекси*......49
*14.4 Односи меѓу сите структури во училиштето* ......50
**15. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар ......50**
**16. Соработка на основното училиште со родителите/старателите ......51**
*16.1 Едукација на родителите/старателите* ......52
*16.2 Вклученост на родителите во животот и работата на училиштето* ......52
**17. Комуникација и промоција на основното училиште ......53**
**18. Соработка со надворешна средина......54**
**19. Статистички извештај за основното училиште......55**
**20. Извештај од работата на Училишен одбор ......63**
**21. Извештај од работата на Совет на родители......65**

**22. Извештај од работата на директорот ........ 67**
**23. Извештај од работата на стручен соработник-педагог ........ 72**
**24. Извештај од работата на специјален едукатор и рехабилитатор ........ 78**
**25. Извештај од работата на стрчен соработник - психолог ........ 84**
**26. Извештај од работата на училишната библиотека ........ 92**
**27. Извештај - Наставнички совет ........ 94**
**28. Извештај - Стручен актив странски јазици ........ 97**
**29. Извештај - Стручен актив по македонски јазик ........ 101**
**30. Извештај - Стручен актив биологија, физика, хемија и природни науки . 102**
**31. Извештај - Стрчен актив математика, техничко образование и информатика ........ 106**
**32. Извештај - Стручен актив општествени науки ........ 118**
**33. Извештај - Стручен актив физичко, музичко и ликовно ........ 119**
*33.1 Извештај – Хор и Оркестар* ........ 121
**34. Одделенски совет прво одделение ........ 121**
**35. Оделнски совет второ одделение ........ 125**
**36. Одделенски совет трето одделение ........ 127**
**37. Одделенски совет четврто одделение ........ 131**
**38. Одделенски совет петто одделение ........ 133**
**39. Реализација на воспитно-образовна програма во продолжен престој ........ 141**
**40. Материјално-финансиско работење на основното училиште ........ 142**
**41. Заклучоци и согледувања на состојбите за унапредување на дејноста ........ 143**

## Вовед

Изготвувањето на овој извештај има нормативна основа која е предвидена со Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Неговото изготвување е потреба на училиштето и ќе му користи на училиштето во неговата понатамошна работа.

Извештајот претставува документ кој ги содржи сите поважни информации за оценка на работата на училиштето и остварувањето на Годишната програма за работа во учебната 2024/2025 година. Тој во суштина писмено ја изразува ангажираноста и остварувањето на дејноста на училиштето.

Информациите во извештајот се методолошки и хронолошки подредени според подрачјата предвидени во годишната програма за работа и воглавно се однесуваат на следните процеси: просторни и други услови за работа, реализација на наставни планови и програми, постигања на учениците во сите наставни и воннаставни области, соработка со родители, локална средина и локална заедница и други институции, МОН, БРО, Државен испитен центар, Државен просветен инспекторат, Невладини организации и др.

Во извештајот квантитативно се претставени ангажирањата на наставниците и стручните соработници во рамките на нивната работна седмица, и токму заради тоа тој содржи факти и информации од аспект на:

- ✓ Ангажирање на наставниците во реализација на наставата;
- ✓ Ангажирање на наставниците во реализација на значајни активности, значајни датуми, екскурзии, ученички натпревари, изложби, конкурси;
- ✓ Ангажирање на наставниците во работата на стручни органи: одделенско раководство, Совети на предметни и одделенски наставници, Стручни активи, Наставнички совети и други стручни тимови;
- ✓ Ангажирање во реализација на програмите на другите органи и организации: Совет на родители, Училишен одбор, Одделенски заедници, Детска организација, секции, спортски активности и сл.;
- ✓ Ангажирање во реализација на други посебни програми од воспитно-образовниот процес: грижа за здравјето на учениците, заштита на животната средина, општествено-корисна работа и уредување на училиштето;
- ✓ Ангажирање во реализација на програмата за стручно усовршување и професионален развој на кадарот;
- ✓ Ангажирање во реализација на програми за соработка со општествената средина: соработка со родители, соработка со локалната заедница соработка со бизнис заедницата, соработка со МОН и неговите единици, соработка со невладини организации, соработка со други училишта;
- ✓ Ангажирање во реализација на програмите за унапредување на наставата и оценувањето;
- ✓ Ангажирање на стручните соработници во реализација на нивните програми и афирмација на училиштето.

Целта на овој извештај е да обезбеди јасни насоки за одговорно вклучување на сите училишни субјекти во креирањето на програмските подрачја за работата во наредниот период.

## 1. Општи податоци за основното училиште

| Име на училиштето | ОУ „Даме Груев“ |
|---|---|
| адреса, општина, место | ул. „Ѓорче Петров“ бр.7 - Битола |
| Телефон | / |
| Фах | / |
| е-маил | oudamegruev@yahoo.com<br>ou-damegruev-bitola@schools.mk |
| Веб страна | oudamegruevbt.wordpress.com |
| Основано од | Општина Битола |
| Верификација - број на актот | 13-2139 |
| Година на верификација | 3.07.1986 |
| Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик |
| Година на изградба | 1948 година |
| Тип на градба | Тврда |
| Површина на објектот | 3298м2 |
| Површина на училишниот двор | 8149м2 |
| Површина на спортски терени и игралинта | 5640м2 |
| Училиштето работи во смена | Да |
| Начин на загревање на училинтето | Со нафта |
| Број на паралелки | 32 (44 на ниво на училиште) |
| Број на комбинирани паралелки | / |
| Број на смени | 2 |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | Не |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | Не |
| Во основното училиште има ресурсен центар | Не |
| **Подрачно училиште** | **ОУ „Даме Груев“ – ПУ с. Долно Оризари** |
| Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик |
| Година на изградба | 2005 година (врз стар темел) |
| Тип на градба | Тврда |
| Површина на објектот | 403м2 |
| Површина на училишниот двор | 1250м2 |
| Површина на спортски терени и игралишта | 1250м2 |
| Училиштето работи во смена | Да |
| Начин на загревање на училиштето | пелети |
| Број на паралелки | 10 |
| Број на комбинирани паралелки | / |
| Број на смени | 2 |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | Не |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | Не |
| Во основното училиште има ресурсен центар | Не |

| Подрачно училиште | ОУ „Даме Груев“ – ПУ с. Карамани |
|---|---|
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик |
| **Година на изградба** | 2015 година |
| **Тип на градба** | Монтажна барака |
| **Површина на објектот** | 137м2 |
| **Површина на училишниот двор** | 2583м2 |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 516м2 |
| **Училиштето работи во смена** | Не |
| **Начин на загревање на училиштето** | Дрва |
| **Број на паралелки** | |
| **Број на комбинирани паралелки** | 2 |
| **Број на смени** | 1 |
| **Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби** | Не |
| **Во основното училиште има паралелки од музичко училиште** | Не |
| **Во основното училиште има ресурсен центар** | Не |

# 2. Мапа на основното училиште

Централна зграда на ул.„Ѓорче Петров“ бр.7 и мала зграда УЗ Триаголник




Подрачно училиште во с.Долно Оризари







Подрачно училиште во с. Карамани

## 3. Податоци за учениците во основното училиште

Основното образование е задолжително, трае девет години и се организира во три воспитно-образовни периоди и тоа од прво до трето одделение, од четврто до шесто одделение и од седмо до деветто одделение. Детето со поаѓањето во основното училиште стекнува статус на ученик. Запишувањето на детето во училиштето го спроведе трочлена комисија составена од педагог или психолог или специјален едукатор и рехабилитатор и наставник од редот на одделенските наставници.

❖ Комисија за запишување на првачиња во учебната 2024/2025 година, во состав:

1. Јасмина Андреева - стручен соработник - педагог
2. Катерина Митревска - специјален едукатор и рехабилитатор
3. Наташа Настевска – одделенски наставник

❖ Комисија за одложување на следењето на наставата во прво одделение за учебна 2024/2025 година, во состав:

1. Јасмина Андреева – стручен соработник- педагог
2. Катерина Митревска – специјален едукатор и рехабилитатор
3. Гордана Јанкуловска – одделенски наставник
4. Нела Неделковска – одделенски наставник

❖ Комисија за запишување на деца кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасната граница за учебна 2024/2025 година, во состав:

1. Јасмина Андреева - стручен соработник-педагог
2. Катерина Митревска – специјален едукатор и рехабилитатор
3. Катерина Солаковска – одделенски наставник
4. Летка Степановска – одделенски наставник

Запишувањето на учениците за прво одделение навремено е завршено во законскиот рок, согласно Законот за основно образовение. Во месец август, 2024 година извршена е проверка на списокот од МВР и притоа е констатирано дека сите деца од реонот на нашето училиште се запишани во прво одделение. Меѓутоа, напоменуваме дека во прво одделение се запишани и неколку деца кои не припаѓаат во реонот на училиштето, по барање на родителите и со добиена согласност од основните училишта.

➢ Детален прелед и податоци за учениците во освното училиште се прикажани во статистички извештај кој е составна компонента од овој Годишен извештај.

## 4. „LESSONS LEARNED“ - Веќе научено/стекнати искуства

Успешноста во работата во училиштето се темели на убедувањето дека грижата, учењето и негата формираат една образовна целина која поттикнува добросостојба и ангажираност на секое дете, што го сметаме како предуслов за еднакво учење и постигнување. Тргнувајќи од тезата дека учењето се случува на разни начини и во разни ситуации, наша крајна цел е секогаш да поставуваме високи, но сепак реални очекувања за секое дете, а преку тоа поттикнуваме љубопитност, истражувачки вештини, критичко мислење и соработка, така што секое дете во нашето училиште може да развие афинитети и вештини за доживотно учење.

Успехот на нашата досегашна работа, кој и во иднина треба да продолжи е резултат првенствено на користење на искуствата добиени од следниве релевантни извори:

- ✓ анализи и заклучоци од извештајот од спроведената Самоевалуација за работа на училиштето;
- ✓ Развојна програма на училиштето;
- ✓ Одлуки и препораки од Училишниот одбор и Советот на родители;
- ✓ Анализи и искуства од работењето на Наставнички совет,Одделенски совет, Стручни активи;
- ✓ Извештаи од реализација на наставните планови и програми;
- ✓ Стекнати знаења и компетенции од посетени обуки, семинари и работилници;
- ✓ Правилници за работа и етички кодекси за сите целни групи;
- ✓ Критериуми и стандарди за оценување на постигањата на учениците;
- ✓ Примена на ИКТ во наставата и воннаставните активности;
- ✓ Реализација на воннаставни активности, секции, проекти и слободни ученички активности.

## 5. Програми и организација на работата во основното училиште

Сите одделенски и предметни наставници навремено изготвија Годишни планирања по соодветните наставни предмети: задолжителни предмети, слободни изборни предмети / изборни предмети, дополнителна настава, додатна настава, слободни ученички активности, час на одделенската заедница и воннаставни активности што се наведени во дневниците на паралелките.

Годишните планирања се изработени согласно Наставниот план и Наставните програми изготвени од БРО и одобрени од министерот за образование и наука. Споменатите годишни планирања се подготвени во електронска форма и истите се поставени на електронска платформа. При изработката на годишните планирања почитувани се сите едукативни придобивки на наставниците стекнати при одржување на работилници во рамки на досегашните активности на Стручните активи и при учество во обуки (интерни, екстерни), семинари и други активности за стручно усовршување. Покрај предвидените наставни содржини, во Годишните планирања на наставниците се опфатени и програмски активности преку кои ќе се реализираат проектите Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем и Меѓуетничка интеграција на младите во образованието. За учениците со посебни образовни потреби, во месец септември се изготвени Индивидуални образовни планови.

- ✓ На состаноците на Советот на одделенските наставници и Советот на предметните наставници констатирано е дека во целост се реализирани наставните програми по сите наставни предмети според планираната временска реализација за учебната 2024 / 2025 година.

### *5.1 Календар за организацијата и работата во основното училиште*

Воспитно – образовниот процес во ОУ „Даме Груев“ - Битола во текот на наставната 2024/2025 година се реализираше согласно Календарот за организација на работата на основните училишта.

- Учебната година во основното училиште започна на 1 септември 2024 година, а завршува на 31 август 2025 година.
- Наставната година започна на 2 септември 2024 година и заврши на 10 јуни 2025 година.
- Првото полугодие започна на 2 септември 2024 година и заврши на 30 декември 2024 година.
- Второто полугодие започна на 20 јануари 2025 година и заврши на 10 јуни 2025 година.
- Во текот на учебната година учениците користеа зимски и летен одмор. Зимскиот одмор започна на 31 декември 2024 година и заврши на 19 јануари 2025година.

- За време на зимскиот одмор вработените во училиштето од 2 јануари 2025 година до 10 јануари 2025 година користеа платени неработни денови.
- Летниот одмор започна на 11 јуни 2025 година и завршува на 31 август 2025 година.
- Основното училиште од 11 јуни до 20 јуни 2025 година организираше одделенски испити за учеиници кои треба да полагаат одделенски испити и ги спроведи истите.
- Воспитно-образовната работа за учениците се организираше во текот на целата работна недела.
- Во учебната 2024/2025 година наставата се оствари во 180 наставни денови.
- Наставата се реализираше на македонски наставен јазик и во две смени кои се менуваа на месечна основа.

Училиштето ги преземаше сите заштитни мерки за безбедна реализација на наставата во училиштето, заштита на здравјето на учениците и вработените.

Наставата (задолжителна, изборна, додатна, дополнителна) и воннаставните активности се реализираа согласно распоредите на часови кои беа навремено изготвени, истакнати на Огласна табла и објавени на училишната веб страна.

Согласно со Законот за празниците на Република Македонија (Сл.весник на РМ број 21/98 и 18/07) во 2024 година и во 2025 година не се работеа следниве денови :

- 8 септември (недела), Ден на независноста, односно 09 септември (понеделник),
- 11 октомври (петок), Ден на народното востание,
- 23 октомври (среда), Ден на македонската револуционерна борба,
- 8 декември (недела), "Св. Климент Охридски", односно 09 декември (понеделник),
- 23 декември (понеделник) одбележување на Патрон празник на ОУ„Даме Груев"-Битола, работен, ненаставен ден.
- 1 јануари (среда), Нова Година,
- 6 јануари (понеделник), Бадник, ден пред Божик,
- 7 јануари (вторник), Божик, првиот ден на Божик според православниот календар,
- 30 март (недела), Рамазан Бајрам, првиот ден на Рамазан Бајрам, односно 31 март (понеделник),
- 18 април (петок), Велики Петок, петок пред Велигден,
- 21 април (понеделник), Велигден, вториот ден на Велигден според православниот календар,
- 1 мај (четврток), Ден на трудот
- 6 јуни (петок), Духовден, петок пред Духовден
- 6 Јуни (петок), Курбан Бајрам, првиот ден на Курбан Бајрам

Одбележувањето на значајните датуми се реализира со читање реферати и соопштенија, уредување на училишниот хол, организирање на прослави, приредби, хепенинзи, базари, настани од хуманитарен карактер, собирни акции, еколошки активности во училиштето и локалната средина.

### *5.2 Работа во смени*

Задолжителната настава се реализираше во две смени. Во периодот меѓу двете смени се реализираа проектните активности, дополнителната, додатната настава и слободните активности. Претпладневната смена започна во 7.30 часот, а попладневната во 13.00 часот. Промената на смените се вршеше на еден месец. Наставниот час трае 40 минути.

### *5.3 Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата*

Учебната година ја започнаа 694 ученици. На крај на наставна 2024/2025 година во ОУ„Даме Груев" – Битола учат 691 ученици, распределени во 44 паралелки.

Наставата по сите задолжителни и изборни предмети, согласно Наставен план се реализираше на македонски наставен јазик.

### 5.4 *Проширена програма*

Проширената програма на основното училиште опфаќа: организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава, продолжен престој, дополнителна и додатна настава, како и воннаставни и вонучилишни активности, односно организирање на секции, клубови, екскурзии, натпревари, други активности кои училиштето ги реализира надвор од наставната програма, како и активности на ученичката организација.

Прифаќање и заштита на учениците од I, II и III одделение еден час пред започнување на часовите за редовна настава и еден час по завршување на редовната настава, се реализира само со согласност со родителот.

Во училиштето се организираше продолжен престој, настава која функционира како организирана целина од наставни и ненаставни содржини. Со учениците кои посетуваа продолжен престој се реализираа задолжителни и слободни активности кои позитивно влијаат на психофизичкиот развој. Работата со учениците се состои во изработка на домашни задачи, дополнување и проширување на наставно – воспитни содржини и знаења, проверка на домашните задачи, вежби и проверка на знаењата. За подобрување на успехот се соработува со одделенските наставници се применуваат и контролни задачи, учење по даден потсетник, вежби се со цел формирање на позитивни вредности кај учениците, создавање на работни навики, прецизност, самостојност, одговорност, истрајност, дружељубивост и меѓусебно почитување.

### 5.5 *Комбинирани паралелки*

Во Подрачното училиште во с.Карамани се изведуваше комбинирана настава во две комбинирани паралелки (1, 3, 5 одд.) и (2 и 4 одд.)

### 5.6 *Странски јазици што се изучуваат во основното училиште*

Сите ученици како прв задолжителен странски јазик го изучуваа англискиот јазик, а како втор јазик, јазикот што го избрале во месец мај при спроведената анкета од страна на стручната служба. Во нашето училиште како втор странски јазик се изучуваше францускиот и германскиот јазик.

### 5.7 *Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение*

Во учебната 2024/2025 година часовите по физичко и здраствено образование со учениците од прво до петто одделение беа реализирани од страна на одделенските наставници со тандем наставници по физичко и здраствено образование.

### 5.8 *Изборна настава*

Слободните изборни предмети имаат за цел да обезбедат развој на потенцијалите на секој ученик и да придонесат за мотивирање на учениците за учење и за самостојно насочување во натамошното образование. Училиштето нуди широк дијапазон на разновидни слободни изборни предмети од различните категории коишто се подредени на интересите на учениците, согласно нивната возраст и актуелните потреби. Во првиот образовен период (I-III одд.) слободните изборни предмети се реализираа во форма на слободни активности што ги води одделенскиот наставник задолжен за паралелката во договор со учениците. На учениците од вториот и третиот период на основното образование (IV-VI и VII-IX одд.) им се понуди да избираат од четири категории слободни изборни предмети согласно „Водич за слободните избори предмети“. При крајот на минатата учебна година, училиштето, преку наставниците и стручните соработници спроведе анкета за заинтересираноста на учениците за подрачјата/ темите од секоја категорија на слободните изборни предмети.

Во учебната 2024/2025 год. во училиштето се изучуваа  следните изборни предмети:

| Одделение | Слободен изборен предмет |
| --- | --- |
| IVа | Уметност –креирање од хаертија<br>Велосипедизам |
| IVб, IVв | Уметост-креирање од харија<br>Учам за моето здравје |
| ПУ-с Долно Оризари | Танцување,<br>Танци и ора |
| ПУ-с.Карамани | Природните убавиви на мојата татковина<br>Цртање, сликање и вајарство |
| Vа, Vб, Vв, Vг | Заштита на животната средина<br>Моделарство, креативи идеи-направи сам |
| ПУ-с.Долно Оризари | Народно мзичко творештво<br>Градење интерперсонални односи |
| ПУ-с.Карамани | Природите убавини на мојата татковина<br>Цртање, сликање и вајарство |
| VIа, VIб, VIв, VIг, VI1, VI2 | Етика во религиите<br>Религиозно и културно наследство |
| VIIа | Класична култура 2<br>Извидништво |
| VIIб, VIIв, VIIг, VII1 | Воспитување преку параболи, мудрите изреки и приказните<br>Морал и етички вредности |
| VIIIа, VIIIб, VIIIв, VIIIг, VIII1 | Програмирање |
| IXа, IXб, IXв, IXг | Вештини за живеење |
| IX1 | Изборен спорт |

### *5.9 Дополнителна настава*

Дополнителната настава е застапена со одреден број часови, со што добива задолжителен карактер и се реализираше за учениците кои поради одредени објективни или субјективни причини заостануваа при усвојување на наставното градиво и имаат тешкотии во учењето, побавно напредуваат или изразито заостануваат во усвојувањето на содржините по поедини или повеќе наставни предмети.

Дополнителната настава како интегрална компонента на редовната настава се реализираше според следните основи: претходни согледувања на наставниците; актуелните потреби на учениците; сугестии на стручната служба по барање на ученикот или родителот.

За секој ученик неопходно се применуваа индивидуални форми на работа или работа во тандеми како и микро групи, а поретко и фронтална работа со учениците од групата.

Распоредот за изведување на дополнителна настава се изготви и на месеча основа се прикачи на огласната табла и web страната на училиштето.

### *5.10 Додатна настава*

Еден од основните императиви на нашето училиште за задоволување на емоционалните, физичките и социјалните потреби, како и поттикнување на индивидуален пристап кон учениците и нивно активно вклучување во наставниот процес е успешната реализација на додатната настава.
Додатната настава во училиштето се организираше и реализираше за учениците кои имаат потреба од проширување и продлабочување на знаењата по поедини наставни предмети, дисциплини и области. Во неа беа вклучени ученици кои во редовната настава постигнуваат натпросечни резултати и покажуваат надареност и талентираност за одделни наставни предмети и подрачја. Основни принципи во реализација на овој вид на настава се: индивидуалниот пристап, менторски принцип, флексибилност во време на одржување и во реализација на наставните содржини, истражувачки пристап во решавање на задачите и проблемите, разновидност и користење адекватни наставни форми и методи во наставата, користење и примена на современата технологија во наставата, работа во мали групи од теоретска и практична природа, самостојна работа на учениците и експериментирање.
Изборот на учениците се вршеше со систематско следење, испитување и вреднување на развојните способности. Исто така, приоритет беше грижата за надарените и талентираните ученици што веќе неколку години наназад се актуелизираше како потреба и цел и се изградуваа моделите кои водат кон практично подобрување на постигнувањата на учениците како и подготовка за натпревари.
Распоредот за изведување на додатна настава се изготви и на месечна основа се прикачи на огласната табла и web страната на училиштето.

### *5.11 Работа со надарени и талентирани ученици*

Образовниот систем има одговорност да им обезбеди на сите ученици целосно продолжување на едукацијата преку формална и неформална програма, која треба да биде и е предизвикувачка и мотивирачка. Се бара да се разберат индивидуалните потреби на учениците и да се имплементираат програми кои ќе ги задоволат тие потреби бидејќи учениците имаат различни способности, учат на различни нивоа и го развиваат својот капацитет и талент.
Во училиштето работата со талентираните ученици се одвиваше преку следните чекори:

- Идентификација на учениците;
- Поттикнување на когнитивниот домен преку редовната настава;
- Развивање вештини во воннаставните активности;
- Мотивирање на напредокот на учениците.

Во редовната настава се користеа повеќе стимулативни начини и извори за провокација на когнитивните способности кај учениците:

- Користење на напредни учебници и веб-страници;
- Побрза проодност низ наставните содржини;
- Самостојна истражувачка работа;
- Работа со ментор;
- Посложени нивоа на задачи;
- Задачи кои го поттикнуваат дивергентното мислење (различни пристапи и решенија);
- Користење на аудио-визуелни материјали;
- Флексибилност во работата;
- Едукативни излети и посети.

Цели: Поттикнување на потенцијалите на учениците во насока на професионален развој.
Оваа програма ја организираат наставници од оние предмети за кои има пројавено интерес. Улогата на наставникот во оваа настава е да ги мотивира и поттикнува учениците, да ги развива нивните способности и да ги подготвува за различни натпревари од општински, регионален или републички карактер. Посебно внимание се посветува на традиционалните државни натпревари.

По повод заштитникот на градот„Св.Нектариј Битолски", Општина Битола додели награди за надарени и талентирани ученици.

- 🏆 Алексеј Ивановски – осмо одделение

Во учебната 2024-2025 год. училиштето им додели пофалници за континуиран одличен успех и афирмација на училиштето на следните ученици:

- 🏆 Првенец на генерација IX одделение - Ана Ванчевска

Адријан Андреев
Павел Ивановски
Лука Георгиев
Јован Ванчевски
Мелани Волкановска
Давор Чокузовски
Алексеј Здравески
Мила Дрогришка
Љубица Андонова
Константина Андонова
Матеј Сотироски
Андреј Секуловски
Јована Радевска
Даријан Аземовски
Ѓорѓи Стефановски
Калина Талевска
Марко Пердуловски
БорјанаЃоршевска
Марија Митревска
Меланија Кулевска
Ведран Неделковски
Лука Сталевски
Меланија Ристевска
Мила Наумовска
Климентина Здравеска
Алексеј Ивановски
Матеа Бејковска
Марија Крстевска
Илина Нешковска
Бојана Стојовска
Давид Дамјановски
Михаела Атанасовска
Леона Лазаревска
Ива Димаовска
Ангела Петровска
Јована Крстева
Анѓела Орџановска
Леона Трајковска
Лана Трајковска
Ема Медаровска
Љупчо Талевски
Софија Гакова
Дарија Стерјоска
Мила Стојчевска
Дамјан Магдески
Михаил Трајковски

### *5.12 Работа со ученици со посебни образовни потреби*

Во учебната 2024/2025 година во училиштето се идентификувани ученици со попреченост, за кои е издаден наод и мислење од надлежна институција и проценка од стручно тело МКФ. За работата со овие ученици, во училиштето има формирано училишен инклузивен тим (УИТ) составен од седум члена, со Одлука, заведена со број 02-215/1 од 12.08.2024 година и е со мандат од три учебни години.

Членови во училишниот инклузивен тим се:

1. Биљана Дамчевска Бакиевкса – директор
2. Катерина Митревска – специјален едукатор и рехабилитатор
3. Габриела Ристевски – психолог
4. Нела Неделковска – одделенски наставник
5. Елена Богоевска – предметен наставник
6. Ирена Мемедовска Лазаревска- родител
7. Биљана Ројковска - родител

### *5.13 Инклузивен тим на деца со посебни образовни потреби*



**Тим за ИО**
**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ - ИНКЛУЗИВЕН ТИМ НА ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ**
учебна 2024/25 г. ОУ„ Даме Груев“ Битола

Во учебната 2024/2025 година во училиштето се идентификувани ученици со попреченост, за кои е издаден наод и мислење од надлежна институција и проценка од стручно тело МКФ. За работата со овие ученици, во училиштето има формирано училишен инклузивен тим (УИТ) составен од седум члена. Училишен инклузивен тим се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште и за инклузивните тимови за учениците.

Со учениците со попреченост се работи по **ИОП** или по **модифицирана наставна програма**, се со цел и тие ученици да напредуваат по сопствено темпо и согласно своите можности и способности, а се во согласност со препораките од стручно тело за проценка (МКФ).

**Пет (5)** ученици следат настава по **ИОП** и **три (3)** по **модифицирана наставна програма,** во образовниот процес вклучени се и **пет (5) образовни асистенти** и **еден (1) личен асистент**.

***Активности за реализација на целите:***

| **ЦЕЛИ** | **НОСИТЕЛИ на активности** | **Опис на активностите (активност и начин на пратење)** | **ВРЕМЕ** 2024/25 година |
|---|---|---|---|
| ***Анализа на програмата за инклузивно образование*** од минатата учебна година и работата на тимот пред почетокот на учебната 2024/25 година | Тим за ИО, наставник, родители | Евиденција на тимот, извештаи | VI, VII |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***Изработка на план и програма*** за работа на тимот во учебна 2024/25 година<br>Организирање на активности врз основа на програмата за работа<br>Изработка на акционен план<br>Изготвување на годишна програма за работа на тимот, педагошка евиденција, план за работа | Тим за ИО | Давање на насоки и упатства на наставниците за изработка на наставните планови и програми прилагодени за деца кои се вклучени во инклузивно образование.<br>Организирани активности врз основа на програмата за работа | VIII и IX |
| ***Анализа на актуелната состојба во училиштето, идентификација на децата со посебни потреби за дополнителна поддршка***<br>Опсервација на ученикот, проценка на наставникот, база на податоци, педагошка евиденција, наод и мислење, стручна проценка за функционирање според МКФ | ППС,<br>Одделенски раководители, наставници, образовни асистенти<br>Тим за ИО, родители | | IX-2024,<br>во текот на учебна 2024/25г. |
| ***Пратење на напредокот на ученикот – ИОП и модифицирана наставна програма*** - Унапредување на достапноста на соодветните облици на поддршка на учениците<br>Проверка и собирање на индивидуалните<br>образовни планови (ИОП) и модифицираната наставна програма – Годишни (учебна 2023/24) проверка колку од поставените<br>задачи се реализирани.<br>Насоки за<br>изработување на ИОП и модифицирана наставна програма кај наставниците | Наставници, образовни асистенти, ППС, специјален едукатор и рехабилитатор | **септември, 2024г.**<br><br>**Реализирани консултативни состаноци на ниво на ИТУ** за секој ученик одделно, на состаноците беа разгледани стручните проценки за функционирање според МКФ, истакнати силни и слаби страни на учениците, врз основа на кои ќе се изработи ИОП или модифицирана наставна програма согласно проценката, цели кои ќе се реализираат во учебната 2024/25г. И насоки за работа со ученикот според попреченоста.<br><br>**Реализирани состаноци со кординатори од ОУРЦ „ Кочо Рацин “- Битола и Центар за поддршка во учењето на деца со попреченост ООУ„ Ѓорги Сугарев “** со цел соработка при реализирање на делови од модифицираната програма за | IX-2024,<br>во текот на учебна 2024/25г. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | учениците со комплексни потреби кои еден дел од програмата ја реализираат во основно училиште со ресурсен центар.<br><br>Реализирани состаноци со ИТУ – тековно. | |
| ***Соработка со наставниците*** вклучени во инклузивното образование при изработка на ИОП, следење, реализација, евалуација. Јакнење на професионалните компетенции на наставникот-понудена стручна поддршка, литература, консултации за работа со ученици со попреченост, работилници | Тим за ИО, Наставници, Стручни соработници | Состаноци, извештаи, записници | во текот на учебна 2024/25г. |
| ***Едукација на учениците*** од редовната популација за разбивање на предрасудите за корисниците на инклузивното образование<br>***Активности за учениците*** во прифаќањето на различностите<br>Изработки од учениците-педагошко досие, фотографии, извештаи, учество во дефилеа.<br>Одбележување на разни настани поврзани со децата со ПОП | Тим за ИО, наставници, Одделенски наставник, стручни соработници, Образовни и лични асистенти НУУБ " Св. Климент Охридски" - Битола<br><br><br><br><br><br><br><br>Тим за ИО, Наставници, Стручни соработници | **Одбележување на разни настани поврзани со деца со попреченост, работилници**<br><br>**Септември** - НУУБ " Св. Климент Охридски" - Битола заедно со учениците од ОУРЦ. "Кочо Рацин"-Битола и учениците од третто одделение од ОУ. "Даме Груев" – Битола реализираа работилница по повод **Меѓународниот ден на знаковниот јазик и Светскиот ден на мирот** кои се одбележуваат во месец септември.<br>Преку прекрасна драматизација на знаковен јазик на тема "Мир во светот да царува, секој со секого да другарува!" учениците од двете училишта испратија порака за мир во светот, покажувајќи големо другарство и инклузија.<br><br>**15ти Октомври - Меѓународниот ден на белиот стап,** ден посветен на признавање на значењето на белиот стап во животот на слепите лица и лицата со оштетен вид, а не потсетува на | во текот на учебна 2024/25г. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | важноста на разбирање и почитување на различноста, надминување на стереотипите и дискриминацијата.<br>По тој повод учениците од IV-а одделение се запознаа со какви потешкотии се соочуваат лицата со оштетен вид преку симулација со наочари, се запознаа со тоа дека слепите лица можат да читаат користејќи го сетилото за допир и начинот на кој слепите лица читаат и пишуваат користејќи Брајево писмо. | |
| | ОУРЦ. “Кочо Рацин”-Битола | **3 ти Декември, Меѓународен ден на лицата со попреченост.** Учество со учениците од III-а на настан под мотото<br>“ Различно исти” во организација на ОУРЦ. “Кочо Рацин”-Битола.<br><br>Учество на традиционалниот Марш по Широк Сокак под мотото **“Обои ме во пријател “.** | |
| | Тим за ИО, Наставници, Стручни соработници | Организирани работилници со учениците од IIIв и Ivв по повод одбележување на **Меѓународниот ден на лицата со попреченост.**<br><br>**3- ти Декември во нашата училница- Исти сме/ Just the Same со учениците од**<br>IVа и IV б одделение во организација на Ана Крстевска – наставник по англиски јазик. Учениците напишаа пораки со поддршка за Брајди и покажаа многу љубов и емпатија. | |
| | ОУРЦ. “Кочо Рацин”-Битола | **Декември** - учество со учениците од Iв на традиционална црвено-бела предновогодишна забава оваа година под мотото | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Општина Битола<br><br>СОУ „Јосип Броз Тито“<br><br>Тим за ИО, Наставници, Стручни соработници | **„ МАЛИ РАДОСТИ ЗА ГОЛЕМИ ДЕЦА" во организација на ОУРЦ „Кочо Рацин "- Битола**<br><br>**Февруари- Го поддржуваме денот на ретките болести**. Учениците од VIII одделение заедно со класните раководители и специјалниот едукатор и рехабилитатор учествуваа во настан организиран по повод 28 Февруари- деност кога се одбележува- **Меѓународниот ден на лицата со ретки болести.**<br><br>**Април-** со учениците од VII а, беше одбележан Светскиот ден на лицата со аутизам. Учениците имаа можност за се запознаат со основните карактеристики на аутизмот и да сфатат дека и лицата со аутизам како и сите отанати треба да ги уживаат своите права и да живеат среќен и исполнет живот. За таа цел специјалниот едукатор и рехабилитатор и психологот им одржаа кратка презентација на тема: “Да го разбереме аутизмот’’. И имаа можност да погледнат кратко видео “Неверојатни нешта се случуваат”. | |
| ***Сензибилизација на родителите*** – (на родителски состаноци, индивидуални средби и др.) | Раководител на тимот, Оделенски раководители | Состаноци, извештаи, записници | во текот на учебна 2024/25г. |
| ***Соработка со други институции*** кои го поддржуваат и унапредуваат инклузивното образование<br><br>***Соработка со други важни институции, локалната самоуправа и др.*** | Тим за ИО, наставници, Директор<br>Центар за подобрување на квалитетот на животот на лицата со интелектуална | **Ноември 2024г**. - учество на Панел дискусија “ Од различна перспектива :Предизвици со кои се соочуваат родителите на деца со аутизам во новата ера “. | во текот на учебна 2024/25г. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | попреченост ПОРАКА нова и МНЗА.<br><br>Сојузот за Спорт и Рекреација на инвалиди (ССРИ)<br><br>**ОУРЦ „Кочо Рацин“- Битола**<br><br>ОУ “Коле Канински” - Битола | Учениците од III - б одделение заедно со одделенски наставник го одбележаа 3ти **Декември**, **Меѓународен ден на лицата со попреченост,** за таа цел ССРИ – Битола , организира инклузивна спортска активност - Куглање и испратија силна порака дека сите ние лично и институционално треба да се бориме против стереотипитите дека попреченоста е бариера за поединецот да поставува лични цели, да се стреми кон нивно остварување.<br><br>**Декември-** Во чест на Патрониот празник на ншето училиште, учениците од второ одделение при ОУ. „Даме Груев“ – под раководство на нивните одделенски наставнички реализираа посета на ОУРЦ „Кочо Рацин“- Битола. Мозаикот од детски цртежи, испеани ноти, гестикулирани стихови , подарени пакети со облека, сувенири, бројни подадени рачиња сплотени по во топла прегратка беа дел од мотото “ Заедно сме посилни ” , пренесувајќи моќна хуманистичка порака која, сите нас- различни, а сепак исти- не обединува и не повикува на љубов, соработка, помош, заедништво во надминување на секојдневните животни препреки и предизвици.<br><br>**Февруари** – Трибина по повод Светскиот ден на ретките болести “Ретко е да си редок ”.<br><br>**Мај-** учениците од II б | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Центар за поддршка во учењето на деца со попреченост ООУ„Ѓорги Сугарев“-Битола**<br><br>**Општина Битола** | одделение заедно со одделенската наставничка и специјалниот едукатор и рехабилитатор присуствуваа на Фестивал на цвеќето и храната во **ООУ„Ѓорги Сугарев“-Битола .** Инклузивен настан збогатен со музика, храна ... | |
| ***Анализа на работата на тимот*** и реализација на програмата , вреднување на резултатите од работата | Тим за ИО | Извештаи, документација, евиденција | VI - 2025 година |

Координатор на тимот: Катерина Митревска – специјален едукатор и рехабилитатор, психолог, директор, наставник , родител и вклученост на трето лице по потреба.

### *5.14 Туторска поддршка на учениците*

Во ОУ “Даме Груев” не е организирана туторска поддршка на учениците.

### *5.15 План на образовниот медијатор*

Во ОУ “Даме Груев” нема образовен медијатор.

## 6. Воннаставни активности

Воннаставните активности придонесуваат за когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на учениците. Нивната основна цел е да овозможат стекнување на знаењата, вештините и вредностите/ставовите зацртани со Националните стандарди за основното образование, особено кога се работи за оние што не се покриени или не се доволно покриени со наставните активности. Притоа, посебен акцент се става врз знаењата, вештините и вредностите/ставовите вклучени во следните подрачја за соодветниот возрасен циклус на учениците:Личен и социјален развој, Демократска култура, Мултикултура и граѓанство, Уметничко изразување и култура и Претприемништво и финансиска писменост. Воннаставните активности се инклузивни и недискриминативни. Тие се достапни за сите ученици без оглед на полот/родот, етничката припадност, способностите, социо-економскиот статус, здравствената состојба и училишниот успех. Тие исто така овозможуваат развивање на интеркултурни компетенции кај учениците, ја овозможуваат соработката на училиштето со родителите и локалната средина.

Во ОУ„Даме Груев“- Битола се реализираат:

- Краткотрајни воннаставни активности ( излети и екскурзии, еднократни работилници, акции во училиштето или во заедницата)
- Долготрајни воннаставни активности (секции/клубови, гостувања)
- Проекти

Во овие активности влеуваат и:

- Ученички натпревари
- Детска организација
- Организација на Црвен крст
- Одбележување празници
- Посета на институции и културни манифестации
- Работилници итн.

Како посебен вид воннаставни активности се оние поврзани со ученичкото организирање во рамките на училиштето:

- Заедница на паралелка и
- Ученички парламент

**Постигнати ефекти:**

- Стекнување на знаењата, вештините и вредностите/ставовите зацртани со Националните стандарди за основното образование;
- Воннаставните активности се ориентирани на учениците и усогласени со индивидуалните потреби и со разликите меѓу учениците, за да обезбедат можност секое дете да ги запознае и максимално да ги развива своите способности, потенцијали и знаења;
- Понудените воннаставни активности се интересни, корисни и забавни, и се разликуваат од наставните не само по темите/содржините на кои се фокусираат, туку и по пристапот и методите на реализација на зацртаните содржини;
- Активно учество на учениците при планирањето, организирањето и спроведувањето на воннаставните активности што ке се реализираат, како и во вреднувањето на успешноста од нејзината реализација и ефектите од тоа;
- Организирање на воннаставни активности преку кои се поттикнува развојот на интеркултурните компетенции кај учениците и го промовира мултикултурниот/ мултиетничкиот карактер;
- Вклученост на родителите во реализацијата на воннаставните активности, работејки заедно со наставниците кои се одговорни за самата реализација;
- Соработката на училиштето со локалната заедница и организирање на заеднички настани преку кои ке се промовираат воннаставните активности и надвор од училиштето.

### *6.1 Екскурзии, излети и настава во природа*

Во учебната 2024/2025 год.се реализираа следните екскурзии:

- Еднодневна екскурзија за III одделеие
- Дводневна ексkузија за VI одделение низ Западна Македонија
- Тридневна екскурзија за IX одделение низ Источна Македонија
- Викенд организиран од Совет на родители Крушево
- Есенски излет на учениците од I-IX одделение, во дворот на Манастирот Рождество на Пресвета Богородица во село Новаци🍂🍂🍂
- Наставно-научна посета на археолошкиот локалитет Хераклеа Линкестис, поврзувајќи ја писменоста со богатото културно-историско наследство на нашата земја.Учениците од петтите одделенија имаа можност да прошетаат низ остатоците од древниот град, да ги разгледаат мозаиците, базиликите и театарот и да слушнат водичко објаснување кое многу ќе придонесе во совладувањето на содржините по Историја и општество.
- Поста на Планетариумот кој е во склоп на Македонски културен центар, место каде може да се види чисто ноќно небо и да се научи повеќе за ѕвездите, планетите и вселената.

Целта на посетата беше учениците да стекнат поголеми знаења за Сончевиот систем, преку предавање од страна на стручното лице. Учениците имаа несекојдневна можност да ја разбудат својата љубопитност и да научат повеќе за ѕвездите, планетите и целата галаксија, но и да видат како изгледа чисто ноќно небо без светлосно загадување.

### *6.2 Училишни спортски клубови*

Училиштето има регистрирано училиштен спортски клуб “Хераклеа”.

### *6.3 Акции*

Во нашето училиште во текот на училишната година се реализираа неколку акции (прослави, хуманитарни настани, еколошки акции сл.). Акциите беа во организација на одговорните наставници, учениците и локалната заедница со цел развивање позитивен однос кон другите, негување меѓусебна почит, чувство на одговорност, развивање работни навики, истрајност во работата, уредно и навремено завршување на задачите, развивање навики за одржување на општа хигиена во училиштето и околината, развивање еколошка свест кај учениците, љубов кон природата, околината, природните и историските објекти и споменици.

Во однос на тоа, во училиштето се одрхуваа повеке активности:

- Организирање на хуманитарна акција за донирање научилишен прибор за поддршка на семејствата од социјален ризик. 📚🎨🖌️ Преку соработка со Младите на ЦКРСМ нашето училиште се вклучи во кампањата ,, За посреќно детство".
- Изведување на активности за поттикнување на еколошката свест кај учениците како садење растенија, органска храна, грижа за училиштето (просториите и дворот);
- Учествување на манифестации со хуманитарен карактер во соработка со невладини организации и други училишта;
- Поддршка на кампањата ,,Мал придонес, голема промена“
- Внимателно од својот дом до училиште и назад - превентивна акција за безбедно вклучување во сообраќајот како пешаци.

  Акцијата ги опфати нашите првачиња и истата е во организација на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот и патиштата, СВР - Битола, АМД Ѓорѓи Наумов, Народна техника, Републички Совет за безбедност во сообраќајот.

  На првачињата им беа доделени тетратки, моливи и линијари како и постери кои ќе им службата на наставниците како дидактички материјали за работа.

- НУУБ „ Св.Климент Охридски „ Битола на нашите првачиња им додели ваучери за едногодишно бесплатно членство.
- 🍂🍁„Есенски панаѓур" 🍁🍂
- Општествено-корисна работа – учество во „ ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД“
- Под мотото “Секое капаче е вредно“ го одбележуваме Денот на Планетата Земја чија главна цел е да се активираат учениците преку оваа кампања директно да помагаат во подобрување на животната средина.
- По повод активностите за одбележување на 8-ми Мај, Светскиот ден на Црвен крст и Црвена Полумесечина во соработка со ТППЕ Битола, Итна Медицинска Помош - Битола, се одржа Симулациона вежба со главна цел проверка на капацитетите на ОУ „Даме Груев“ - Битола во случај на пожар и проверка на функционалноста на планот за евакуација во случај на катастрофи.
- Хманитарна акција на вработените во чилиштето и донација на парични средсва за семејствата на настраданите во пожарот во Кочани.

### *6.4 Културно уметничко одбележување на пригодни датуми / Приредби*

- Со интонирање на македонската химна и пригодна приредба, почна првиот училишен ден за нашите ученици.
- 26 Септември –денот на Европските јазици.
- Одбележување на Меѓународниот ден за стари лица, учениците од II одделение од ПУ-с.Долно Оризари реализираа посета на Домот „Сју Рајдер„ - Битола.
- 5 Октомври, Светскиот ден на наставникот.
- 11 Октомври , Ден на народното востание на македонскиот народ.
- ДЕТСКА НЕДЕЛА 2024
  **„Правата на детето-безбеден чекор кон среќно детство"-** Да им овозможиме на сите деца неопходна и несебична поддршка ,еднакви можности затоа што сите деца имаат еднакви права.
- 15 Октомври, Меѓународниот ден на белиот стап. Ден посветен на признавање на значењето на белиот стап во животот на слепите лица и лицата со оштетен вид, а не потсетува на важноста на разбирање и почитување на различноста, надминување на стереотипите и дискриминацијата.
- 23 Октомври, Денот на македонската револуционерна борба.
- 4 Ноември, Ден на ослободувањето на Битола.
- 20 Ноември, Светскиот ден на детето.
- 3 Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост- Гледај ја различноста , а не попреченоста!
- Литературно творење во пресрет на Свети Климентовото чествување.
- 16.12-23.12.2024 година - Недела на активности по повод Патрониот празник на нашето училиште **под мотото „Македонија е моја иднина“**

✓ Доделени наградите за најдобрите литературни творби на конкурсот распишан по повод Патрониот празник на училиштето

✓ Доделување нагдади за најдобрите ликовни творци на конкурсот распишан по повод Патрониот празник на училиштето.

✓ По повод Патрониот празник на училиштето оваа година по 18 пат се одржа традиционалниот натпревар по модерни танци ,,Танцувачот".

- Учесто на манифестацијата “Зимска приказна” во организација на Општина Битола.
- Традиционална црвено-бела предновогодишна забава под мотото ,, МАЛИ РАДОСТИ ЗА ГОЛЕМИ ДЕЦА" организиран од нашите пријатели ОУРЦ „ Кочо Рацин" Битола.

- Убавините на Божиќ, традициите и убавите желби – Новогодишни и Божиќни работилници.
- 21 февруари, Меѓународниот ден на мајчиниот јазик.
- 28 Февруари- Меѓународен ден на ретките болести.
- Март, Меѓународен ден на жената.
- 7 Април, Интернационалниот ден на Ромите со значаен настан посветен на менталното здравје и превенцијата на зависности, како дел од нашиот проект „Театарска претстава за здрави одлуки – превенција на зависности“.
- 24 Април, учество на третото издание на детскиот фолклорен фестивал „Весел Петок“
- Одбележување на христијанскиот празник Велигден.
- 22 Април, Ден на планетата Земја
- 5 Мај, Денот на македонската азбука.
- Мај Светскиот ден на Црвен крст и Црвена Полумесечина.
- 15 Мај Меѓународниот ден на семејството.
- 24 Мај „Св. Кирил и Методиј“- Ден на сесловенските просветители,
- 4 Јуни, учество во одбележување 80 години НУУБ„Св.КЛимент Охридски“-Битола.
- 13 Јуни, свечено доделување Свидетелства за ученици од деветто одделение.
- 25 Јуни, Доделување пофалници за ученици
- 27 Јуни Свечено доделување Свидетелства за ученици од прво до осмо одделение.

### *6.5 Натпревари за учениците*

Ученичките натпревари играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот и претставуваат мотивирачки фактор за постигнување повисоки резултати во одредени области, придонесуваат да се зголеми интересот на учениците кон разни активности, да се развива натпреварувачкиот дух и да се зближуваат учениците од разни средини. Натпреварите се дел од активностите на Планот и програмата за работа со талентирани и надарени ученици.

- На Општинскиот натпревар во Шах на кој учество зедоа 70 ученици од Основните училишта во организација на “Општинскиот сојуз на училишен спорт” - Битола , нашите ученици освоија 4то и 5то место во машка и женска конкуренција.
- меѓународниот натпревар по информатика „ Дабар 2024“.
- Ноќна трка по повод Денот на ослободувањето на Битола.
- Меѓуучилишни натпревари во футсал по повод Патрониот празник на училиштето.
  ОУ ,,Даме Груев"
  ООУ ,,Ѓорги Сугарев"
  ООУ ,,Тодор Ангелевски"
- По повод Патрониот празник на нашето училиште, учениците од четврто и петто одделение изиграа кошаркарски натпревар против учениците од ООУ „Коле Канински".
  Фер и коректна игра со многу забава, дружење и безброј кошаркарски потези.
- Општински натпревар по математика за учениците од основните училишта.
- Ораторска вечер “Љубовта кон хуманоста,, - организирана од страна на млади волонтери од Клубот на млади при Општинската организација на Црвен крст Куманово. Учество на Софија Гакова.
- ПРВА награда а Леона Аземовска на „Фестивал на поезија, култура и уметност за деца, млади и возрасни“ 2025 кој се одржа во Букурешт, во организација на Милица Паулус и Светската поетска асоцијација.
- Општинскиот натпревар по физика одржан на 7.02.2025 година.
- Општинскиот натпревар по биологија кој се одржа на 14.02.2025.
- Натпревар по „ Информатичко размислување“ организиран од Центарот за едукација „New Corner".
- Регионален натпревар по француски јазик.

- 🏆 Општински, регионален и државен натпревар по Природни науки.
- 🏆 Литературен конкурс „Писмо до најважната жена во мојот живот“, организиран од НУУБ „Св.Климент Охридски“-Битола.
- 🏆 Учество на Републичкиот фестивал за литература за деца „Мали Ѕвездички 2025“ во организација на Здружението за наука култура и литература „Златно Перо“-Битола.
- 🏆 Општински, регионален и државен натпревар по англиски јазик.
- 🏆 Општински, регионален и државен натпревар по германски јазик.
- 🏆 Регионален натпревар по биологија кој се одржа на 28 Март.
- 🏆 Регионален натпревар по математика.
- 🏆 Државна олимпијада по француски јазик во категорија за IX одделение.
- 🏆 Регионален натпревар по физика.
- 🏆 Меѓународен натпревар „Кенгур“
- 🏆 Државен натпревар по математика одржан на 3 Мај 2025 година.
- 🏆 ВТОРО МЕСТО на Општински натпревари во Фудбал (женски) за Основни училишта.
- 🏆 Учество на Општински натпревар по Прва помош – Битола 2025, на 28ми април, во организација на општинската организација на Црвен крст, се одржа општинскиот натпревар по Прва помош за основни и средни училишта.
- 🏆 Учество на нашите ученици од второ одделение дел од ТАЛЕНТ ШОУ организирано од Црвен крст на Македонија.
- 🏆 Учество во кампусот на „Maариф“ во Тетово, оваа година се одржа Maarif Science Fair 2025 – настан на кој нашите ученици успешно се претставија.
- 🏆 Регионален натпревар "Детски семафор 2025".
- 🏆 Нашите уметници на оворањето на јубилејната 50 години Државна изложба на детски ликовни творби 🎨„Народната култура како трајна инспирација во моето творештво“.
- 🏆 Освоени места на Саем за математика, наука, технологија и инженерство ПОГОН.
- 🏆 Државен натпревар по биологија, кој се одржа на 31 мај 2025 година.
- 🏆 7 Јуни, неколку ученици од нашето училиште организирано присуствуваа на фудбалскиот натпревар помеѓу репрезентациите на 🇲🇰Македонија и Белгија🇧🇪, натпревар исполнет со многу навивање, прекрасна атмосфера и моменти за паметење.

Постигнатите резултати на учениците и нивите ментори беа редовно истакнувани пред учениците и на средствата за јавно информирање на нашето училиште.

https://www.facebook.com/profile.php?id=100082920755396

За учениците што покажуваат особен успех по одделни наставни предмети се организираат натпревари на училишно, општинско, регионално и државно ниво, организирани од акредитирани здруженија. Ученичките натпревари играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот и претставуваат мотивирачки фактор за постигнување повисоки резултати во одредени области, придонесуваат да се зголеми интересот на учениците кон разни активности, да се развива натпреварувачкиот дух. Натпреварите се дел од активностите на Планот и програмата за работа со талентирани и надарени ученици.

- ➢ Во Годишните извештаи на Одделенските совети и Стручните активи се внесени постигнатите резултати од учество на учениците на натпревари, конкурси и вонаставни активности.

### *6.6 Извештај од работата на Детската организација*

Во текот на учебната 2024/2025 година, Детската организација се грижеше за создавање услови за сигурно и весело детство на ученици за време на престојот во училиште и надвор од него. Детската организација редовно соработуваше до Одделенскиот актив и се вклучуваше во сите планирани активности кои се организираат за одбележување важни датуми, ангажирање на учениците во слободното време, поттикнување на другарството, соработката и почит. На почетокот на учебната година, успешно беше организирано зачленувањето на првачињата во Детската организација преку читање на заклетвата и кратка приредба подготвена од учениците од одделенска настава.

Работата на Детската организација се реализираше во соработка со Сојузот за грижи и воспитување на деца како и со наставниците од одделенска настава.

- **Реализирана програмска активност**

1. Избор на раководство на Детска организација
2. Активности по повод „ДЕТСКА НЕДЕЛА 2024“
   ,,Правата на детето-безбеден чекор кон среќно детство
3. Прием на првачињата во Детската организација – свечена приредба

- **Постигнати цели и остварени ефекти**

1. Избрани членови на Детската организација на училиштето по предлог од учениците.
2. Продлабочени знаења за правата на детето, поттикнат интерес кај учениците за ликовно и литературно творештво. Развивање на натпреварувачки дух и меѓусебно дружење.
3. Дадено детско ветување, зачленети ученици во Детска организација, развиено чувство за припадност и меѓусебно дружење.
4. Толкување на правата и одговорностите поврзани со тие права.

**Октомври** - Активности по повод Детската Недела
-Прием на учениците од прво одделение со пригодна програма, прием на првачињата во Детската организација, активности за одбележување на 11-ти Октомври; одбележување на меѓународниот ден на штедењето 31-ви Октомври
**Ноември** -Одбележување на Месецот на книгата од 15.10-15.11;
**Декември** -Организирање на новогодишно приредби за учениците, активости по повод Патронатот на училиштето, подготовка на учениците за организирано користење на зимскиот распуст, разгледување на успехот, редовноста и дисциплината на крајот на првото полугодие од учебната 2024/25 год.
**Февруари** - Организирање акција за уредување на училишните простории
**Март** -Пригодни активности по повод 8-ми Март, одбележување на 17-ти Март денот на крводарителството, одбележување на Деновите на пролетта и екологијата
**Април** -Одбележување на Први Април-ден на шегата со пригодни активности во рамки на паралеката, одбележување на 7-ми Април денот на здравјето
**Мај** -Одбележување на 24 –ти Мај ;
**Јуни** -Разгледување на успехот, редовноста и дисциплината на крајот на учебната година; -Напатствија за правилно и рационално користење на летниот распуст;

- Цел и задачи : Работата на Детската организација ги опфаќа сите елементи на основните одредби на правата на детето, а со цел соодветно да се влијае врз правилниот психички развој на децата. Реализираните активности продонесоа за развивање на чувство за припадност, почит и дружење помеѓу учениците, како и развивање на хуманост и позитивни особини на личноста.

## 7. Ученичко организирање и учество

Ученичкиот парламент е формална институција загарантирана со закон, која им овозможува на учениците демократски начин на здружување со цел да ги застапуваат интересите на сите ученици во училиштето, како и учество на учениците во донесувањето одлуки кои директно влијаат врз нив. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. На првиот состанок се одбира претседател и заменик претседател на ученичкиот парламент. Процесот на колективно одлучување подразбира дека мислењето на секој ученик мора да влијае на конечната одлука. Кога се искажува сопствено мислење, треба да се има предвид дека и другите го имаат тоа право. Секој ученик кој очекува неговото мислење да биде сослушано и почитувано, мора да го стори тоа во однос на другите. Учеството во процесот на донесување одлуки не значи дека мислењето мора нужно да влијае на конечната одлука. Процесот на заедничко одлучување подразбира размена и соработка преку активно слушање, почитување и негување на заедничката соработка. Како координатор на работата на учениците од Ученичкиот парламент во смисла на давање насоки и помош е задолжен наставик по францски јазик Биљана Додовска Георгиев. Учениците од Ученичкиот парламент согласно планираното од годишната програма во текот на учебната година работеа на подобрување на однесувањето помеѓу врсниците и даваа предлози за изнаоѓање на нови начини на решавање на конфликтите кои водат до разни видови на насилство. Тие дадоа свој придонес и предлози за реализирање на вонучилишни активности во училиштето и одбележување на позначајни празници. Ученички правобранител е ученик кој се избира од страна на Ученичкиот парламент за да ги промовира и штити правата на учениците, да препознава повреда на детските права во рамките на училиштето и да ги пријави сите случаи на повреда до надлежните служби во и вон училиштето. Задачата на ученичкиот правобранител за промовирање на детските права се реализира преку различни активности (едукативни работилници, дебати и сл.). Реализацијата на овие активности е потпомогната од страна на стручната служба во училиштето. Втората задача на правобранителот е поддршка за заштита на детските права и информирање на учениците во училиштето. Ученикот правобранител препознава прекршување на детските права и собира поплаки од учениците.

Правобранителот редовно учествува во работата на Ученичкиот парламент.

### *7.1 Извештај за работа на Ученички парламент*

За остварување на интересите на учениците во нашето училиште се организираат во ученичка заедница на паралелките- ученички парламент. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. Првото свикување на ученичкиот парламент го оддржа директорот на училиштето. Ученичкиот парламент активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците, го промовира ученичкиот активизам, учествува во подготовката на годишната програма за работа, дава предлог-активности за годишните програми за екскурзии, дава предлози за вонnаставни активности на училиштето, како и предлози за подобрување на воспитно-образовниот процес.Освен тоа, учениците учествуваат во оценувањето на работата на училиштето, а преку свои претставници учествуваат и во советот на родители, наставничкиот совет, организираат и учествуваат во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа.На состанокот беше избран и претседателот на ученичкиот парламент и ученичкиот правобранител за прв пат во оваа учебна година кој ќе се грижат за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето.

Оваа година во однос на спроведени активности од страна на ученичкиот парламент се издвојуваат следните :

- Избор на пратеници и избор на ученик правобранител според одредбите на новиот закон за основно образование
- Активно учество на претседателот и заменикот на сите состаноци на Училишниот одбор.

- Активно учество  во одбележување на Ден на тоелранција , Ден на ретки болести...
- “Се образуваме европски за подобра Македонија “- тема на која нашите парламентаци разговараа на својата работилница по повод Патронатот на нашето училиште.
- Учениците  од 8мо и 9то одделение во беа дел од анкетата спроведена од Истражувачкиот тим од Правниот факултет при Универзитетот "Св.Климент Охридски" од Битола. Оваа анкета е дел од нивните теренски активности поврзани со Научно – истражувачкиот проект: „Врсничкото насилство во училиштата во Општина Битола“.
- Учество на работилници и предавања во соработка со МВР Битола-одржани  предавања од страна на инспектори од МВР, на тема: Превенција од зависности и насилно однесување.
- Одржано предавање за деветтите одделенија во соработка со Ученичката заедница.
  Тема: Дрога, модерен уништувач.
- Одржано предавање со актуелни теми: „Насилството меѓу младите и решавање на конфликти“ и „Последици од употребата на психотропни супстанци“, од страна на инспектор од МВР.
- Работилница за спречување на врсничко насилство.

**Ема Медаровска- претседател на Ученички парламент**
**Драган Трајковски – ученички правобраннител**

### *7.2. Извештај на ученички Правобранител*

1.Запознавање на учениците со  првата на децата.
2.Информирање на учениците на учениците за улогата на ученичкиот правобранител на нивните  права.
3.Што се права,должности и одговорности на ученичкиот правобранител.
4.Претставување на учениците пред училиштето и промоција на надлежностите на ученичкиот правобранител.
5.Прибирање на податоци за засегнат ученици и прекршени нивни права.
6.Подготовка на извештаи  пред парламентот од страна на ученичкиот правобранител.
4.Советување и охрабрување на учениците  за активно информирање во случај на повреда на нивните права.

Реализираи задачи и обврски на ученичкиот правобранител и неговите заменици:

- учество на воведна обука за улогата и обврските на ученичкиот правобранител, организирана од страна на педагошко – психолошката служба;
- промовирање на правата на детето во училиштето преку едукативни работилници, информативни настани, дебати, инфоденови;
- прибирање на преставки-поплаки од учениците (препознавање на прекршување на детските права и обезбедување заштита за почитување на детските права);
- редовна комуникација и координација со педагошко- психолошката служба
- подготовка на извештаи (полугодишен и годишен) во кои се сумираат поднесените поплаки и состојбите со прекршувањето на правата на учениците во училиштето).

### *7.3 Извештај од работата на Ученичката заедица*

**Основна цел**

Основна цел на Ученичката заедница во 2024/2025 година беше вклучување на учениците во решавањето на проблеми и донесување на одлуки во сите сегменти од воспитно-образовната работа.

**Демократски принципи**

Втора цел е оспособување на учениците да ги запознаат и практикуваат начелата на демократијата-да избираат, да бидат избирани, да донесуваат одлуки, да ги спроведуваат и да бидат одговорни за своите постапки и одлуки.

**Нивоа на функционирање**

**1. Ученичка заедница на ниво на паралелка**

Формира одделенско раководство и изготвува програма за својата работа, во која се содржани активности за надминување на проблемите во одделението кои се однесуваат на успехот, поведението, изостаноците.

**2. Ученичка заедница на ниво на училиште**

Третира актуелни прашања поврзани со возраста, интересите и секојдневието на учениците. За таа цел се планираат трибини со стручни лица, со цел да се добијат комплетни и валидни информации за тематиката.

| **Содржини** | **Активности** |
|---|---|
| Организациски и административни работи | Избор на претседателство и претседател<br>Водење на записници за работа<br>Учество во анкети и формирање на заклучоци<br>Изработка на извештај за работата на Ученичката заедница |
| Учество на учениците во воспитно-образовната работа и постигнување на подобри резултати | Следење и дискусии за успехот на учениците на квалификационите периоди<br>Соработка со наставниот кадар и стручните соработници<br>Запознавање со правилници за оценување, куќен ред, кодекси на оценување, пофалби и корективни мерки<br>Учество на натпревари и промовирање на постигнувањата<br>Предлагање на ученици и одделенија за пофалби<br>Информирање на одделенски заедници за активностите на Ученичката заедница |
| Подобрување на условите за работа во училиштето | Запознавање со Конвенцијата за правата на децата и нејзината примена<br>Обработка на теми предложени од Ученичката заедница |
| Подигање на ученичкиот стандард | Организирање собирни акции<br>Изработка на нагледни средства<br>Договор за полуматурска свеченост |
| Општествено корисна работа | Одржување на училиштето и училишниот двор- цела година<br>Изработка на украси за училниците и училиштето |
| Културно-забавен живот и рекреативни активности | Одбележување на Детската недела и Денот на учителот<br>Одбележување на Патрониот празник на училиштето<br>Одбележување други значајни датуми, историски настани итн.<br>Учество во активности и натпревари<br>Учество на манифестации<br>Посети на историски споменици и посети на музеи<br>Организирање забави |

## 8. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Нашето училиште се вклучи и води политика за позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и локалната заедница. Учениците низ работилници, предавања учеа да ја почитуваат сопствената култура и традиција како и културата на другите етнички заедници без оглед на која етничка група припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата. Воведувањето активности за меѓуетничката интеграција во образованието претставува вложување во иднината на децата и младите, затоа што им помага да станат одговорни граѓани кои знаат заеднички да живеат во мултиетничко општество и заеднички да придонесуваат за развојот на ваквото опшество. Со ова се јавува можност за непосредна комуникација и меѓусебен контакт меѓу учениците, меѓусебно запознавање и формирање интерперсонални релации, учење едни за други, едни од други, намалување на негативните стереотипи и предрасуди за другите. Со воведувањето на меѓуетничката интеграција во образовниот систем учениците пред се научија да соработуваат и комуницираат со другите, ги препознаваат и ги прифаќаат меѓусебните сличности и ги почитуваат меѓусебните разлики, градејќи меѓусебна доверба, стекнаа вештини за заедничко живеење во мултиетничко опкружување.

## 9. Проекти што се реализираат во основното училиште

Нашето училиште и оваа учебна година работеше во насока на подобрување на воспитно - образовниот процес, подобрување на материјално - техничката опременост, на квалитетно знаење, унапредување на објективното оценување и во врска со тоа превземаше активности и соработуваше преку различни проекти.

- Проект „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“

Овој проект имаза цел да ја зајакне врската ,,родител – ученик – наставник,,. Зајакнувањето на оваа врска ќе овозможи јакнење на воспитната компонента во воспитно – образовниот процес. Активностите ќе се реализираат во вид на отворени денови или викенди исполнети со соодветни настани. Во планот на активности се опфатени спортски натпревари помеѓу екипи составени од наставници, ученици и родители, организирање на музички настани, еколошки денови, организирање на базари по повод одредени празници, заеднички посети на национални музеи, галерии, фестивали...

- Проект „Училиште без насилство“

Намалување на насилството во училиштата – како да се сменат нештата. Програмата има за цел зголемување на свеста за насилството и за неговото спречување, како и за спроведување на законите за борба против насилството во секојдневниот живот. Примена на стратегии за справување со насилство во училиштата.

Интерни проекти во училиштето спроведувани од страна на наставниците и учениците во соработка со родителите

- Изградба на спортска сала во с.Долно Оризари.
- Рекострkција на кабинет по Техничко образование и информатика
- Реконструкција на кров, фасада и други градежни работи во централно, мало и училиштето во Оризари – МОН и Општина Битола.
- Соработка со Француска алијанса -Битола, Француски институт - Скопје , активности за сензибилизација и бенефит од изучување на францускиот јазик.

***9.1 Еразмус проект***

Во период од учебната 2024/2025 година беа реализирани планирни активности од Еразмус проект – HEAL THE EARTH .
Фокусот на овој проект е подигнување на свеста кај луѓето пред се младите за климатските промени и решавање на низа еколошки прашања, кои се всушност и двата глобални проблеми на светот во кој живееме.Имено учениците решаваат и реализирваат активности поделени на четири модули и тоа :земја,вода,оган и ветар .
Во месец Септември група од ученици и наставници беа дел од решавање на проблематиката со глобалното затоплување во Турција каде што работеа на климатските промени,загадувањето на животната средина (почвата ).Биодиверзитет, отпад и рециклирање.
По завршување на мобилноста своето искуство учениците го споделија со своите соученици и наставници.
Во месец Ноември повторно група на ученици и наставници беа на мобилност во Унгарија каде работеа на вториот елемент – вода т.е Важноста на водата,Недостаток на вода Загадување на водатаи како да се заштеди водата.
На двете мобилности учествуваа вкупно 8 ученици но тоа небеше пречка за останатите ученици преку низа работилници кои се одржаа во останатите месеци да го споделат своето искуство и како може да се зачува Земјата планета.
Во месец Март учениците имаа можност да бидат дел од активностите кои се реализираа во Италија заедно со своите соученици од Турција и Унгарија.Во текот на нивниот престој работеа на решавање на проблематика повзана со огнот . По завршувањето на мобилноста учениците своето искуство го споделија со своите соученици.
Овој проект заврши со мобилноста во нашето училиште,кое ги отвори вратите за наставниците и чениците од Турција,Италија и Унгарија каде заедно со нашите ученици ги реализираа активностите поврзани со темата( елемент) – Воздух
За месец Март планирана е следната мобилност во Италија каде учениците ке работат на третиот елемент а тоа е огнот
Вкупно 30 учесници имаа можност да се запознаат со образовниот систем во нашата земја и училиште ,како и со култуно историските споменици на нашиот град .
Воедно добро е да се истакне новиот Еразмус проект кој започнува од оваа година под името -ЕКО ЕДУ кој вклучува мобилност на ученици и наставници.

Координатор Соња Јанкуловска

Проект: “Со пчелите до светла иднина”.

Изминатава учебна година под менторство на наставничката по географија Анета Мицевска, во нашето училиште се одржаа 3 едукативни предавања посветени на тоа како “Со пчелите до светла иднина”. Овај настан беше подржан од Општина Битола и го надополни знањето на стотина ученици и неколку наставници за местото на пчелите во еко-системот вклучително и во нашите животи. Се потенцира нивното масовно изумирање последнава деценија и се посочија повеќе примери за нивен спас кој може секој од нас да ги примени во секојдневието.
Како дел од предавањата беа и работилниците во кои учениците добија по една капа и шоља за чај кои ги насликаја со пчелни пораки и цртежи.

Координатор Анета Мицевска

### *9.2 Антикорупциска едукација*

Со самото воведување на проектот за антикорупциска едукација уште во 2018 год. беше одржана едукациска обука на наставниците од училиштето. Беа образложени сите компоненти на едукацијата, разработени и објаснати главните поими корупција и антикорупција, суштината и целта на запознавањето со ваквата појава во општеството.

Врз основа на тоа изготвен е план за поефикасно имплементирање во наставата по предметна настава. Имено, класните раководители одделувајќи простор во одделенските часови да ги реализираат неколкуте работилници за антикорупција како и да ги анектираат во планот и програмата за одделенски час. Исто така, антикорупциската едукација е во самата наставна програма по предметот „Граѓанско образование“ во деветто одделение.

Во прилог се и извештаите како се реализирале работилниците:

**„Антикорупциска едукација на учениците“**

Првата работилница според програмата за „Антикорупциска едукација на учениците“ е реализирана со учениците од деветто одделение, со наслов „Причини и последици од корупцијата“ на која се разјаснети повеќе поими поврзани со корупцијата и преку вежбата „Линија на животот“, при што учениците се доведуваат во ситуација на дилема како би реагирале во дадената ситуација прикажана преку вежбата.

Втората по ред работилница за антикорупциска едукација на учениците е реализирана со учениците од деветто одделение под наслов „Стекнување на основни знаења за корупција и антикорупција“. Преку вежбата каде се прикажани дадени ситуации, учениците треба да определат во кој случај имаме корупција и со тоа да се провери нивото на свесност на учениците за појавата на корупција во општеството и зошто корупцијата е нагативна општествена појава.

### *9.3 Проект ЕКО*

Тимот за Екологија односно сите членови на Еко одборот,успешно ги реализираа сите планирани активности за учебната 2024/2025 година.

Во првото тромесечие од учебната година беа реализирани повеќе еколошки акции за чиста и здрава околина како и акции за уредување на училишниот двор и сите училишни згради.

Беше остварена соработка со ЈП Комуналец со чијашто помош и поддршка беа реализирани повеќе активности. Исто така се реализираа и неколку работилници во како и едукативна презентација насловена „Селекција на отпад“ и учество на покана на работилница за свесно справување со отпадот и реупотреба на истиот.

Во соработка со Општина Битола училиштето повторно се придружи кон проектот „ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД“ во кој што учествуваа сите ученици од Централното и подрачните училишта заедно со тимот за Екологија.

Во текот на учебната 2024/25 година во склоп на редовната настава и воннаставните активности фокусот беше насочен кон следните цели :

- Намалување на потрошувачката на енергија.
- Селекција и собирање на отпад.
- Зачувување на биодиверзитетот.
- Подобрување на здравјето и благосостојбата на учениците.

Целите произлегоа од потребата за промена во однесувањето на учениците кон главните актуелни еколошки проблеми и беше главниот фокус на нашите активности и промена на однесувањето со оглед на фактот дека денешните ученици ќе бидат лидери во иднина.

Во таа насока активностите преку кои ги оствaривме нашите цели беа за:

- Штедење на вода
- Заштита од загадување на водата
- Извори на енергија и нивна искористеност
- Штедење на енергија
- Изработка на упатства за рационално користење на енергијата
- Рационално користење на енергијата
- Врската помеѓу енергијата и емитувањето на карбон диоксид
- Видови на обновливи извори, и нивни предности
- Еколошки средства за одржување на хигиената
- Хигиена во училиштето
- Влијанието на човекот врз средината.
- Еколошки права и одговорности
- Редовно одржување на зелените површини и хортикултурата во дворот
- Одржување на хигиената во училишниот двор
- Влијанието на човекот врз биодиверзитетот и негово зачувување
- Растителелен свет во Северна Македонија
- Планетата денес и утре
- Органска храна, здрав живот, спорт
- Одржување на здрава животна средина

Наставниците кои работат со Еразмус проектите исто така ни обрнаа внимание:
... „Бидејќи денешните деца се идни возрасни, тие имаат повеќе шанси да ги доживеат ефектите од климатските промени. Како мерка за овие проблеми со кои се соочуваме и со кои ќе се соочиме уште полошо, главната цел на Еразмус проектот - HEAL the eart е да ја зголемиме свеста за климатските промени кај нашите ученици, нивните родители и локалното население во нашите заедници, . Сакавме нашите ученици подобро да ги разберат еколошките проблеми и да бидат поактивни граѓани на овие теми. Зголемување на нивната еколошка свест, учејќи ги вештините за одржување на поодржлив живот, за борба против еколошките проблеми. Целта ни беше да создадеме заедница која ги знае своите одговорности кон природата и кон светот.
Во текот на цела година работевме на четирите елементи -земја,вода,оган и воздух и како краен резултат изработка на четири он лине списанија кои се поставени на веб страната на проектот“

Од географската секција учениците изработија повеќе наставни средства од кои се издвојува кртата на светот од веќе искористени капачина од пластични шишина. Со тоа се потенцира потребата од реупотреба на материјалите во служба на заштитата на животната средина.

Средување кабинетот по ФЗО и реквизити во спортската сала и предавање за хигиената на спортистите.
Исто така и сите предметни и одделенски наставници ги остваруваа своите ЕКО содржини преку целата година низ нивната настава.

Учество на настан организиран од Македонското научно друштво Битола во соработка со општина Битола, во ОУ „Елпида Караманди“- интерактивна работилница за учениците од основните училишта во Битола, во кои што се поставени фотонапонски електрични централи.

**Цели на ЕКО тим:**

- Воведување на еколошкото образование во воспитно образовниот процес.
- Подобрување на условите за престој и работа во училиштето.
- Поттикнување на учениците и вработените да размислуваат и да дејствуваат еколошки

**Задачи:**

- Исполнување на 7-те чекори од програмата за Еко училиште
- Интеграција на еколошката едукација во сите предмети во одделенска и предметна настава
- Изработка на еко проекти Одбележување на значајни еколошки датуми.
-

Еко координатор Данијела Босилковска

### *9.4 ИКТ во наставата*

Во нашето училиште континуирано се применува информатичко – комуникациска технологија во наставата по секој наставен предмет во одделенска и предметна настава, со цел да се развијат специфичните ИКТ вештини кај учениците и заради унапредување и осовременување наставниот процес.

- Секој наставник одделно во своите тематски и процесни планирања планираше ИКТ содржини и истите ги реализираше во учебната 2024/25 година, па можеме да кажеме дека во голема мера беше застапена примената на ИКТ во наставата.

- Одделенските наставници и предметните наставници применуваа различни ИКТ ресурси за работа преку користење на: PPT презентации, линкови, видео фајлови, аудио фајлови, снимени часови Едуино, квизови и друго.

- Примената на ИКТ во наставниот процес се реализира на повеќе начини. Наставните часови се реализираат со употреба на ЛЦД проектор на кој се прикажуваат презентации со план за наставното градиво. Достапноста на интернетот во секоја училница овозможува пребарување по клучна терминологија за сите поими и содржини за кои учениците пројавуваат интерес.

- Употребата на ИКТ технологијата во наставата придонесува за интересен и иновативен начин за стекнување и продлабочување на знаењата. Учениците покажуваат поголема мотивираност и интерес за процесот на учење кога се во допир со ИКТ алатките.

➢ ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА – УТТП

Цел: Континуирано одржување на компјутерите во училиштето. Техничка поддршка на учениците и наставниците во работата со компјутерите.

Реализирана програмска активност:

- Превентивно оддржување на компјутерите, континуирано во текот на учебната година.
- Комплетна реализација и внесување податоци во е-дневник (ЕСАРУ).
- Индентификување и отстранување на евентуални проблеми.
- Поддршка при реализација на настава со употреба на ИКТ.

Постигнати цели:

- Правилно функционирање на компјутерскиот систем.
- Правилно функционирање на е – дневник.
- Непречено одвивање на наставата.

## 10. Поддршка на учениците

**Цели и задачи:**

- ✓ Систематско следење, евалуација и унапредување на воспитно - образовниот процес;
- ✓ Следење на успехот и поведението на учениците;
- ✓ Следење на процесот за професионално унапредување на работата на наставникот.

**Реализирана програмска активност:**

- ✓ Изготвување на годишни програми за работа на училишни тимови;
- ✓ Изработка на евидентни листови за следење и вреднување на напредокот на учениците;
- ✓ Организирани посети на часови;
- ✓ Изработка на Полугодишен и Годишен извештај за реализација на активностите;

**Постигнати цели и остварени ефекти**

- ✓ Планирање на воспитно - образовниот процес во училиштето;
- ✓ Подобрување на квалитетот на вреднувањето на знаењата (формативно и сумативно), објективно и континуирано оценување на учениците;
- ✓ Водење евиденција од набљудувани часови и извршени разговори со наставниците;
- ✓ Следење на квалитетот на реализација на наставата, поттикнување на креативен и интерактивен пристап во наставата, примена на ИКТ и диференцијација и индивидуализација во наставата;
- ✓ Увид во реализираните активности во текот на учебната година.

Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик, како и за неговиот интелектуален, социјален и емоционален развој. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските раковидители, наставниците и родителите за постигањата на учениците. Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Изготвените извештаи и анализи по паралелки се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар, а истите се целосно достапни за сите други наставници, за родителите и за самите ученици. Стручната служба изготвува извештаи на ниво на училиште и успехот се анализира на Наставнички совет. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.

Успехот на учениците се следи континуирано во текот на целата учебна година, преку формативно и сумативно оценување. Секој наставник има евидентни листови за следење на напредокот на учениците кадешто се забележуваат постигањата преку усни одговори, писмени работи, проекти, наставни листови. Сите изработки на учениците се чуваат во ученичко портфолио. Напредокот на учениците се следи преку е-дневник и портфолио. Учениците кои покажуваат солиден успех и висок пласман на натпревари се наградени од училиштето со пофалници.

Родителите најмалку четири пати во текот на годината се информирани за напредокот на нивните деца.

Исто така, можат да се информираат на приемните денови на секој наставник. Изработен е Правилник за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки кој функционира и има ефекти.
Доколку ученикот преминува во друго училиште се почитува целосна процедура. Напредокот на учениците се следи и по паралелки на секое тримесечие во учебната година.
На крај на годината учениците добиваат свидетество за постигнатиот успех.

### *10.1 Професионална ориентација на учениците*

Програмата за професионална ориентација која се спроведува во ОУ„Даме Груев“ има за цел да им помогне на учениците при изборот на средното училиште, согласно со нивните особености, способности и афинитети. Во учебната 2024/2025г програмата во училиштето, со учениците од VIII и IX одделение ја реализира стручниот соработник – психолог, во соработка со класните раководители и средните општински училишта.

***Активности за реализација на целите:***

| **1. САМОСПОЗНАВАЊЕ** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активности | Цели | Носител на активности | Форми/методи на работа | Време на реализација |
| 1.1 Поттикнување на учениците од страна на своите класни раководители, да ги откријат, истражат и испитаат своите желби, како и да ги воочат своите таленти и способности. | Да ги идентификуваат своите способности, потенцијали, ставови, верувања, интереси, лични цели, вредности, вештини. | Класните раководители на VIII и IX одделение, Психолог. | Разговори Работилници Проекти. | 2024/2025г VIII, IX одд. |
| 1.2 Реализација на теми за професионална ориентација од наставната програма по Граѓанско образование. | Се стекнат со повеќе детали и увид во можностите за образование и избор на професија кои се во согласност со нивните интереси. | Предметниот наставник по Граѓанско образование. | Реализација на теми од наставната програма. | 2024г IX одд. |
| 1.3 Спроведување на RIASEC тест со учениците од IX одд. | Преку пополнување на работниот лист, учениците да дознаат која е најсоодветната кариерна патека за нив, според нивните интереси. | Психолог. | Работен лист за интереси RIASEC тест. | Февруари 2025г. IX одд. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **(2) И (3) ИНФОРМИРАЊЕ И ПРЕБАРУВАЊЕ ЗА ВИДОВИ ПРОФЕСИИ И МОЖНОСТИ ЗА ШКОЛУВАЊЕ** | | | | |
| 2.1 Учениците учат да пребаруваат и прават селекција така што самостојно собираат релевантни информации од интернет и други извори. | Развивање способност за ориентација со самостојно прибирање и критичко соочување со информациите кои се релевантни за избор на образование. | Ученици | Интернет портали, списанија, брошури.<br>Веб страници на училиштата. | II полугодие 2025г.<br>IX одд. |
| 3.1 Информирање на учениците за мрежата на средни училишта, занимањата кои се изучуваат во рамките на истите и условите за запишување. | Се информираат за различни видови училишта и струки. | Психолог<br>Класни раководители. | Интернет пребарувања. | II полугодие 2025г.<br>IX одд. |
| 3.2 Информирање за конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2025/2026 година. | Информирање за конкурсот за запишување во средно образование објавен од МОН. | Психолог<br>Класни раководители. | Веб страната на Министерството за образование и наука. | Март 2025г<br>IX одд. |
| **4. РЕАЛНИ КОНТАКТИ И СРЕДБИ** | | | | |
| 4.1 Презентација на приватното средно училиште „Јахја Кемал“ пред учениците од IX одд. | Промотивна кампања за упис на идни средношколци. | Претставници од средно училиште<br>Психолог | Презентација<br>Брошури. | 4ти Април 2025г.<br>IX одд. |
| 4.2 Презентација на СОЕУ „Јане Сандански"-Битола на учениците од IX одд. | Промотивна кампања за упис на идни средношколци. | Претставници од средно училиште<br>Психолог | Презентација<br>Брошури. | 9ти Април 2025г.<br>IX одд. |
| 4.3 Презентација на приватното средно училиште „SABA“ | Промотивна кампања за упис на идни средношколци. | Претставници од средно училиште<br>Психолог | Презентација<br>Брошури. | 13ти Мај 2025г.<br>IX одд. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4.4 Присуство на отворен ден на средното медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи“ Битола | Презентирање на образовните профили и насоки, запознавање со просториите и опремата со кои располага училиштето | Претставници од средно училиште Класни раководители Психолог | Презентација Брошури. | 15ти Мај 2025г. IX одд. |
| 4.5 Презентација на СОУ ,,Таки Даскало"-Битола на учениците од IX одд. | Промотивна кампања за упис на идни средношколци. | Претставници од средно училиште Психолог | Презентација Брошури. | 20ти Мај 2025г. IX одд. |
| 4.6 Презентација на средното техничко училиште „Ѓорѓи Наумов“ Битола на учениците од IX одд. | Промотивна кампања за упис на идни средношколци. | Претставници од средно училиште Психолог | Презентација Брошури. | 30ти Мај 2025г. IX одд. |
| 4.7 Присуство на отворен ден на Гимназијата „Јосип Броз Тито“-Битола | Презентирање на образовните профили и насоки, запознавање со просториите и опремата со кои располага училиштето | Претставници од средно училиште Класни раководители Психолог | Презентација Брошури. | 2ри Јуни 2025г. IX одд. |
| **5. ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКА** | | | | |
| 5.1 Индивидуални разговори со учениците од IX одд. | Преку индивидуални разговори со секој ученик, за правилен избор на понатамошно образование. | Психолог Ученици. | Разговори. | II полугодие 2025г. IX одд. |
| 5.2 Донесување на одлука. | Учениците кои учествувале во програмата за професионална ориентација, да бидат оспособени самостојно да донесат одлука за избор на средно образование и идна професија. | Ученици | | Јуни 2025г. IX одд. |

Координатор: Габриела Ристевски – психолог

### *10.2 Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација*

Во текот на учебната 2024/2025 год. се реализираа превентивни програми од неколку позначајни области како што се спречување на насилствата во училиштата, спречување дискриминација, заштита на учениците од заразни болести, заштита на учениците при вклучување во сообраќајот, превентивни програми како дел од програмата за животни вештини, болести на зависност, асоцијално однесување, соработка со установи за безбедност и социјална грижа. Училиштето има изготвено програма за превенција на насилно однесување, со цел намалување на асоцијалното и насилното однесување, обезбедување сигурност и доверба меѓу учениците, зголемување на степенот на меѓусебно разбирање и толеранција, оспособување за решавање конфликтни ситуации, во кои учествуваат учениците преку индивидуални и групни активности. Училишниот тим за намалување на насилното однесување на учениците прави детектирање на видовите насилно однесување во училиштето, местата каде се случуваат и презема соодветни мерки за нивно сузбивање и намалување. Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа со учениците-жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување, како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави. Директорот на училиштето е должен да го пријави до надлежните институции секој облик на насилство, злоупотреба или занемарување сторено врз ученик од страна на друг ученик, родител/старател, наставник, стручен соработник или кое било друго лице вработено во училиштето. Во соработка со родителите и релевантни институции се спроведуваат активности во училиштето во кои учествуваа родителите, учениците и наставниците, со цел да се придонесе за подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците.

Во текот на оваа учебна година се реализираа: предавања, разговори и работилници на часот по одделенска заедница, со стручните соработници, со одделенските раководители и со надворешни стручни лица во врска со превентива од болести (заштита, зараза, зависност).

На иницијатива на БРО, Стручните соработници се вклучени со активности за подобрување на безбедноста и добросостојбата на учениците преку работилници за унапредување на менталното здравје.

- Реализирана е обука и дисеминација на проектот ,,Образование на човекови права за превенција на детско престапништво".

Нашите млади едукатори мотивирани за да научат повеќе за темата „Врсничко насилство" дадоа придонес за негово спречување и намалување преку серија предавања, отворени да ги споделат стекнатите знаења и искуства со своите врсници во училиште со цел подигање на свеста за оваа појава и нејзино намалување. врснички едукатори:

- ✨ Ема Христова, 9-то одд.
- ✨ Ема Медаровска, 9-то одд.
- ✨ Драган Трајковски, 9-то одд.
- ✨ Ива Нојков, 8-мо одд.
- ✨ Марија Крстевска 8-мо одд.
- ✨ Мерт Рустемов 8-мо одд.
- ✨ Сергеј Михајловски 8-мо одд.
- ✨ Матеа Бејковска 8-мо одд.
- ✨ Тамара Сотировска 8-мо одд.

Предавањата се организирани и реализирани од страна на нашите врснички едукатори пред нивните соученици од деветто одделение, осмо одделение, седмо одделение и дел од учениците од шесто одделение и целосно поддржани од стручната служба.

Нашето училиште активно се вклучи во проектот „Врсничка школа против врсничко насилство", проект на Младинска асоцијација ИМКА Битола кој имаше за цел да ја подигне свеста за врсничкото насилство преку едукација на ученици. Учениците се обучуваа да станат врснички едукатори, учеа за видови насилство, стилови на комуникација и ненасилни методи на решавање конфликти.

Стручните соработници реализираа активности/работилници за подобрување на безбедноста и добросостојбата на учениците.
Цел: поддршка и помош во унапредување на добросостојбата и менталното здравје на учениците.

Изработен е Интерен протокол за постапување во ситуации на насилство во училиштето

- Контакт лице во училиштето за пријавување на насилство
  Јасмина Андреева – педагог

- Заменик контакт лице во училиштето за пријавување на насилство
  Габриела Ристевски – психолог

- Контакт: email - sluzbaoudamegruev@gmail.com

## 11. Оценување

### *11.1 Видови оценување и календар на оценувањето*

Следењето на постигањата и оценувањето на учениците е формативно и сумативно, врз основа на стандардите за оценување и усолгасените критериуми изготвени на ниво на училиште и од страна на секој наставник.
Следењето на постигањата и оценувањето во училиштето се врши континуирано во трите воспитно-образовни периоди со тоа што:
-во првиот период (I-III одделение) учениците, беа оценети описно;
-во вториот период (IV-VI одделение) учениците на крајот на прво полугодие добиваа известување за успехот со описни оценки.
-во третиот период (VII-IX одделение) учениците се оценуваа бројчано.
Оценувањето се врши според изготвена Постапка за оценување на учениците, а во текот на учебната година се вршат анализи на успехот, поведението и редовноста на учениците по паралелки, наставни предмети, како и споредбени анализи на ниво на училиште.
**Цели:** Систематско следење и унапредување на воспитно - образовниот процес, успехот и поведението на учениците и процесот за професионално унапредување на работата на наставникот.

### *11.2 Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар*

Директорот и стручната служба во текот на учебната година извршија увид во начинот на планирање на годишните програми на наставниците и во реализација на наставата, преку стручни посети и следење со инструмент кој ги мери различните аспекти во наставата, во дадена временска рамка во текот на учебната година. Исто така континуирано вршат увид во реализацијата на вонаставните активности и друга стручно – педагошка дејност.

Преглед на реализирани активности за стручни посети

- ✓ Проверка на годишни програми - Директор, стручна служба
- ✓ Посета на часови за редовна настава –Директор, стручна служба
- ✓ Посета на часови за додатна и дополнителна настава - Директор, стручна служба
- ✓ Проверка на дневни подготовки –Директор, стручна служба
- ✓ Посета на вонаставни активности - Директор, стручна служба

### *11.3 Педагошка евиденција и документација*

Во текот на целата учебна година тимот за проверка на педагошка евиденција и документација континуирано ја следеше и проверуваше педагошката документација (е-дневници, главни книги, евидентни листови и свидетелства). Целта беше навремено откривање и корекции на сите пропусти при водење на педагошката евиденција и документација. Ангажираноста на тимот придонесе за создавање навики кај наставниците од одделенска и предметна настава за редовно, точно, прецизно и последователно запишување на: часови, изостаноци, посети, родителски средби, оценки, планирани и реалзиирани тестови, активности итн. Крајниот резултат е правилно и континуирано водење на педагошка документација.

### *11.4 Тим за проверка на педагошка евиденција и документација*

Членови на тимот:
Елена Богоевска – претседател; Христина Апостоловска; Мануела Талевска; Кристина Петровска; Љупка Здравевска; Биљана Д. Георгиев; Наташа Настевска; Даниела Талевска; Елена Илиевска

**Цел и задачи:**

- Континуирано следење и проверка на педагошката документација: електронски дневници на паралелки, главни книги, ученички легитимации, евидентни листови и свидетелства.
- Навремено откривање и корекции на сите пропусти при водење на педагошката евиденција и документација.
- Создавање навика кај наставниците од одделенска и предметна настава за редовно, точно, прецизно и последователно запишување на: часови, изостаноци,

посети, родителски средби, оценки, планирани и реализирани тестови, активности итн.
- Подобрување, усовршување, правилно и редовно водење на педагошката документација

Извештајот се однесува на учебната 2024/2025 година и е во согласност со програмата за работа на тимот.

Во текот на првото полугодие беа извршени проверки на е-дневник во септември и декември 2024 год. и тоа внесување на наставни содржини, дополнителна и додатна настава, во соодветен период оценки и тековно останати активности, родителски средби и сл. се со цел точно, навремено и прецизно внесување на податоци во дневниците, известување на наставниците за постоечките неправилности, укажување на правилно понатамошно водење на педагошката документација и навремно реагирање до одделенските раководители и предметните наставници.

Во текот на септември и октомври се изврши и проверка на матичните книги со акцент на проверка на информациите за запишаните првачиња.

Пред почетокот на второто полугодие беа поделени активности и задачи за секој од членовите за поефикасно функционирање на овој тим. Во текот на второто полугодие беа извршени проверки на е-дневници во периодот од јануари до март 2025 година.

Во текот на месец јуни се изврши проверка и споредба на податоци внесени во дневник, матична книга и свидетелство така што евентуалните пропусти се навремено забележани и поправени согласно со правилникот. Се вршеше проверка на внесени наставни содржини, дополнителна и додатна настава, во соодветен период оценки и тековно останати активности, родителски средби и сл. се со цел точно внесување на податоци во дневниците, известување на наставниците за евентуалните неправилности.

Извештај разгледан по содржини (делови) онака како што се распоредени и содржините во дневникот.

**Содржина 1.** План според кој се изведува наставата, е во ред во сите паралелки и одделенија, и во централното и подрачните училишта, внесено од септември 2024 до јуни 2025.

**Содржина 2.** План за писмено проверување на постигањата на учениците- секој наставник соодветно планира писмени проверки за тековната учебна година, датумот на нивна реализација е внесен.

**Содржина 3.** Податоци за учениците/Преглед на изостаноци е во ред во сите паралелки, и во централното и подрачните училишта.

**Содржина 4.** Распоред на часови (внесено од страна на сите одделенски раководители на почетокот на учебната година). Дополнителни промени во распоредот се испечатени на лист со потпис и печат и се чуваат во секој дневник.

**Содржина 5.** Оценки и поведение. Внесено заклучно со наставничките совети од месец ноември - оценки за тромесечје во паралелките со бројчано оценување: VII, VIII и IX одд, и во паралелките со описно оценување I-VI одделение, втори оцени во месец ноември и декември - тековно, и полугодишни оцени, описни од I-VI одд и бројчани за ученици од VII, VIII и IX одделение. Трето тромесечје описно се оценети I-VI одделение, додека бројчано VII, VIII и IX одделение. На крајот на годината бројчано се оценети од IV до IX одделение, а од I до III одделение – описно. Оцените се внесуваат редовно и во централното и подрачните училишта.

**Содржина 6.** Работа на час- се внесува континуирано (секојдневно)

**Содржина 7.** Преглед на изостаноци - наставниците редовно ги внесуваат отсутните ученици, па следствено на тоа и изостаноците се регулираат тековно.

**Содржина 8:** Паралелка (дополнителна настава и друга помош, додатна и консултативна настава и домашна работа)
Наставниците редовно ги внесуваат содржините за дополнителна и додатна настава за секоја паралелка соодветно.
**Содржина 9.** План за организирање на истражувачка работа, евиденција за: слободни ученички активности, воннаставни активности и ученички натпревари, општествено корисна работа, здравствена заштита на учениците, состаноци со родители/соработка со родители, состаноци на наставниците од одделенскиот совет - се внесува тековно.
**Содржина 10.** Евиденција за реазлизирани одделенски совети и родителски средби, се пополнува тековно. Преглед на број на реализирани часови по секој предмет и Преглед на податоци на дневник на паралелка се наменети за крајот на учебната година и се уредно внесени.

## 12. Безбедност во училиштето

Цели:

- Согледување на проблемите и потребите на училиштето во случај на елементарни непогоди.
- Оспособување на учениците, наставниците и друг вработен персонал за ефикасно да одговорат во дадена вонредна ситуација.

Училиштето има изготвено план за евакуација на учениците и вработените во случај на елементарни непогоди во кој секој од вработените има своја улога и задолженија. За поголема безбедност и ефикасност при евакуација, училиштето има изготвено скици на просториите на соодветниот спрат на кои се означени и правците за безбедно движење и најбрзо напуштање на училиштето. Во случај на елементарни непогоди (поплави, пожари, земјотреси, енормни врнежи од снег и друго) училиштето со тимот за справување од елементарни непогоди врши пробни евакуации. Училиштето е опремено со ПП-апарати и истите се поставени на видливо место. Во училиштето има прибор за прва помош во случај на повреда на ученик или вработен да се укаже прва помош.

- По повод активностите за одбележување на 8-ми Мај, Светскиот ден на Црвен крст и Црвена Полумесечина во соработка со ТППЕ Битола, Итна Медицинска Помош - Битола, Министерство за внатрешни работи - СВР Битола, Дирекција за заштита и спасување, Центар за управување со кризи се одржа Симулациона вежба со главна цел проверка на капацитетите на ОУ „Даме Груев“ - Битола во случај на пожар и проверка на функционалноста на планот за евакуација во случај на катастрофи.

## 13. Грижа за здравјето

Значајна задача на училиштето е да води грижа за физичкото, менталното, емоционалното, социјалното здравје на учениците, а тоа се остварува и се реализираше преку плански и организирани активности:

- обезбедување здрава училишна клима;
- информации за здрав начин на живот низ разни едукации и работилници во

соработка со релевантни институции и стручни лица како и во соработка со Советот на родители;

- здрав начин на живот;
- подобрување на хигиенските услови;
- спортски активности, излети;

Целта на ова подрачје е оспособување на учениците, наставниците во училиштето за поздрав живот преку спроведување и поддржување на здравствена едукација низ различни форми, содржини и активности.

Негувањето и чувањето на психо-физичкото здравје на учениците е обврска на сите субјекти во училиштето и општеството во целост. Во оваа ситуација беше ставен акцент на советодавната функција на одделенскиот раководител и вклученоста на стручната служба за надминување на емоционалните потешкотии, неприфаќањето и стресните состојби кои се појавија во овој период, и кои се јавија како пречка кај некои ученици за правилен емоционален развој на личноста на ученикот. Ова подрачје опфати активности со кои се обезбеди здрава и безбедна училишна и животна средина овозможувајки континуирано информирање на учениците за значењето на здравјето. Училиштето води грижа за здравјето на учениците имплементирајќи содржини кои се раелизираа низ задолжителната настава, одделенскиот час, едукативни пртезентации, во воннаставни активности.

Содржина на активности:

- Девијантни појави во училиштето и справување со истите;
- Едукативни работилници на тема насилство;
- Едукација за стекнување на хигиенски навики;
- Совети на учениците за нивно постојано одржување на лична хигиена;
- Заштита на учениците од зависностите дрога, тутун и алкохол;
- Здрава и правилна исхрана;
- Систематски прегледи кај учениците;
- Стоматолошки прегледи;
- Едукативни предавања и работилници за промените кои настануваат за време на пубертетот на девојчињата.

### *13.1 Тим за превенција од болести на зависност*

Цел и задачи:

- Подигање на свеста кај учениците и вработените за безбеден престој во училиштето и училишниот двор;
- Спречување на несоодветно однесување од страна на учениците, за време на одморите;
- Пристојно однесување на учениците на часовите при реализација на наставата;

Одделенските раководители ги информираат учениците (на одделенскиот час, на состаноците на одделенската заедница) дека во училиштето од педагошко-психолошката

служба можат да добијат стручна помош, информација во врска со воспитно-образовната работа или решавање на проблеми актуелни за нивната возраст – всушност педагогот и психологот вршат советодавна инструктивна работа со учениците.
Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции која подразбира дека во училиштето (училниците, канцелариите, тоалетите, училишниот двор) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба, не се консумира алкохол, и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции.
Во соработка со локалната заедница, МВР, невладините организации и други, училиштето редовно спроведува работилници и предавања на тема спречување на користење на цигари, алкохол, дрога и други опојни супстанци.

На часот на одделенска заедница одделенскиот раководител според програмата за Образование за животни вештини реализира наставни содржини и работилници кои опфаќаат и теми од справување со конфликтите и насилничкото однесување..

Согласно Еко-програмата учениците реализираат активности за здрава храна со цел подигање на свеста за поголема грижа за своето здравје. Училиштето соработува со родителите и други релевантни институции во обезбедување грижа за сите ученици и настојува во потикнување на соучениците во пружање помош и соживот во училиштето.

Грижата за здравјето на учениците во еден дел е испланирана во воннаставното подрачје за грижа за здравјето на учениците. Во соработка со здравствените установи се вршат редовни систематски прегледи на учениците и редовна имунолошка заштита (вакцинација).

Учениците континуирано или по потреба се информираат за етиологијата и начините на ширење на заразните болести ( ХИВ СИДА) и начините за превенција од нив, за болестите на зависност (наркоманија, алкохолизам,никотинизам ) и др.
Реализирана програмска активност:

- Донесување програма за работа;
- Разгледување на донесениот Кодекс за ученици кои следат настава;
- Работилници и предавања за основните проблеми кои настануваат со употреба на алкохол, цигари и наркотични супстанции и превентивни активности;

Постигнати цели и остварени ефекти:

- Безбедна училишна средина;
- Почитување на кодексот за однесување на учениците при реализација на настава;
- Запознавање на членовите на тимот со превентивни активности за несоодветно однесување кај учениците и навремено спречување.

Целна група: Ученици I- IX одделение

Координатор на тимот Јасмина Андреева, стручен соработник-педагог

### *13.2 Хигиена во училиштето*

Хигиената е важен сегмент во работата и активностите во училиштето се со цел да се овозмохи безбеден престој на учениците и пријатна атмосфера за работа во училиштето. Во овој период училиштето направи проценка и изработи план за хигиена. Планот содржи термини за чистење со давање акцент на хигиената во училиштето. Пред започнувањето на учебната година училиштето беше детално исчистено и дезинфицирано. Пред влезовите беа поставени средства за дезинфекција.

Постојано се работеше и се преземаа повеќе активности за подобрување на хигиената во училиштето и во сите училишни простории. За таа цел континуирано се спроведуваа следните активности:

- Постојано чистење на подовите во ходовите и училниците;
- Чистење на санитарните јазли после секој одмор на учениците;
- Поставување течен сапун во сите тоалети;
- Чистење на работните површини, дезинфицирање;
- Употребување квалитетни санитарни средства;
- Водење грижа од страна на дехурните наставници;
- Проветрување на просториите.

Училиштето постојано и навремено набавуваше соодветно количество на средства за дезинфекција на рацете, средства за површините во училишната зграда. За таа цел беше формиран и тим кој се грижеше за хигиената во училиштето која секогаш да е на ниво со прифатливи стандарди и беше ставен акцент на безбедно работење и работна средина, безбедно учење, целосен опфат на сите ученици нивна добросостојба/заштита.

- 13.03.2025 година извршена е дезинфекција, дезинсекција и дератизација во ПУ-с.Долно Оризари и ПУ-с.Карамани.
- 14.03.2025 година, извршена е дезинекција, дезинсекција и дератизација во Централно училиште.

### *13.3 Систематски прегледи и вакцинирање*

Училиштето соработуваше со здравствени установи заради спроведување на здравствена заштита на учениците, посебно во вршењето на лекарски прегледи на децата кои се запишуваат во прво одделение, спроведувањето на редовните систематски лекарски прегледи и вакцинации согласно закон. Училиштето задолжително го информираше родителот односно старателот на ученикот за спроведувањето на редовните систематски лекарски прегледи и вакцинациите. Програмата на училиштето за грижа на здравјето на учениците опфаќа реализација на програма за вакцинација на учениците, систематски прегледи, стоматолошки прегледи на забите, предавања, работилници за унапредување на здравјето, грижа за личната хигиена и хигиената на училиштето.

Оваа програма за грижа за здравјето на учениците ја реализираат сите вработени во училиштето, наставници, стручна служба, ученици, родители во соработка со училишниот тим за грижа за здравјето на учениците согласно програмата на ЈЗУ Здравствен дом – Битола.

- **На 13 Мај 2025 година во нашето училиште беше извршен санитарен преглед на сите вработени во просториите на училиштето.**

# 14.Училишна клима

### *14.1 Дисциплина*

За успешно функционирање и работење на училиштето се водеше грижа и се поттикнуваше работна атмосфера. Тоа се реализираше и се споведуваше преку пофалби, истакнувања, од страна на училиштето и спроведување на педагошки мерки како инструмент за канализирање на несоодветни појави. Постои работна атмосфера за време на наставата со исклучоци, но сепак наставниците водеа гриха за однесувањето и безбедноста на учениците за време на часовите. Училиштето има пропишани педагошки мерки кои се применуваат при отстапувања во однесувањето и редовноста на учениците. Кога е потребно покрај редовните совети се свикуваат и вонредни совети по барање на одделенскиот раководител или предметниот наставник со цел за изнаоѓање соодветно решение поради детекција на соодветен проблем (несоодветно однесување во училиштето, невклучување во наставата од далечина, исклучување на соученик и наставник). При примена на педагошките мерки се следи понатаму однесувањето на ученикот и постојано му се дава совети кои ке му користат да го надмине несоодветното однесување.

### *14.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето*

Во училиштето се води грижа за функционалното и естетско уредување и одржување на просторот, во согласност со возраста на децата. Наставниците и учениците придонесуваат за уредувањето на училиштето со свои изработки, проекти и презентации, со цел подобар изглед и функционалност, водејќи сметка за мултикултурализмот во училиштето. Наставниците и учениците се грижат за ентериерот во училниците, додека тимот за естетско уредување е одговорен за уредувањето на ходниците и влезниот простор. Сите простории во училиштето функционално ги задоволуваат потребите на учениците и наставниците, со што се овозможува непречена реализација на наставата.

### *14.3 Етички кодекси*

За успешна работа, соработка и напредување на секој поединец и училиштето како целина, сите засегнати учесници на училишното функционирање почитуваа соодветни етички кодекси. Тие се донесени врз основа на Законот за основно образование. Редовно на почетокот на учебната година сите субјекти се потсетуваа на основните правила од кодексите.

Со овие кодекси се опфатени основните барања и начела што го определуваат професионално - етичкото однесување на наставниците. Училиштето располага и со механизми за справување со непочитувањето на правилата пропишани во кодексите.

Овие барања и начела можат да се дополнуваат, проширувааат и усовршуваат.

### *14.4 Односи меѓу сите структури во училиштето*

Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето остваруваат формални и неформални средби.

Односите меѓу вработените и со учениците се регулирани со посебни Правила на однесување на сите структури (Куќен ред), вработени и учениците посебно. Училиштето има демократски формирана ученичка заедница како и одделенски заедници преку кои учениците навремено и целосно се информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи. Училиштето презема добро испланирани активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрувањето на воспитно – образовната работа на училиштето на сите нивоа. Родителите се добредојдени активно да се вклучат во наставниот процес. Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални родителски средби и приемни денови, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање. Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставниците на родителите во Училишниот одбор кој вклучува можност за кандидирање и истите доследно ги применува.

Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигање на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители во пишана форма. Родителите сечувствуваат добредојдени во училиштето. Доказ за вклученоста на родителите на учениците во животот и работата на училиштето е и изборот на родители во Совет на родители на ниво на паралелка, Совет на родители на ниво на училиште и членови од Советот на родители во Училишниот одбор.

## 15. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Цел: Вклучување на наставнниот кадар во обуки, семинари и други активности што овозможуваат континуиран професионален развој, ефикасна настава и подобрување на професионалните компетенции на наставниците и стручните соработници.

Работа во согласност со барањата на современата настава.

Размена на стекнати искуства и добри наставни практики со останатите наставници.

Реализирана програмска активност:

- Изработка на Личен план за професионален развој.
- Идентификувани потреби за личен професионален развој, користејќи ги резултатите од саморефлексијата.

### *15.1 Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар*

Професионалниот развој води кон кариерно напредување на воспитно-образовниот кадар. За квалитетна настава, потребно е континуирано едуцирање на наставниот кадар. Потребите и приоритетите за професионален развој на образовниот кадар произлегуваат од детектираните состојби од самоевалуацијата, интегралните евалуации и новините и насоките дадени од Министерството и основачот, како и од извештаите од работата на училиштето и наставниците. Наставниците редовно ги следат сите обуки и семинари организирани или поддржани од МОН и БРО, а дел од нив и самостојно се усовршуваат. Секој наставник на ниво на актив ги изнесува личните потреби за професионален развој, кои потоа се проследуваат по хоризонтала и вертикала. Во нашето училиште постои тим за професионален развој на наставниците, составен од директор, стручни соработници и претседатели на активи.
Професионалното усовршување на наставниците се остварува преку акредитирани програми за обука, преку проекти одобрени од Министерството, интерно стручно усовршување во училиштето, меѓуучилишни тимови за учење и преку индивидуални форми на учење. Во рамки на континуираното стручно усовршување, наставниците се обврзани да посветат најмалку 60 часа на обуки во текот на три учебни години, со најмалку 40 часови учество на акредитирани програми за обука. По утврдување на потребите за професионалниот развој на вработените, се планира организација и реализација на интерни обуки, семинари, работилници, дисеминации на новини и др. Во училиштето се изработува годишен план за професионален развој на наставниците, задолжително се реализира дисеминација и се изработува извештај проследен со евалуација, од каде ќе произлегуваати наредните потреби за професионален развој.

- **Бирото за развој на образованието во согласност со своите надлежности на 30.04.2025 година од страна на овластени лица-советници изврши увид во училиштето.**

## 16. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

Посебно внимание се посветува на соработката со родителите преку индивидуални средби, разговори, родителски средби, состаноци со Советот на родители и Училишниот одбор. За таа цел, беа изработени програми за реализирање на содржините и активностите, а Советот на родители дава посебен придонес во унапредување на соработката. Родителите имаат можност да даваат свои предлози за подобрување на работата, да ја детектираат состојбата на училиштето, со цел подобрување на условите за работа. Исто така, родителите се вклучуваа во изведување разни активности, при што се земаа во предвид нивните предлози, мислењата и сугестии.
Родителите редовно беа информирани за наставниот процес од страна на директорот, наставниците и стручните соработници.
Се реализираше соработка со родителите во инклузивниот тим за работа со ученици со потешкотии во развојот и за напредување на талентираните и надарените ученици.
Со цел да се подобри соработката на училиштето со родителите, тие се вклучуваа во разни манифестации и промоции на училиштето, работилници, проекти, спортски настани, прослави, приредби и друго.

### *16.1 Едукација на родителите/старателите*

Едукацијата на родителите се реализираше преку Советот на родители, едукативни предавања, реализирани на општите родителски средби, разговори и советувања. Во училиштето се реализира Програма за советување родители, со која родителите се советуваат и едуцираат како да им помогнат на своите деца во надминување на проблемите и подобрување на училишниот успех.

Стручните соработници и наставниците во текот на учебната година спроведуваат советодавно-консултативни разговори со родителите и вршат едукација на родителите на учениците кои имаат слаб успех, голем број изостаноци, изречени педагошки мерки, како и оние кои имаат асоцијално однесување. Училиштето редовно ги известуваше и едуцираше родителите преку соопштенија,
брошури, флаери и групни и индивидуални средби.

### *16.2 Вклученост на родителите во животот и работата на училиштето*

Училиштето од година во година забележува голем напредок на полето на соработка со родителите, која не се сведува само на информирање на родителите туку и нивно поголемо ангажирање на организационо поле, учество во проекти, работилници, хманитарни акции, манифестации, донесвање одлки во работата на училиштето

| | |
|---|---|
| *Во животот и работата на училиштето* | Учество преку Совет на родители:<br>Советот на родители фнкционира по претходно изотвен план и програма.<br>Ги поттикнва родителите да чествуваат во процесот на донесување одлуки и решенија, давање идеи кои ќе се во интерес на подобрување на работата на чилиштето од секаков аспект, како и реализација на истите.<br>Ги детектира состојбите- условите за работа во училиштето и дава идејни планови за подобрвање на истите<br>Учеството во одлучувањето (раководењето) прек членовите во училишниот одбор. |
| *Во процесот на учење* | Родителите имаат можост за увид во планирањата од секаков вид, со тоа доколку сметаат за потребно можат да се вклчат со нивни мислења и сугестии.<br>Им даваат поддршка на наставниците во реализација на зацртаните планови за: имплементирање на новитети, поголем напредок на учениците со посебен акцент на учениците со потешкотии во развојот и учењето и ученици со нагласен талент во одредени области.<br>Помагаат при набавка на наставни средства, помагала и материјали за учениците кои доаѓаат од семејства кои припаѓаат на социјално загрозена катеорија.<br>Имаат можност да чествуваат во креирање на средина за учење. |
| *Во активностите во училиштето* | Родителите имаат активна улога во давање иницијативи и се вклчени во организирање на воннаставни активности на училиштето: манифестации, работилници, натпревари, екскрзии, прослави, приредби, надгледни активности во рамки на различни наставни предмети. |

| | |
|---|---|
| *Во донесување одлуки* | Преку Советот на родители и чилишниот одбор, родителите се вклучени во донесвање одлки од секаков карактер кои се во својство на напредвање и подобрвање на воспитно-образовниот процес и целокупната работа на училиштето. |
| *Едкација на семејствата* | Се организира преку предавања, работилници за родители, вклучување во проекти и хуманитари акции, училишен весник, соопштенија, брошури, флаери и слично.<br>Се организира советување за родители согласно Закон за основно образование. |

## 17. Комуникација и промоција на основното училиште

Цели и задачи: Промовирање и маркетинг на училиштето како и на целокупните училишни активности. Рекламирање, промовирање, изработување на промотивен материјал за најзначајните училишни активности.
Информирањето на родителите и јавноста за случувањата во училиштето и постигнувањата на учениците се остварува преку повеќе форми и тоа:

- ✓ Информации истакнати на огласните табли во училиштето;
- ✓ Информации дадени за време на родителски средби;
- ✓ Информации дадени за време на приемни денови;
- ✓ Информации дадени од претставниците во Советот на родители и претставниците на Училишниот одбор;
- ✓ Информации објавени во училишниот весник „Ученички збор“;
- ✓ Информации наведени во евидентниот лист за постигањата на ученикот;
- ✓ Информации објавени на веб страната на училиштето: https://oudamegruevbt.wordpress.com
- ✓ Информации објавени на Facebook страна на училиштето;
- ✓ Информации од проекти и настани (прием на првачиња, Еразмус +, хуманитарни акции и др.)
- ✓ Информации наведени во брошурата за училиштето.

Реализирани програмски активности:

- ✓ Промовирање на училиштето преку ТВ станици, весници, електронски медиуми;
- ✓ Промовирање преку ВЕБ страната на училиштето и Facebook страната;
- ✓ Прием на првачиња;
- ✓ Промовирање на училиштето преку учество и освоени награди на учениците и наставниците на повеќе ликовни и литературни конкурси на општинско,регионално, државно и меѓународно натпреварување како и различни манифестации и воннаставни активности;
- ✓ Промоција преку Еразмус + проектот;
- ✓ Одбележување на Патрон празник на училиштето.
- ✓ „Ученички збор“ – Училишен весник кој традиционално се издава по повод Патрониот празник на чилиштето.

## 18. Соработка со надворешна средина

**Соработка со други образовни институции:**

Училиштето во оваа учебна година имаше соработка со:

- ✓ МОН при доставување на Годишната програма на училиштето, Годишниот извештај за работата на училиштето и тековна соработка при воведување и реализација на сите промени, укажувањата и новините кои произлегуваат од министерството;
- ✓ БРО за унапредување на наставата, наставните програми, посета на обуки и семинари на наставниот кадар и др.;
- ✓ Државен просветен инспекторат и Општинскиот инспекторат и активот на директори на ниво на општина за низа консултации, размена на искуства, тековни прашања и разни настани;
- ✓ основните училишта за наставни и вонаставни активности (спортски натпревари и натпревари од други подрачја, литературни читања, размена на искуства помеѓу наставниците, проекти, конкурси и др.);

**Локална заедница:** (локална самоуправа, бизнис заедница, месното население)

Училиштето воспостави соработка со локалната самоуправа и Градоначалникот на Општина Битола. Се предвидуваа состаноци, средби по однос на набавка на наставни средства и помагала, учество во манифестации, проекти и приредби од страна на локалната самоуправа и училиштето.

Се остваруваа и посети на институции и бизнис-компании во локалното опкружување.

Се промовираа постигнати резултати од различен вид, промовирање на проектни активности и др.

**Институции од областа на културата:**

Учениците учествуваа на литературни, ликовни конкурси и реализираат посети на културно-историски споменици, музеи, изложби и слично.

Редовно се остваруваше соработка со други културни институции како што е Центарот за култура Музеј на град Битола, Битолскиот театар и други.

**Невладини организации:**

Училиштето остваруваше соработка и со други невладини организации како Црвениот крст, невладини организации од областа на екологијата и слично не само од општината туку и пошироко со учество во хуманитарни активности и проекти и сл.

**Здравствени организации:**

Училиштето целосно ја оствари потребната комуникација и соработка со Здравствениот дом, Центар за јавно здравје и одделението за орално здравје - стоматологија во градот Битола и други институции кои пружат здравствени и психолошки услуги.

Училиштето соработуваше со Центарот за социјална помош со цел задоволување на потребите на одредени групи на учениците.

**Медиуми**:

Целокупниот воспитно-образовен процес во училиштето е јавен и транспарентен. Училиштето има професионално организирано претставување и афирмирање преку известувања на локалните ТВ станици, електронски и пишани медиуми, доближувајќи ја на тој начин својата работа и активностите на учениците до локалната заедница.

# 19.Статистички извештај за основното училиште
## Крај на учебна година
## за периодот ид 02.09.2024 до 10.06.2025г.

Број на некомбинирани паралелки по одделенија

| 1 | Одделение | Вкупно 42 |
|---|---|---|
| 2 | I | 4 |
| 3 | II | 4 |
| 4 | III | 4 |
| 5 | IV | 4 |
| 6 | V | 5 |
| 7 | VI | 6 |
| 8 | VII | 5 |
| 9 | VIII | 5 |
| 10 | IX | 5 |

Број на комбинирани паралелки по одделенија

| 1 | Одделение | Вкупно 2 |
|---|---|---|
| 2 | I | |
| 3 | II | |
| 4 | III | |
| 5 | IV | 1 (II, IV) |
| 6 | V | 1 (I, III,V) |
| 7 | VI | |
| 8 | VII | |
| 9 | VIII | |
| 10 | IX | |

Број на ученици според пол и одделение

| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М | 38 | 34 | 43 | 46 | 42 | 37 | 38 | 33 | 46 |
| Ж | 33 | 35 | 43 | 35 | 41 | 39 | 37 | 33 | 39 |
| ВК. | 71 | 69 | 86 | 81 | 83 | 76 | 75 | 66 | 85 |

Преглед на испишани ученици

| I | | II | | III | | IV | | V | | VI | | VII | | VIII | | IX | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| вк. | ж | вк. | ж. | вк. | ж. | вк. | ж. | вк | ж | вк | ж . | вк. | ж. | вк. | ж. | вк. | ж. | 14 |
| 1 | 1 | 1 | | 2 | 1 | 1 | | 2 | 2 | 5 | 1 | 1 | | | | 1 | | |

Преглед на новозапишани ученици

| I | | II | | III | | IV | | V | | VI | | VII | | VIII | | IX | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| вк. | ж | вк. | ж. | вк. | ж. | вк. | ж. | вк | ж | вк | ж . | вк. | ж. | вк. | ж. | вк. | ж. | 6 |
| | | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | | | | | | 1 | 1 | 1 | | | | |

Преглед на општ успех на учениците по пол

| Одделение | Вкупно | | | | | | | | | | Вкупно | | | | | | | | | | Средна оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ученици | | одлични | | мн.добри | | добри | | доволни | | | | со 1 слаба | | со 2 слаба | | со 3 слаби | | со 4 и повеќе | | |
| | ВК. | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | |
| **I** | 71 | 33 | Во првиот образовен период ( I-III одд.) учениците се описно оценети | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **II** | 69 | 35 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **III** | 86 | 43 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **IV** | 81 | 35 | 65 | 29 | 11 | 5 | 5 | 1 | | | | | | | | | | | | | 4.68 |
| **V** | 83 | 41 | 66 | 34 | 14 | 7 | 3 | 3 | | | | | | | | | | | | | 4.68 |
| **IV-V** | **164** | **76** | **131** | **63** | **25** | **12** | **8** | **4** | | | | | | | | | | | | | ***4.68*** |
| **VI** | 76 | 39 | 31 | 19 | 28 | 14 | 16 | 6 | | | | | | | | | | | 1 | | 4.22 |
| **VII** | 75 | 37 | 49 | 32 | 19 | 5 | 7 | / | | | | | | | | | | | | | 4.49 |
| **VIII** | 66 | 33 | 36 | 21 | 17 | 7 | 13 | 5 | | | | | | | | | | | | | 4.28 |
| **IX** | 84 | 39 | 52 | 31 | 24 | 7 | 7 | / | | | | | | | | | | | | | 4.45 |
| **IV- IX** | **465** | **224** | **299** | **166** | **113** | **45** | **44** | **15** | | | | | | | | | | | | | **4.45** |

Број на неоценети ученици по одделенија и пол

| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ученички | | | | | | | | | / |
| Вкупно | | | | | | | | | 1 |

Број на повторувачи по пол и одделенија

| | | Вкупно | Пол Машки | / Женски |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Вкупно | 1 | 1 | |
| 2 | VI | 1 | 1 | |
| 2 | VII | 0 | | |
| 3 | VIII | 0 | | |
| 4 | IX | 0 | | |

Преглед на изречени педагошки мерки

| Педагошки мерки | Усна опомена | Писмена опомена | Укор | Префрлање во друга паралелка | Намалено поведение |
|---|---|---|---|---|---|
| Изречени | 25 | 5 | 2 | 1 | / |

Сите ученици на крајот на учебна 2024/2025 година имаат ПРИМЕРНО поведение

Извештај за успех на учениците по паралелки на крајот на наставната година

| Одделение | Паралелка | Просек | Просек по одделенија |
|---|---|---|---|
| Четврто одделение | а | 4.78 | 4.68 |
| | б | 4.74 | |
| | в | 4.83 | |
| | 1 | 4.56 | |
| | с.Карамани | 4.51 | |
| Петто одделение | а | 4.52 | 4.68 |
| | б | 4.89 | |
| | в | 4.78 | |
| | г | 4.64 | |
| | 1 | 4.64 | |
| | с.Карамани | 4.7 | |
| Шесто одделение | а | 4.11 | 4.21 |
| | б | 4.36 | |
| | в | 4.02 | |
| | г | 4.1 | |
| | 1 | 4.45 | |
| | 2 | 4.21 | |
| Седмо одделение | а | 4.8 | 4.49 |
| | б | 4.39 | |
| | в | 4.2 | |
| | г | 4.31 | |
| | 1 | 4.73 | |
| Осмо одделение | а | 4.15 | 4.28 |
| | б | 4.46 | |
| | в | 4.34 | |
| | г | 4.5 | |
| | 1 | 3.94 | |
| Деветто одделение | а | 4.55 | 4.45 |
| | б | 4.63 | |
| | в | 4.63 | |
| | г | 4.32 | |
| | 1 | 4.12 | |
| IV-IX одделение | Вкупно 32 паралелки | 4.45 | **Просек на ниво на училиште 4.46** |



Извештај за успех на учениците по наставни предмети по одделенија

| Предмети по Наставен план | Четврто одделение | | | | | Средна оценка по предмет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | а | б | в | 1 | Карамани | |
| Македонски јазик | 4.58 | 4.55 | 4.53 | 4.11 | 3.80 | 3.55 |
| Англиски јазик | 4.68 | 4.82 | 4.71 | 4.06 | 3.80 | 4.41 |
| Математика | 4.47 | 4.50 | 4.47 | 4.11 | 3.80 | 4.27 |
| Техничко образование и информатика | 4.89 | 4.73 | 4.88 | 4.67 | 5.00 | 4.83 |
| Физичко и здравствено образование | 5.00 | 4.95 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 4.99 |
| Слободен изборен предмет 2 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 |
| Природни науки | 4.58 | 4.50 | 4.76 | 4.28 | 4.00 | 4.24 |
| Музичко образование | 4.89 | 4.77 | 5.00 | 4.72 | 5.00 | 4.87 |
| Историја и општество | 4.47 | 4.50 | 4.75 | 4.39 | 4.20 | 4.46 |
| Ликовно образование | 5.00 | 4.82 | 5.00 | 4.83 | 5.00 | 4.93 |
| Слободен изборен предмет 1 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 |
| **Вкупно** | **4.78** | **4.74** | **4.83** | **4.56** | **4.51** | **4.68** |

| Предмети по Наставен план | Петто одделение | | | | | | Средна оценка по предмет |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | а | б | в | г | 1 | Карамани | |
| Македонски јазик | 4.50 | 4.82 | 4.44 | 4.47 | 4.11 | 4.33 | 4.44 |
| Англиски јазик | 4.00 | 4.71 | 4.56 | 4.12 | 4.06 | 4.33 | 4.29 |
| Математика | 4.44 | 4.88 | 4.62 | 4.53 | 4.11 | 4.33 | 4.48 |
| Слободен изборен предмет 1 | 4.62 | 4.88 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 4.91 |
| Музичко образование | 4.87 | 4.94 | 4.94 | 4.94 | 4.72 | 5.00 | 4.9 |
| Историја и општество | 4.44 | 4.94 | 4.62 | 4.29 | 4.39 | 4.33 | 4.5 |
| Техничко образование и информатика | 4.25 | 4.88 | 5.00 | 4.35 | 4.67 | 5.00 | 4.69 |
| Природни науки | 3.88 | 4.71 | 4.44 | 4.18 | 4.28 | 4.33 | 4.3 |
| Физичко и здравствено образование | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 |
| Ликовно образование | 4.81 | 5.00 | 4.94 | 5.00 | 4.83 | 5.00 | 4.93 |
| Слободен изборен предмет 2 | 4.88 | 5.00 | 5.00 | 4.76 | 5.00 | 5.00 | 4.94 |
| **Вкупно** | **4.52** | **4.89** | **4.78** | **4.64** | **4.56** | **4.7** | **4.68** |

| Предмети по Наставен план | Шесто одделение | | | | | | Средна оценка по предмет |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | а | б | в | г | 1 | 2 | |
| Македонски јазик | 3.65 | 4.20 | 3.92 | 4.36 | 4.29 | 4.25 | 4.11 |
| Англиски јазик | 4.41 | 4.53 | 3.92 | 4.06 | 4.00 | 3.00 | 3.99 |
| Германски јазик | 3.90 | 4.07 | 3.40 | 3.88 | 5.00 | 3.75 | 4 |
| Француски јазик | 4.57 | / | 4.29 | / | 3.00 | 4.5 | 4.09 |
| Математика | 3.35 | 4.00 | 3.15 | 3.38 | 4.29 | 4.00 | 3.69 |
| Физичко и здравствено образование | 5.00 | 4.67 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 4.94 |
| Техничко образование и информатика (информатика) | 2.94 | 3.36 | 3.36 | 3.06 | 4.29 | 3.88 | 3.48 |
| Историја и општество | 3.59 | 3.60 | 3.23 | 3.44 | 3.86 | 4.12 | 3.64 |
| Слободен изборен предмет 1 | 5.00 | 4.87 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 4.98 |
| Историја и општество (географија) | 3.65 | 3.80 | 3.23 | 3.69 | 4.57 | 3.62 | 3.76 |
| Историја и општество (граѓанско образование) | 3.71 | 4.13 | 3.23 | 3.81 | 4.00 | 4.12 | 3.83 |
| Природни науки | 4.18 | 4.07 | 3.46 | 4.38 | 3.86 | 3.62 | 3.93 |
| Музичко образование | 4.82 | 4.60 | 4.69 | 4.38 | 4.43 | 4.25 | 4.53 |
| Ликовно образование | 4.65 | 4.64 | 4.46 | 4.56 | 4.71 | 4.5 | 4.59 |
| Слободен изборен предмет 2 | 5.00 | 4.87 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 4.98 |
| ТО и информатика (техничко образование) | 3.53 | 3.79 | 3.92 | 3.62 | 4.71 | 4.75 | 4.05 |
| **Вкупно** | **4.11** | **4.36** | **4.02** | **4.1** | **4.45** | **4.21** | **4.21** |

| Предмети по Наставен план | Седмо одделение | | | | | Средна оценка по предмет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | а | б | в | г | 1 | |
| Македонски јазик | 4.64 | 4.24 | 4.12 | 5.00 | 4.67 | 4.53 |
| Англиски јазик | 4.79 | 4.24 | 3.88 | 3.92 | 4.60 | 4.29 |
| Математика | 4.57 | 4.06 | 3.44 | 3.46 | 3.93 | 3.89 |
| Историја | 4.93 | 4.00 | 3.62 | 3.69 | 4.80 | 4.21 |
| Географија | 4.64 | 4.06 | 4.12 | 4.46 | 4.86 | 4.43 |
| Биологија | 4.43 | 3.53 | 3.25 | 3.23 | 4.47 | 3.78 |
| Информатика | 4.93 | 4.41 | 3.88 | 4.15 | 4.80 | 4.43 |
| Етика | 5.00 | 4.59 | 4.38 | 4.54 | 4.73 | 4.65 |
| Музичко образование | 4.79 | 4.56 | 4.88 | 4.54 | 4.93 | 4.74 |
| Физичко и здравствено образование | 5.00 | 5.00 | 4.94 | 5.00 | 5.00 | 4.99 |
| Слободен изборен предмет 1 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 |
| Ликовно образование | 5.00 | 4.71 | 4.44 | 5.00 | 4.93 | 4.82 |
| Слободен изборен предмет 2 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 |
| Втор странски јазик - Германски | 4.50 | 4.06 | 3.60 | 4.00 | 4.55 | 4.14 |
| Втор странски јазик - Француски | 5.00 | / | 4.45 | / | / | 4.72 |
| **Вкупно** | **4.8** | **4.39** | **4.2** | **4.33** | **4.73** | **4.49** |

| Предмети по Наставен план | Осмо одделение | | | | | Средна оценка по предмет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | а | б | в | г | 1 | |
| Македонски јазик | 3.58 | 4.08 | 4.42 | 4.23 | 4.25 | 4.11 |
| Англиски јазик | 4.58 | 4.54 | 4.67 | 4.77 | 4.25 | 4.56 |
| Математика | 3.25 | 3.92 | 3.33 | 4.15 | 3.25 | 3.58 |
| Историја | 3.75 | 4.46 | 4.00 | 4.38 | 3.44 | 4.01 |
| Географија | 3.83 | 4.31 | 4.17 | 4.46 | 3.81 | 4.12 |
| Биологија | 4.08 | 4.38 | 4.50 | 4.38 | 3.25 | 4.12 |
| Физика | 3.83 | 4.38 | 3.92 | 4.31 | 3.12 | 3.91 |
| Хемија | 3.42 | 4.08 | 3.67 | 4.08 | 3.00 | 3.65 |
| Музичко образование | 4.50 | 4.54 | 4.50 | 4.54 | 4.56 | 4.53 |
| Физичко и здравствено образование | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 4.77 | 5.00 | 4.95 |
| Програмирање | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 |
| Ликовно образование | 4.58 | 4.85 | 5.00 | 5.00 | 4.50 | 4.73 |
| Граѓаско образование | 4.08 | 4.54 | 4.42 | 4.69 | 3.38 | 4.22 |
| Втор странски јазик - Германски | / | 4.31 | 4.17 | 4.23 | 3.36 | 4.01 |
| Втор странски јазик - Француски | 4.67 | / | / | | 5.00 | 4.83 |
| **Вкупно** | **4.15** | **4.46** | **4.34** | **4.5** | **3.94** | **4.28** |

| Предмети по Наставен план | Деветто одделение | | | | | Средна оценка по предмет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | а | б | в | г | 1 | |
| Македонски јазик | 5.00 | 4.41 | 4.63 | 4.25 | 4.41 | 4.54 |
| Англиски јазик | 4.00 | 4.35 | 4.47 | 4.25 | 4.05 | 4.22 |
| Математика | 4.08 | 4.35 | 4.58 | 3.75 | 3.82 | 4.12 |
| Историја | 4.75 | 4.71 | 4.95 | 4.50 | 4.14 | 4.61 |
| Географија | 4.46 | 4.41 | 4.47 | 4.42 | 3.86 | 4.32 |
| Биологија | 4.00 | 4.53 | 4.28 | 3.75 | 3.59 | 4.03 |
| Физика | 4.31 | 4.41 | 4.58 | 4.08 | 3.68 | 4.21 |
| Хемија | 3.92 | 4.18 | 4.21 | 3.42 | 3.05 | 3.76 |
| Музичко образование | 4.77 | 4.71 | 4.74 | 4.58 | 4.41 | 4.64 |
| Физичко и здравствено образование | 4.85 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 4.97 |
| Вештини за живеење | 4.92 | 5.00 | 4.89 | 4.83 | 5.00 | 4.93 |
| Ликовно образование | 4.77 | 5.00 | 4.74 | 4.58 | 4.18 | 4.65 |
| Граѓаско образование | 4.77 | 4.76 | 4.79 | 4.75 | 3.82 | 4.58 |
| Втор странски јазик - Германски | / | / | 4.37 | 4.17 | 4.06 | 4.19 |
| Втор странски јазик - Француски | 4.85 | 4.76 | / | / | 4.50 | 4.70 |
| Иновации | 4.77 | 4.82 | 4.74 | 4.50 | 4.36 | 4.64 |
| **Вкупно** | **4.55** | **4.63** | **4.63** | **4.32** | **4.12** | **4.45** |

Преглед на општиот успех на учениците по одделенија

| Одд. | Вкупно | | 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | Вкупно | | 1 | | 2 | | 3 | | 4 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ученици | | Одлични | | Многу добри | | Добри | | Доволни | | | | со 1 слаба | | со 2 слаба | | Со 3 и повеќе | | Неоцене нет | |
| | вк | ж | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | | | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % |
| **I** | 71 | 33 | Во првиот образовен период ( I-III одд.) учениците се описно оценети | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **II** | 69 | 35 | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **III** | 86 | 43 | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **IV** | 81 | 35 | 65 | 80.2% | 11 | 13.6% | 5 | 6.2% | | | 81 | 100% | | | | | | | | |
| **V** | 83 | 41 | 66 | 79.5% | 14 | 16.9% | 3 | 3.6% | | | 83 | 100% | | | | | | | | |
| **VI** | 76 | 39 | 31 | 40.8% | 28 | 36.8% | 16 | 21% | | | 75 | 98.7% | | | | | 1 | 1.3% | | |
| **VII** | 75 | 37 | 49 | 65.3% | 19 | 25.3% | 7 | 9.3% | | | 75 | 100% | | | | | | | | |
| **VIII** | 66 | 33 | 36 | 54.5% | 17 | 25.7% | 13 | 19.7% | | | 66 | 100% | | | | | | | | |
| **IX** | 84 | 39 | 52 | 61.9% | 24 | 28.6% | 7 | 8.3% | | | 83 | 98.8% | | | | | | | 1 | 1.2% |
| **IV- IX** | **465** | **224** | **299** | **64.3%** | **113** | **24.3%** | **51** | **11%** | | | 463 | 99.6% | | | | | 1 | 1.3% | 1 | 1.2% |
| Вкупно ученици запишани во ОУ Даме Груев“ на крај на настана 2024/2025 година - 691 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Преглед на изостаноци на учениците

| | 1а | 1б | 1в | / | 1-1 | Карамани | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | 170 | 182 | 118 | | | | 470 |
| Неоправдани | | | | | | | |

| | 2а | 2б | 2в | / | 2-1 | Карамани | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | 75 | 60 | 248 | | | | 383 |
| Неоправдани | | | | | | | |

| | 3а | 3б | 3в | / | 3-1 | Карамани | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | | 194 | 299 | | 681 | | 1174 | *1280* |
| Неоправдани | | | 106 | | | | 106 | |

| | 4а | 4б | 4в | / | 4-1 | Карамани | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | 347 | 471 | 345 | | 248 | 35 | 1446 |
| Неоправдани | | | | | | | |

| | 5а | 5б | 5в | 5г | 5-1 | Карамани | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | 370 | 112 | 80 | 919 | 157 | | 1638 |
| Неоправдани | | | | | | | |

| | 6а | 6б | 6в | 6г | 6-1 | 6-2 | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | 138 | 52 | 116 | 234 | | 25 | 565 | *791* |
| Неоправдани | 2 | 196 | 22 | 1 | | 5 | 226 | |
| | **7а** | **7б** | **7в** | **7г** | **7-1** | **/** | **Вкупно** | |
| Оправдани | 4 | 60 | 125 | 30 | | | 219 | |
| Неоправдани | | | | | | | | |

| | 8а | 8б | 8в | 8г | 8-1 | / | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | 139 | 154 | 63 | 219 | 78 | | 653 | *663* |
| Неоправдани | | | | | 10 | | 10 | |

| | 9а | 9б | 9в | 9г | 9-1 | / | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | 65 | 49 | 225 | 69 | 81 | | 489 | *708* |
| Неоправдани | 2 | 12 | 12 | 136 | 57 | | 219 | |

| Наставен јазик на кој се изведува настава | Одд. / Вид изостаоци | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | Оправдани | 470 | 383 | 1174 | 1446 | 1638 | 565 | 219 | 653 | 489 | 7.037 |
| | Неоправдани | | | 106 | | | 226 | | 10 | 219 | 561 |
| | Вкупно | 470 | 383 | 1280 | 1446 | 1638 | 791 | 219 | 663 | 708 | 7598 |

## Изостаноци на ученици по учебни години




| | 2021/2022 | 2022/2023 | 2023/2024 | 2024/2025 |
|---|---|---|---|---|
| Оправдани изостаоци | 2738 | 2086 | 6483 | 7037 |
| Неправдани изостаноци | 12 | 13 | 705 | 561 |
| Вкупно изостаноци | 2750 | 2099 | 7188 | 7598 |

## Извештај за национална припадност на учениците на крај на учебна 2024/2025

| Етничка припадност | Прво | | Второ | | Трето | | Четврто | | Петто | | Шесто | | Седмо | | Осмо | | Деветто | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | |
| Македонци | 3 7 | 30 | 2 9 | 32 | 40 | 41 | 45 | 33 | 37 | 39 | 34 | 39 | 36 | 37 | 31 | 32 | 45 | 38 | 334 | 321 | 655 |
| Албанци | | 1 | | | 1 | | | | | | 1 | | | | | | | | 2 | 1 | 3 |
| Турци | | 2 | 3 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 3 | | | | 2 | | | 1 | | | 11 | 7 | 18 |
| Роми | 1 | | 2 | 1 | | 1 | | 1 | 1 | 2 | 2 | | | | 2 | | | 1 | 8 | 6 | 14 |
| Срби | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Бошњаци | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Власи | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Други | | | | | | | | | 1 | | | | | | | | | | 1 | | 1 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | **Вкупно** | **356** | **335** | **691** |

## Споредбени показатели за бројна состојба на ученици по учебни години

| Учебна година | 2021/2022 | 2022/2023 | 2023/2024 | 2024/2025 |
|---|---|---|---|---|
| Запишани ученици на почеток на учебна година | 728 | 732 | 734 | 694 |
| Број на ученици на крај на учебна година | 721 | 728 | 729 | 691 |

Статистичкиот преглед го изработи:
Јасмина Андреева, стручен соработник – педагог

## 20. Извештај од работата на Училишен одбор

Највисок орган на управување во училиштето е Училишниот одбор.
Задачите, надлежностите и составот се дефинирани во Законот за основно образование, Статутот на училиштето и Деловникот за работа.
Училишниот одбор работи во полн состав, со седум членови од кои, тројца се претставници од редот на наставниците, тројца од Совет на родители и еден претставник од основачот.

Членови на Училишен одбор се:

1. Ивана Здравковска – претседател
2. Ристо Грујовски – родител
3. Жарко тодоровски – родител
4. Весна Беровска – наставник
5. Снежана Ристовска – наставник
6. Даниела Талевска – наставник
7. Гоце Јовановски – претставник од Општина Битола

Училишниот одбор ги планираше и закажуваше седниците согласно потребите кои произлегуваа од тековното работење со покана во која е утврден дневниот ред.
Во текот на учебната 2024/2025 година одржани се повеќе седници, а со нив раководеше претседателот Ивана Здравковска. Беше избрана за претседател на Училишниот Одбор од редот на родителите, во месец октомври, по поднесената оставка од страна на претходниот претседател.
На седниците по претходна покана присуствуваше директорката на училиштето, а се поканувaа и претставници од ученичкиот парламент без право на глас.
Училишниот одбор во соработка со директорката и училишните тимови, постојано поттикнуваа активности кои обезбедија квалитет како во воспитно-образовниот процес, така и во целокупниот процес во работењето на училиштето. Сите седници се редовно одржани, со мнозинство на членовите од Училишниот одбор, а одлуките беа донесувани со мнозинство од вкупниот број членови. Состаноците се од отворен карактер и по потреба присуствуваат покрај членовите на Училиниот одбор и директорот, секретарот, стручната служба, членови на комисии, одговорни на тимови и слично.
Записниците и одлуките кои се донесени од страна на Училишниот одбор се транспарентни и редовно се објавуваат на огласната табла.

Училишниот одбор на основното училиште:
- предлага годишна програма за работа и извештај за работа на основното училиште до советот на општината
- предлага финансиски план до основачот,
- предлага завршна сметка до основачот,
- дава предлог до директорот за избор на наставниците и стручните соработници,
- одлучува по приговорите и жалбите на вработените во основното училиште,
- одлучува по жалбите на ученици, родители, односно старатели на ученици
- врши и други работи утврдени со статутот на основното училиште.

Земајќи ја предвид својата програма за работа Училишниот одбор во текот на учебната 2024/25 одржа 5 седници, со датум на одржување и дневни редови дадени во прилог.

| датум | Дневен ред |
|---|---|
| 03.12.2024 | 1. Усвојување на записникот од претходната седница<br>2. Формирање на комисија за разгледување на пристигнатите документи по огласот од 21.11.2022 година објавен во слободен печат и Коха за пополнување слободни работни места за учебната 2024/2025 година<br>3. Предлог на кандидати за избор на наставници по огласот за учебната 2024/2025 до Директорот на училиштето<br>4. Предлози, прашања, сугестии |
| 24.12. 2024 | 1. Усвојување на записникот од претходната седница<br>2. предлог на кандидат за избор на хигиеничар по објавениот оглас, до Директорот на училиштето<br>3.. Предлози, прашања, сугестии |
| 27.01. 2025 | 1. Разгледување и усвојување на записникот од претходната седница<br>2. Усвојување на Планот за јавни набавки за 2025 година<br>3. Измени и дополнувања во куќениот ред на училиштето<br>4. Усвојување на Полугодишен извештај за работата на училиштето<br>5. Предлози, прашања, сугестии |
| 06.03. 2025 | 1. Разгледување и усвојување на записникот од претходната седница<br>2. Завршна сметка на училиштето за 2024 година<br>3. Предлози, прашања, сугестии |
| 13.03. 2025 | 1. Разгледување и усвојување на записникот од претходната седница<br>2. Избирање на најповолна понуда за изведување на ученички екскурзии<br>3. Предлози, прашања, сугестии |

Согласно Статутот на ОУ „ Даме Груев“ Битола, Законот за основно образование, програмата и тековните потреби кои се во интерес на училиштето, училишниот одбор континуирано учествува во подобрувањето на квалитетот на наставата и воопшто работата на училиштето.

Претседател на УО
Ивана Здравковска

## 21.Извештај од работата на Совет на родители

Советот на родители при ОУ “Даме Груев “ – Битола во текот на учебната 2024/2025 година ги реализира своите активности како дел од програмата за работа на Советот.Советот на родители делува во рамките на соработка на училиштето со родителите со цел разгледување на прашања од заеднички интерес за работата на училиштето и учениците, како и за прашања поврзани со реализација на процесот на воспитно – образовна работа во училиштето.

Советот на родители во своите надлежности:

- Дава мислење за предлог Годишната програма на училиштето
- Расправа за Извештајот за работа на училиштето, како и за подобрување на успехот и поведението на учениците
- Предлага програми за подобрување на стандардите во наставата
- Дава согласност на предлозите на Директорот за воведување на повисоки стандарди
- Се вклучува во организирање на јавниот и културниот живот на учениците, спортски и други манифестации, заштита на животната средина во училиштето и надвор од него
- Ги организира другите родители за учество и реализација на јавниот живот во училиштето
- и ангажира родителите за собирање донации
- Активно учествува во реализација на меѓуучилишна работа во градот и надвор од него
- Дава предлози и мислења до Советот на наставници и до Училишниот одбор за други прашања кои се од интерес за учениците и училиштето

**АКТИВНОСТИ НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ ПО МЕСЕЦИ:**

➢ **Октомври 2024 година**

- Се формираше Советот на родители при ООУ “ Даме Груев “ – Битола , составен од 44 членови. За претседател на Советот беше избрана Александра Ристевска, заменик претседател Горан Шунда, записничар Мирјана Хаџи Типевска.
- Ивана Здравковска беше избрана за член на Управниот одбор.
- Советот на родители даде позитивно мислење за Годишната програма за работа на училиштето.
- Активно учевствуваше во донесување на кодексот на однесување и облекување на учениците во училиштето.
- Советот на родители донесе одлука за обезбедување на работни облеки на учениците кои задолжително ќе ги носат за време на настава. Како најповолна беше избрана понудата на “Креатив Арт” од Битола.
- Организира хуманитарна акција и со парични средства помогна на загрозено лице.

➢ **Ноември 2024 година**

- Организира хуманитарна акција и донација .
- Учествуваше на работилница на тема “Превенција на насилство” во соработка со МВР Битола и Педагошката служба.
- Учествуваше на настанот организиран од ОУ ”Даме Груев” и Општина Битола, За

детска Евровизија , во Офицерски дом.

- **Декември 2024 година**

- Советот ги поддржа зголемените безбедносни мерки во училиштето како : забрането влегување со возила во училиштето, најава за влез на училиштето, заклучени врати за време на настава.
- Учество на семинар на тема “ Предизвици на модерното родителство“ во библиотеката “ св. Климент Охридски “ од Битола.
- Помош при организацијата и присуство на патрониот празник на училиштето.

- **Март 2025 година**

- Советот на родители донесе одлука за групно фотографирање на учениците од сите одделенија. Како најповолна ја избра понудата на фото Реал Битола.
- Советот на родители донесе одлука за фотографирање на полуматурантите од училиштето. Како најповолна ја избра понудата на фото Реал Битола.
- Советот на родители активно се вклучи во организирање на завршна забава за полуматурантите. За место за забавата беше избран ресторан “ Гламур”, а музичка група за забавата групата “ Плетенка”.
- По барање на Советот на родители се организираше викенд екскурзија на учениците. Најповолна понуда беше избрана хотел “Шкорпион “ или “Вила Гора” - Крушево на агенцијата “ Гопеш травел “ – Битола.
- Советот на родители изврши избор на понуда за еднодневна екскурзија од годишната програма на училиштето на релација Битола – Скопје – Битола. Најповолна е избрана понудата на агенцијата “ Гопеш травел “ од Битола.
- Едукативна работилница за родители, “ Крени глас против врсничко насилство”организирана од Макпетрол- во ОУ “ Св.Коимент Охридски”-Битола.
- Организирана хуманитарна акција и донација за трагедијата во Кочани

- **Април 2025 година**

- Поддршка и присуство на манифестацијата “ Весел петок “ во соработка со Општина Битола, фолклорни друштва од градот и странство.

- **Мај 2025 година**

- Организирана хуманитарна акција и донација за ученик од второ одделение во ООУ“Елпида Караманди”- Битола

Со ист елан, ентузијазам, идеи и желби за соработка на релација родител – училиште дете, Советот на родители при ООУ “ Даме Груев “ од Битола ќе продолжи да работи и да придонесува за работата на училиштето

Претседател на Совет
Александра Ристевска

## 22.Извештај од работата на директорот

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ | АКТИВНОСТИ | ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ | СОРАБОТНИЦИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **I. ВОДСТВО** | -Изработка на Програма за работа на директор<br>-Учество во изработка на Годишната програма<br>-Создавање просторни и технички услови за успешен почеток на учебната година<br>-Организирање на воспитно образовната - работа во училиштето<br>-Информирање на заедницата за потребите на училиштето и обезбедување поддршка<br>-Учество во планирање, реализирање и следење на активности кои промовираат интеркултурно образование<br>-Соработка со граѓанскиот сектор и вклученост на вработените и учениците во проекти од интерес на училиштето<br>-Соработка со институции кои се надлежни за образованието (Општина Битола, МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, НУУБ Св.Климент Охридски-Битола, Дом на култура-Битола, ОУРЦ“Кочо Рацин” и Центар за поддршка “Ѓорѓи Сугарев” и др.)<br>-Учество во планирање, реализирање и следење на активности меѓу училиштето и заедницата со кои се подобруваат постигањата на учениците (посети, реализација на наставни и воннаставни активности)<br>-Обезбедување услови за реализација на активности од областа на инклузија (МИО, ЕКО)<br>-Организација и реализација на хуманитарни и културни активности | -Изработена годишна програма<br>-Подготвени училишни објекти за успешен почеток на новата учебна година<br>-Создадени услови за непречено одвивање на почетокот на учебната година<br>-Раководење, препознавање и усогласување на приоритетите во училиштето<br>-Обезбедени донации за осовременување на ВОП<br>-Обезбедена соработка со локалната средина<br>-Создавање и стимулирање на позитивна атмосфера во сите сегменти на работењето на училиштето<br>-Создавање емпатична,безбедна и грижлива училишна средина<br>-Учество во работата на стручни активи, одделенски совети, наставнички совет<br>-Промовирање и подобрување на училишниот имиџ<br>-Успешно организиран Патронат на училиштето<br>-Подготвителни активности за самоевалуација на училиштето<br>-Спроведена интегрална евалуација на училиштето | -Технички персонал<br>-Секретар, стручни соработници<br>-Институции во локалната средина<br>-Родители<br>-Членови на УО<br>-Наставници<br>-Ученици | -Август,2024<br>-Септември,2024-Јануари,2025 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -Континуирана соработка со органите и телата во училиштето<br>-Поддршка на реализација на програмите на ученичките организации,слободните ученички активности (Детски Парламент, Детска Организација и др.)<br>-Соработка со институции при справување со кризни ситуации што го засегаат училиштето<br>-Соработка со родителите за решавање актуелни прашања<br>-Планирање и овозможување, вклучување на родителите во одделени сегменти од воспитно -образовниот процес (здравствена заштита, професионална ориентација, јавна и културна дејност...)<br>-Соработка со Совет на Родители заради поголема вклученост на родителите во животот и работата на училиштето<br>-Соработка со УО (обезбедување на соработка со органите и телата во училиштето)<br>-Соработка со граѓанскиот сектор<br>-Промовирање на училиштето во локалната средина (Веб страна, ФБ страна, Училишен весник, Брошури,<br>Патронен празник и др.)<br>-Следење на заемните односи во колективот и преземање мерки за подобрување на училишната клима и култура | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **II. РАКОВОДЕЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | -Организирање и водење состаноци<br>-Воспоставување и одржување систем на комуникација меѓу вработените во училиштето и локалната средина<br>-Одржување позитивни односи со вработените, родителите, учениците и други засегнати страни<br>-Наоѓање форми и начини за надминување на проблемите и недоразбирањата<br>-Активности за привлекување на поголем број на ученици<br>-Стратегија за намалување на осипувањето<br>-Активности за односи со јавноста како дел од Годишната програма за работа<br>-Формирање тим за справување со кризни ситуации<br>-Идентификување на професионалните и индивидуалните потреби и интереси на вработените<br>-Користење на интерните потенцијали и ресурси за стручно усовршување и континуирана едукација<br>-Препознавање на индивидуалните особини и способности на вработените и распределба на соодветни одговорности<br>-Распределба на наставни часови<br>-Континуирано следење и вреднување на работата<br>-Соработка со пошироката заедница<br>-Промовирање на тимска работа<br>-Интервјуирање потенцијални кандидати за вработување | -Комуникација меѓу вработените во училиштето и локалната средина<br>-Одржување позитивни и коректни односи со вработените<br>-Поддршка и учество во професионалниот развој<br>-Овозможување стабилна работна клима<br>-Правична распределеност на работните ангажмани<br>-Поставени остварливи стандарди за квалитетно работење и постигања на вработените | -Наставници<br>-Административно-технички персонал<br>-Родители,Ученици<br>-Институции /Локална средина | Континуирано |
| **III. ПЕДАГОШКО РАКОВОДЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО** | -Обезбедување на услови за реализирање на современа настава<br>-Следење и анализа на наставен час/активност и давање конструктивна повратна информација<br>-Раководење со процесот на изработка на различни | -Промовирање на постигнувањата на учениците<br>-Создавање на безбедна и стимулативна средина за учење и развој на ученикот<br>-Обезбедување квалитетна настава | -Стручна служба<br>-Наставници | -Континуирано |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | видови планови и програми во училиштето и обезбедување нивна имплементација во секојдневното работење на училиштето<br>-Увид во планирањата на наставниците и стручните соработници<br>-Изработка на индикатори и инструменти и процедури за вреднување на работата во училиштето (прибирање податоци за успехот на учениците поведение, изречени педагошки мерки)<br>-Користење на анализите во насока на подобрување на воспитно образовната работа во училиштето<br>-Советодавно – инструктивни разговори со наставници,ученици и родители<br>-Обезбедува потребни дидактички средства, работни материјали и инструменти<br>-Развивање и применување превентивни активности за почитување на правата на учениците и вработените (безбедности и недискриминација)<br>-Формирање на инклузивни тимови | -Планирање и поддршка на наставата и учењето<br>-Почитување на индивидуалните разлики и развој на сите ученици | | |
| **IV. ФИНАНСИСКО РАКОВОДЕЊЕ** | -Изнаоѓање дополнителни финансиски средства<br>-Континуирано следење на законитоста во финансиското работење<br>-Обезбедување услови за транспаретно усвојување на завршна сметка<br>-Изработка на финасиски план за јавни набавки<br>-Изготвување административно-финансиски работи<br>-Обезбедување на навремено исполнување на деловните обврски<br>-Континуирано обезбедување на материјално-технички ресурси согласно расположливите финансиски средства | -Финансиско работење усогласено со законска регулатива | -Благајник<br>-Книговодител<br>-Правник | -По потреба |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **V. ЗАКОНСКО И АДМИНИСТРА-ТИВНО РАБОТЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО** | -Законско и administrativo работење на училиштето<br>-Информирање на вработените и претставниците од училишните органи и текла за ррелевантни законски протоколи<br>-Изготвување интерни акти и документација во согласност со законските прописи<br>-Спроведување одлуки донесени од УО<br>-Организирање и координирање на работата на органите и телата во училиштето<br>-Соработка со институциите надлежни за надзор во училиштето и нивната улога во работењето<br>-Применување на регулативите и интерните процедури за административно раководење со училиштето (почитување на законот за архивско работење, заштата на информации од јавен карактер, закон за основно образование и др.)<br>-Обезбедување на услови за соодветно управување со електронската база на податоци<br>-Користење на информациски системи во секојдневната работа | -Раководење на училиштето согласно законската регулатива<br>-Континуирана примена на инфомрациски ситеми во училиштето<br>-Изработка на интерни акти и документации | -Правник<br>-Благајник<br>-Книговодител<br>-Стручна служба<br>-Училишен одбор<br>-Наставнички совет<br>-Одделенски совет<br>-Стручни активи<br>-ДПИ<br>-Општина | -Континуирано |

## 23. Извештај од работата на стручен соработник-педагог

Работата на училишниот педагог претставува интегрален дел на предвидените активности од Годишната програма за работа на Училиштето во насока на следење и унапредувањето на воспитно- образовната дејност во основното училиште.
Целта на педагошката работа е да ги воочува и идентификува педагошките и дидактичко - методските прашања и проблеми со кои се соочуваат наставниците, учениците и родителите во реализацијата на воспитно - образовната работа.

| | |
|---|---|
| **Подрачја на делување:**<br>**1. Работа со ученици**<br>**2. Работа со наставници**<br>**3. Работа со родители**<br>**4. Соработка со заедницата**<br>**5. Професионален развој и професионална соработка**<br>**6. Аналитичко – истражувачка работа**<br>**7. Училишна структура, организација и клима**<br>**Клучни компетенции**<br>✓ **подготвеност за решавање на проблемите**<br>✓ **технолошка компетентност**<br>✓ **подготвеност за самообразование**<br>✓ **подготвеност за користење на информативни ресурси**<br>✓ **подготвеност за социјална интеракција.** | |
| **Програмирање, планирање и учество во воспитно образовната работа на училиштето.** | |
| За ефикасно организирање на воспитно-образовната работа на Училиштето, педагогот изработил или учествувал во изработка на:<br>- Годишна програма за работа на училиштето.<br>- Годишна програма за работа на педагогот.<br>- Годишен и полугодишен извештај за работата на училиштето.<br>- Самоевалуација на реализирани активности од минатата учебна година.<br>- Личен план за професионален развој.<br>- Непосредна работа на подготовка и реализација на образовниот процес.<br>**Развивам соработка со директорот**, воспоставувајќи усогласеност во заеднички полиња за работа,<br>- Се договарам за сите важни акции за унапредување на воспитно образовната работа во училиштето,<br>- Помагам во стручно – педагошката обработка на проблемите коишто треба да се решат.<br>**Останати личности**:<br>- Примам и применувам стручни совети и услуги од личности кои професионално извршуваат такви работи, а коишто им помагаат на учениците во развојот и напредувањето.<br>- Им овозможувм на тие личности податоци за учениците (резултати од набљудување во училишни ситуации) коишто им го олеснуваат развојот на учениците. | **Време на реализација**<br><br>Тековно |

| | |
|---|---|
| **Учество во:**<br>- Работата на стручните органи и тела.<br>- Одделенскиот совет, Наставничкиот совет, Стручни активи.<br>- Подготовка на интерна документација за училиштето, процедири, анализи.<br>- Анализа на социјалните услови во училиштето, испитување на основните проблеми, откривање на причините за нивниот изглед и предлагање начини за нивно решавање; | тековно |
| **Работа во стручни тимови за:**<br>- Активностите и акциите, учество во подготовка на процедури и постапки кои се однесуваат на разни сегменти од работата на училиштето. | теково |
| **Аналитичко истражувачка работа и учество во изработка на:**<br>- Статистички извештај за крај на претходна учебната година и информирање на надлежни институции УОП<br>- Статистички извештај за почеток на учебната година и информирање на надлежни институции УОК.<br>- Статистички податоци и навремено доставување каде е побарано.<br>- Изработка на инструменти за прибирање на податоци (уписи, проценки, анкети и сл.)<br>- Анализа и извештаи за состојбите во различни области од воспитно-образовната работа (полугодишни, по тромесечија и годишни, споредбени анализи)<br>- Споделување/презентирање на добиените информации од проценката и анализата со/на вработените, родителите, заедницата, стручните органи и тела, надлежните институции (на наставнички совет, на стручни активи)<br>- Развој на соодветни норми, постапки и протоколи за професионална и квалитетно извршување на работните задачи и размена на искуства.<br>**Аналитичка функција** – стручниот соработник ги следи и анализира: развојот и ученичката прогресија; реализација на наставата и вонаставните предмети активности; причините за потешкотиите што произлегуваат од работата на училиштето; ефекти од иновативни активности и проекции;услови за реализација на училишна работа; потребите на учениците, родителите, локалните заедници итн.); | септември<br><br>октомври<br><br>квалификациони периоди<br><br>тековно |
| **Непосредно учество во воспитно образовниот процес** | |
| **Постигања на учениците**<br>**Следење на успехот**<br>- Подготовка на формулари за следење на успехот, редовноста и поведението на учениците.<br>- Учество во прибирање податоци за изработка на компаративна анализа за успехот редовноста и поведението на учениците во сите класификациони перод и од учебната година. | по квалификациони периоди |
| **Наставен процес**<br>**Работа со наставниците**<br>- поддршка на наставниците при планирање и реализација на образовниот процес и самоевалуацијата;<br>- поддршка на наставниците во работата со учениците; | контиирано |

| | |
|---|---|
| - поддршка на наставниците во работата со родителите.<br>**Изборна настава и редовна настава**<br>- Спроведени анкети до учениците и родителите за задолжителни изборни предмети, согласно Водичот за слободни изборни предмети во основното образование<br>- Следење и евиденција на реализација на изборна и редовна наства.<br>**Додатна и дополнителна настава**<br>- Поддршка во планирањата на додатната и дополнителната настава.<br>- Следење и евиденција на реализација на додатната и дополнителната настава. | мај<br><br><br><br>тековно |
| **Следење на наставата**<br>- Увид во планирањата на наставата и консултации во врска со подобрување на истите.<br>- Следење на квалитетот на изведување на наставниот процес.<br>- Посета на часови<br>- Планирање и учество во реализацијата на проекти во Училиштето (вон наставни активности на учениците). | Најмалку два пати во полгодие<br><br><br>тековно |
| **Соработка со родители**<br>- Реализирано предавање во соработка со СВР Битола.<br>(Со оглед на тоа што родителите се толку моќен фактор, логично е нивното влијание да оди во насока на развивање ненасилни, општествено посакувани обрасци на однесување кај децата. Улогата на родителите е многу важна, затоа во развојот на децата фокусот треба да биде ставен на превентивните, а не на интервентните активности).<br>- Информирање на родители за услугите што училиштето ги нуди за поддршка на учениците во надминување на проблеми со учењето, редовноста и дисциплината на учениците.<br>- Разговор и консултации со родителите.<br>- Изработено информативно видео и брошура за радители<br><br>**Работа со ученици**<br>- Учество во комисија за запишувањето на ученици во I одделение<br>- Учество во запишувањето на ученици во училиште;<br>- Следење на постигањата на учениците;<br>- Превентивни и интервентни активности за подобрување на менталното здравје;<br>- Поддршка на психичкиот, социјалниот и интелектуалниот развој на учениците за време на сите фази од нивното образование.<br>- Советување и посредување при обезбедување на помош во случаи кога учениците имаат потешкотии во учењето или однесувањето како и лични проблеми. Ова подразбира фундаментално разбирање на тешкотијата со која ученикот се соочува, со цел да препорача еден или повеќе чекори на ученикот во решавање на проблемот или со цел да се обезбеди, доколку е потребно дополнителна помош. | 13.11.2024<br><br><br>континуирано<br><br><br>мај<br><br>мај<br><br>тековно<br><br><br>континуирано |

| | |
|---|---|
| - Помош за координирање на психо-социјални активности насочени кон поддршка за учениците. Координацијата на овие активности е во надлежност со менаџментот на училиштето, но ученичкиот може да биде од клучно значење во координација на активностите со училишниот психолог, дефектологот и други.<br><br>- Превентивни активности во соработка со СВР Битола – Отсек за превенција.<br>Заемна дискусија со учениците од осмо одделение за заштита од дрога, алкохол, безбедност во сообраќајот, меѓусебно почитување, разбирање и помагање…<br><br>- Учество на стручениот соработник – педагог на настан организиран од Универзитет „Св.Климент Охридски " – Педагошки факултет во Битола на тема:„ Емпатија спрема надарените и талентираните"<br>- Работилница со учениците од VII одделение на тема „ Врсничко насилство".<br>- Учениците и насилното однесување" работилница со ученици од III одд. и стручен соработник – педагог.<br>Истата произлегува од потребната советодавна работа за врсничко насилство или насилство меѓу децата.<br>Целта е развивање на свесност за видовите насилничко однесување (исмејување, навредување, тепање…).<br>Да ја согледаат потребата да се заштитат себеси од насилничко однесување.<br>Да применуваат општествено прифатени форми на однесување, заемна почит и толеранција.<br>- „Да откриеме што е важно" – објавена статија во Училишниот весник „Ученички збор„ кој традиционално се печати по повод Патрониот празник на училиштето<br>- „Решавање конфликти-Секогаш однесувајте се со другите на начин на кој што вие сакате да се однесуваат кон Вас. „СПОДЕЛИ ПОЧИТ"<br>- Работилница<br>Изненадување (позитивно и негативно).<br>Реалност наспроти очекувања<br>- Работилница „Заедно можеме подобро"<br>- Работилница „Менталното здравје и важностра на барањето помош"<br>- Информирање на учениците за мрежата на средни училишта, занимањата кои се изучуваат во рамките на истите и условите за запишување. Презентиран Конкрс за упис во средни училишта.<br>-<br>**Работа со ученици со посебни потреби**<br>- Соработка со инклузивниот тим за образование.<br>- Соработка со наставници.<br>- Соработка со специјален едукатор и рехабилитатор. | 14.10.2024<br><br>8.11.2024<br><br>26.11.2024<br><br>4.12.2024<br><br>декември 2024<br><br>17.02.2025<br><br>26.03.2025<br><br>16.04.2025<br><br>07.05.2025<br><br>мај 2025<br><br>тековно |

| | |
|---|---|
| **Оценување**<br>- Учество во следењето на успехот на учениците во сите квалификациони периоди.<br>- Изработака на Извештаи. | Квалификациони периоди |
| **Поддршка на учениците**<br>- Подготовка на компаративни анализи за успехот, поведението и редовноста на учениците во сите класификациони периоди.<br>- Прибирање и анализирање на податоци од наставниците.<br>- Учество во организирање и спроведување на одделенски испит за ученик<br>- Член во комисија за избор на првенец на генерација | тековно<br><br>јуни<br><br>мај |
| **Соработка со наставниците од прво одделение во однос на адаптираноста на учениците во прво одделение (учење и настава)**<br>- Разговор со наставниците во врска со навонастаната состојба или проблеми во образовната практика. | Септември теково |
| **Советодавна работа со одделенските раководители за подобрување на состојбите со ученици со потешкотии**<br>- Опсервација на учениците.<br>- Разговор со наставници.<br>- Препораки за подобрување. | тековно |
| **Педагошка евиденција и документација**<br>- Изработка и зачувување на документи поврзани со педагошките активности<br>- Водење на сопствена евиденција и документација. | тековно |
| **Соработка со други институции**<br>- Презентирање, информирање и промовирање на работата на училиштето<br>- Консултирање институции при работата со одредена група ученици, наставници, родители и за сопствената работа (БРО, ДИЦ, ДПИ)<br>- Запознавање и упатување на учениците, наставниците и родителите во соодветни институциите за решавање на одреден проблеми<br>- Соработува со основните и средните училишта, и други научни институции.<br>- Локалната средина.<br>- Бирото за развој на образование Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.<br>- Центарот за социјални работи.<br>- ЈЗУ Центар за јавно здравје и др. | тековно |
| **Лично и стручно усовршување** | |
| - Континуирано ја унапредувам сопствената педагошка практика врз основа на следењето на промените и новините во системот на образованието врз основа на рефлексија и самоевалуација.<br><br>- Ја унапредувам својата работа користејќи знаења стекнати преку стручно усовршување (формално, неформално и информално). | Континуирано |

| | |
|---|---|
| - Ги идентификувам сопствените образовни потреби и го планирам својот професионален развој.<br><br>- Развивам и применува рефлективни вештини за анализирање и подобрување на сопствената практика.<br><br>- Стекнат Сертификат „ Препознавање и Соодветна реакција на сите видови насислство – примери на добри пракси“.<br><br>- Учество на панел дискусија на тема „ Предизвиците со кои се соочуваат родителите на децата со аутизам во новата ера„<br><br>- Учество на тркалезна маса „Врсничкото насилство во училиштата во Општина Битола“ – Правен факултет Битола | <br><br><br><br>17.12.2024<br><br>16.11.2024<br><br>13.03.2025 |

Стручен соработник - педагог Јасмина Андреева

## 24. Извештај од работата на специјален едукатор и рехабилитатор

**Општа цел:**

Целта е да се постигне вреднување на различностите, промовирање еднаквост и недискриминација и креирање услови и можности за учење и напредување на секој ученик.

**Специфични цели:**

1. Примена, развој и пратење на моделот за добра инклузивна пракса во училиштето, изработка на ИОП и модифицирана наставна програма соодветни на способностите, потребите и подготвеноста на секој ученик
2. Активна учество во инклузивниот и образовен процес и практична вклученост на родителите на деца со посебни образовни потреби.
3. Обезбедување и унапредување на квалитет на наставата во образование на учениците со посебни образовни потреби.

| Цели од годишната програма | Активност | Време на реализација | Реализатори |
|---|---|---|---|
| Изготвување на годишна програма за работа на специјалниот едукатор и рехабилитатор | Организирање и реализирање на активности врз основа на програмата за работа. Изготвување на годишна програма | **Август, 2024 година** | Специјален едукатор и рехабилитатор |
| **Анализа на актуелната состојба во училиштето**, идентификација на децата со посебни потреби за дополнителна поддршка, видот на попреченост<br><br>Поддршка наставници-консултативни средби за ИОП и модифицирана наставна програма<br>Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно -образовниот процес<br>Користење различни видови стратегии и приоди во индивидуалната и групната комуникација со учениците. | Опсервација на ученикот, база на податоци, педагошка евиденција, наод и мислење<br><br>Едукација на наставниците (оние кои имаат ученици со попреченост, информации за видот на попреченост, користење различни видови стратегии и приоди во индивидуалната и групната комуникација со учениците)<br><br>За секој ученик кој следи настава по ИОП или модифицирана наставна програма реализиран е состанок на ниво на ИТУ. На состанокот се разгледува документот од стручната проценка според МКФ и според истата се постапува. Ги проценуваме способностите на учениците со попреченост со цел да изработиме индивидуална | **Септември, 2024 година** | Реализирани состаноци со специјален едукатор и рехабилитатор одделенски раководители, наставници тим за ИО, родители, Реализирани состаноци со стручни лица од центарот за поддрша и ресурсен центар |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | образовна програма (ИОП) и модифицирана наставна програма<br><br>**Консултации за креирање на ИОП**-организиран состанок од страна на специјалниот едукатор и рехабилитатор со секој тим на ученик за изработка на ИОП и модифицирана наставна програма<br><br>На состаноците се потенцираше важноста од водење евиденција за развојот на децата со попреченост, како и презентирање на документ за користење<br><br>Насоки за употреба на специјални програми за употреба (пр. Специјализиран фонд за дислексија, AAC Cboard и сл.) зависно од потребите и можностите | | |
| **Пратење на напредокот на ученикот-ИОП и модифицирана наставн апрограмна -** Унапредување на достапноста на соодветните облици на поддршка на учениците<br><br>**Ангажирање на образовни асистенти и вклучување во воспитно образовниот процес**<br>**Соработка и поддршка на образовните асистенти со наставниците вклучени во редовната настава - наставници вклучени во** | **Индивидуални часови** со учениците со попреченост согласно препораките од МКФ.<br>Давање поддршка на учениците во одржувањето и унапредувањето на квалитетен и самостоен живот со активно учество во заедницата на живеење.<br><br>Образовните асистенти се присутни за време на часовите. Даваат поддршка во нивните училишни задачи.<br>По потреба присуствуваат на родителски состаноци и одделенски состаноци, на различни манифестации | Во текот учебна 2024/25<br><br>Континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор<br><br>Реализирани состаноци, консултативни состаноци и размена на сугестии помеѓу специјалниот едукатор и рехабилитатор и образовните асистенти |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **инклузивното образование**<br><br>**Индивидуални и групни советувања на родителите** | организирани во училиштето и од локалната самоуправа, според условите кои се реализираат активностите според здреавствената состојба.<br><br>Соработка со родителите, реализирање индивидуални консултации за поддршка и давање инструкции за работа со нивните деца во домашни услови.<br>Информирање на родителите за постигнувањата и поттешкотите кои ги има детето.<br>Планирање и овозможување за вклучување на родителите во одделени сегментни во воспитно-образовниот процес (пр. Изработка на ИОП и модифицирана наставна програма)<br>Редовно информирање на родителите за децата со попреченост за нивните права. Обврски и бенефиции кои можат да ги добијат и ги упатува до релевантни институции за помош. | Континуирано | Реалзирани консултативни состаноци меѓу специјалниот едукатор и рехабилитатор и родители |
| **Соработка со стручни институции и организации** | **Септември** - НУУБ “ Св. Климент Охридски” - Битола заедно со учениците од ОУРЦ. “Кочо Рацин”-Битола и учениците од третто одделение од ОУ. “Даме Груев” – Битола реализираа работилница по повод ***Меѓународниот ден на знаковниот јазик и*** | **Септември 2024 година** | Специјален едукатор и рехабилитатор, одделенски раководител, ученици, стручни соработници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ***Светскиот ден на мирот*** кои се одбележуваат во месец септември.<br>Преку прекрасна драматизација на знаковен јазик на тема “Мир во светот да царува, секој со секого да другарува!” учениците од двете училишта испратија порака за мир во светот, покажувајќи големо другарство и инклузија.<br><br>***3 ти Декември, Меѓународен ден на лицата со попреченост.*** Учество со учениците од III-а на настан под мотото<br>***“ Различно исти”*** во организација на ОУРЦ. “Кочо Рацин”-Битола.<br><br>Учество на традиционалниот *Марш по Широк Сокак под мотото* ***“Обои ме во пријател “*** во организација на Лајонс Клуб Кабадаја - Битола<br><br>Учество со учениците од Iв на традиционална ***црвено-бела*** предновогодишна забава оваа година под мотото<br>***,, МАЛИ РАДОСТИ ЗА ГОЛЕМИ ДЕЦА" во организација на ОУРЦ ,,Кочо Рацин "- Битола***<br><br>Учество на работилница на тема: ***“Моќта на библиотерапијата како средство за борба со анксиозноста и предизвикувачко однесување”.*** | **Септември 2024 година**<br><br>**Декември 2024година**<br><br>**Декември 2024година**<br><br>**Декември 2024година**<br><br>**Септември 2024 година** | Директор, специјален едукатор и рехабилитатор , наставници, образовни асистенти<br><br>Специјален едукатор и рехабилитатор , наставник, образовен асистент, личен асистент, ученици<br><br>Центар за поддршка и помош на деца и лица со попреченост |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Поддршка на професионалниот развој и соработка во училиштето** | Учество на панел дискусија: ***“Форум во заедницата Имунизација за здрави заедници – ХПВ и Морбили”.***<br><br>**Меѓународниот ден на белиот стап,** ден посветен на признавање на значењето на белиот стап во животот на слепите лица и лицата со оштетен вид, а не потсетува на важноста на разбирање и почитување на различноста, надминување на стереотипите и дискриминацијата.<br>По тој повод учениците од IV- а одделение се запознаа со какви потешкотии се соочуваат лицата со оштетен вид преку симулација со наочари, се запознаа со тоа дека слепите лица можат да читаат користејќи го сетилото за допир и начинот на кој слепите лица читаат и пишуваат користејќи Брајево писмо.<br><br>Учество на Меѓународна научно стручна конференција ***“75 години организирана едукација и рехабилитација и вработување на лица со попреченост во РСМ”.***<br><br>Учество на Панел дискусија ***“ Од различна перспектива: Предизвици со кои се соочуваат родителите на деца со аутизам во новата ера “.***<br><br>Учество на практична обука ***“Невидливи предизвици, видливи решенија: практична поддршка за учениците со дислексија”*** | **Октомври 2024 година**<br><br>**Ноември 2024 година**<br><br>**Ноември 2024 година**<br><br>**Ноември 2024 година** | **“Сложувалка срце”**<br><br>**НУУБ “ Св. Климент Охридски”** – Битола и **Здружението за одржлив развој БИОМ** - Скопје<br><br>Специјален едукатор и рехабилитатор, одделенски раководител, ученици, психолог<br><br>Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори<br><br>Центар за подобрување на квалитетот на животот на лицата со |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Учество на практична обука ***„Дискалкулија - практични методи и алатки„***<br><br>Учество на настан на кој беа презентирани активности на полето на инклузија<br><br>**Април-** со учениците од VII а, беше одбележан Светскиот ден на лицата со аутизам. Учениците имаа можност за се запознаат со основните карактеристики на аутизмот и да сфатат дека и лицата со аутизам како и сите отанати треба да ги уживаат своите права и да живеат среќен и исполнет живот. За таа цел специјалниот едукатор и рехабилитатор и психологот им одржаа кратка презентација на тема: “Да го разбереме аутизмот’’. И имаа можност да погледнат кратко видео “Неверојатни нешта се случуваат”.<br><br>**Учество на консултативни состаноци на секцијата на стручните соработници** од Основните училишта од општините Битола, Могила, Новаци<br>Учество во **Фокус група** кој е дел од проектот “Поддршка на понатамошната имплементација на моделот на проценка за дополнителна поддршка во образованието, здравствената и социјалната заштита на деца и млади брз основа на МКФ”. | **Ноември 2024 година**<br><br>**Декември 2024 година**<br><br>**Април 2025 година**<br><br>**Континуирано**<br><br>**Јуни** | интелектуална попреченост **ПОРАКА нова и МНЗА.**<br><br>**Здружение за дислексија АЈНШТАЈН**<br><br>**Здружение за дислексија АЈНШТАЈН**<br><br>**Тимот за инклузија на СОЗУ„Кузман Шапкарев”**<br><br>**Тим за ИО, Наставници, Стручни соработници**<br><br>**Стручни соработници**<br><br>**Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори поддржано од УНИЦЕФ** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Соработка со други важни институции, локалната самоуправа и др.** | **Министерство за образование и наука**<br><br>**БРО**<br><br>**Центар за поддршка во учењето на деца со попреченост ООУ„Ѓорги Сугарев“- Битола**<br><br>**ОУРЦ „Кочо Рацин“- Битола**<br><br>**МКФ – Стручно тело за функционална проценка - Битола**<br><br>**Општина Битола** | **Во текот на учебна 2024/25 година** | Директор, Специјален едукатор и рехабилитатор, стручни соработници |

Специјален едукатор и рехабилитатор: Катерина Митревска

## 25. Извештај од работата на стрчен соработник - психолог

Годишниот извештај за реализирани цели во работата на психологот во ОУ „Даме Груев“ – Битола за учебната 2024/2025 година претставува систематски преглед на спроведените активности, програми кои беа насочени кон поддршка на психо-социјалниот развој на учениците, соработка со наставниците, родителите и пошироката заедница.

***Активности за реализација на целите:***

| Активности | Цели | Носител на активностите | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Изработка на сопствена годишна програма. | Професионален развој. | Психолог | Август 2024. |
| Учество во подготовка и организација на првиот училишен ден. | Училишна организација. | Директор<br>Одделенски наставници<br>Педагог<br>Психолог | Септември 2024г. |
| Прием на првачиња. | Училишна структура, организација. | Директор<br>Одделенски наставници<br>Педагог<br>Психолог | 2ри Септември 2024г. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Учество во подготовка на табели за потребите на Бирото за развој на образованието со барани податоци. | Соработка со заедницата. | Директор<br>Педагог<br>Психолог | Септември 2024г. |
| Реализирани консултативни состаноци, организирани од спацијалниот едукатор и рехабилитатор, на ниво на ИТУ за секој ученик одделно. | Разгледување на стручните проценки за функционирање според МКФ, истакнати силни и слаби страни на учениците, врз основа на кои ќе се изработи ИОП или модифицирана наставна програма согласно проценката,<br>цели кои ќе се реализираат во учебната 2024/25г. И насоки за работа со ученикот<br>според попреченоста. | Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Психолог<br>Инклузивен тим | Септември 2024г. |
| Следење на адаптацијата на учениците во прво одделение. | Поддршка при адаптација на учениците во нова средина. | Педагог<br>Психолог | Октомври 2024, во текот на целата учебна година. |
| Следење на процесот на адаптација на учениците кои се новозапишани во училиштето. | Поддршка при адаптација на учениците во нова средина. | Педагог<br>Психолог | Октомври 2024г, во текот на целата учебна година. |
| Следење на редовноста на учениците и преземање активности за оние ученици кои отсуствуваат од настава. | Редовна посета на настава. | Педагог<br>Психолог | Октомври 2024г, во текот на целата учебна година. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Индивидуални разговори со ученици кои имаат емоционални проблеми и потешкотии. | Обезбедување помош и поддршка. | Психолог<br>Педагог | Октомври 2024г- во текот на целата учебна година. |
| Индивидуални разговори со ученици со попреченост. | Обезбедување помош и поддршка. | Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Психолог | Октомври 2024г.- во текот на целата учебна година и по потреба. |
| Учество на панел дискусија: “Форум во<br>заедницата<br>Имунизација за здрави<br>заедници – ХПВ и Морбили”. | Поддршка на професионалниот развој и соработка во училиштето. | НУУБ “ Св. Климент Охридски” – Битола и<br>Здружението за одржлив развој БИОМ<br>- Скопје | Октомври 2024г. |
| Реализација на посета на час кај предметните и одделенските наставници и остварување на индивидуални советодавни средби со цел согледување на констатираната состојба на часот. | Анализа и давање повратни информации за подобрување на наставниот процес. | Директор<br>Педагог<br>Психолог | Ноември 2024г. |
| Учество на Панел дискусија “ Од различна перспектива: Предизвици со кои се соочуваат родителите на деца со аутизам во новата ера “. | Поддршка на професионалниот развој и соработка во училиштето. | Македонско научно здружение на аутизам<br>Општина Битола | 16ти Ноември 2024г. |
| Подготовка и испраќање на покани за реализација на советувања на родители имаат намален успех во учењето и/или зголемено отсуство од настава. | Припрема за советодавна работа. | Психолог<br>Педагог | Ноември 2024г. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Реализација на групно советување на родители чии деца имаат намален успех во учењето (три или повеќе негативни оцени) | Советодавна работа со родителите за надминување на индивидуалните причини и потешкотии кои довеле до брз пад на успехот кај учениците. | Психолог | Ноември 2024г. |
| Реализација на групно советување на ученици со намален успех во учењето (три или повеќе негативни оцени) | Советодавна работа со ученици и помош при надминување на индивидуалните причини и потешкотии кои довеле до брз пад на успехот. | Психолог | Ноември 2024г. |
| Учество во училишниот весник со авторски текст на тема „Врсничко насилство-како да го препознаеме и спречиме“ , со цел подигнување на свеста за превенција и препознавање на врсничкото насилство. | Професионален разбој Подигнување на свеста за превенција и препознавање на врсничкото насилство. | Психолог | Декември 2024г. |
| 3 ти Декември, Меѓународен ден на лицата со попреченост. Учество со учениците од III-а на настан под мотото “ Различно исти” во организација на ОУРЦ. “Кочо Рацин”-Битола. | Едукација на учениците од редовната популација за разбивање на предрасудите за корисниците на инклузивното образование. | ОУРЦ. “Кочо Рацин”-Битола Специјален едукатор и рехабилитатор Психолог | 3ти Декември 2024г. |
| Во соработка со Центарот за јавно здравје, одржана работилница на тема „Ментално здравје“ пред учениците од VIодд | Соработка со Центар за јавно здравје. Подигање на свеста на учениците за меналното здравје. | Центар за јавно здравје Психолог | 16ти Декември 2024г. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Учество со учениците од Iв на традиционална црвено-бела предновогодишна забава оваа година под мотото „ МАЛИ РАДОСТИ ЗА ГОЛЕМИ ДЕЦА“ во организација на ОУРЦ ,,Кочо Рацин„-Битола | Едукација на учениците од редовната популација за разбивање на предрасудите за корисниците на инклузивното образование. | ОУРЦ. “Кочо Рацин”-Битола Специјален едукатор и рехабилитатор Психолог | 24ти Декември 2024г. |
| Во соработка со Центарот за јавно здравје, одржана работилница на тема „Ментално здравје“ пред учениците од VIII одд. | Соработка со Центар за јавно здравје. Подигање на свеста на учениците за меналното здравје. | Центар за јавно здравје Психолог | 25ти Декември 2024г. |
| Прибирање податоци за ученици кои се надарени и талентирани. | Идентификација на талентирани и надарени ученици. | Педагог Психолог Наставници Тим за работа со талентирани и надарени. | Во текот на целата учебна година. |
| Подготовка и испраќање на покани за реализација на советувања на родители имаат намален успех во учењето и/или зголемено отсуство од настава. | Припрема за советодавна работа. | Психолог Педагог | Јануари 2025г. |
| Подготовка на полугодишен извештај за работа. | Извештај за работа. | Психолог | Јануари 2025г. |
| Реализација на индивидуално советување на родители чии деца имаат намален успех во учењето (три или повеќе негативни оцени) | Советодавна работа со родителите за надминување на индивидуалните причини и потешкотии кои довеле до брз пад на успехот кај учениците. | Психолог | Јануари-Февруари 2025г. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Реализација на индивидуално советување на ученици со намален успех во учењето (три или повеќе негативни оцени) | Советодавна работа со ученици и помош при надминување на индивидуалните причини и потешкотии кои довеле до брз пад на успехот. | Психолог | Јануари-Февруари 2025г. |
| Спроведување на RIASEC тест со учениците од IX одд. | Преку пополнување на работниот лист, учениците да дознаат која е најсоодветната кариерна патека за нив, според нивните интереси. | Психолог. | Февруари 2025г. |
| Во соработка со Центарот за јавно здравје, одржана работилница на тема „Ментално здравје“ пред учениците од VII одд. | Соработка со Центар за јавно здравје. Подигање на свеста на учениците за меналното здравје. | Центар за јавно здравје Психолог | 3ти Февруари 2025. |
| Во соработка со Центарот за јавно здравје, одржана работилница на тема „Ментално здравје“ пред учениците од IX одд. | Соработка со Центар за јавно здравје. Подигање на свеста на учениците за меналното здравје. | Центар за јавно здравје Психолог | 17ти Февруари 2025. |
| Информирање за конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2025/2026 година. | Информирање за конкурсот за запишување во средно образование објавен од МОН. | Психолог Класни раководители. | Март 2025г. |
| Присуство на обука на тема „Интервенција во криза во услови на колективна траума“ оддржана од Психолошкото советувалиште во соработка со УКЛО. | Соработка со заедницата Обука за Интервенција во криза во услови на колективна траума. | Психолошкото советувалиште во соработка со УКЛО. | Март 2025г. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Реализација на посета на час кај предметните и одделенските наставници и остварување на индивидуални советодавни средби со цел согледување на констатираната состојба на часот. | Анализа и давање повратни информации за подобрување на наставниот процес. | Директор<br>Педагог<br>Психолог | Март 2024г. |
| Спроведена работилница со учениците од VI одделение на тема: Разрешување конфликти. | Да ги препознаат различните видови конфликти, да научат стратегии за мирно решавање. Да развиваат емпатија и активно слушање. | Психолог | Април 2025г. |
| Подготовка и испраќање на покани за реализација на советувања на родители имаат намален успех во учењето и/или зголемено отсуство од настава. | Припрема за советодавна работа. | Психолог<br>Педагог | Април 2025г. |
| Присуство на обука „Обука за развој на рариера во основните училишта“ за кариерно советување на учениците одржана од МОН во соработка со Националната агенција за мобилности и Асоцијацијата на кариерни советници. | Професионален развој. | МОН во соработка со Националната агенција за мобилности и Асоцијацијата на кариерни советници. | 29ти Април 2025г. |
| Реализација на индивидуално советување на родители чии деца имаат намален | Советодавна работа со родителите за надминување на индивидуалните причини и | Психолог | Април-Мај 2025г. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| успех во учењето (три или повеќе негативни оцени) | потешкотии кои довеле до брз пад на успехот кај учениците. | | |
| Реализација на индивидуално советување на ученици со намален успех во учењето (три или повеќе негативни оцени) | Советодавна работа со ученици и помош при надминување на индивидуалните причини и потешкотии кои довеле до брз пад на успехот. | Психолог | Април-Мај 2025г. |
| Соработка со заедницата: Организирање на посета од страна на претставници од средните училишта („Јахја Кемал“,СОЕУ ,,Јане Сандански"- Битола, „SABA“,„Д-р Јован Калаузи“ Битола, СОУ ,,Таки Даскало"- Битола, „Ѓорѓи Наумов“ Битола, „Јосип Броз Тито“-Битола) презентација пред учениците од IX одделение, како и посета на средните училишта на нивните отворени денови. | Презентирање на образовните профили и насоки, запознавање со просториите и опремата со кои располагаат училиштата, како и со можностите кои ги нудат. | Психолог Претставници од средните општински училишта Класни раководители. | Април-Мај 2025г. |
| Упис на првачиња во прво одделение. | Остварување на правото на школување. | Психолог Комисија за упис на првачиња | Мај 2025г. |
| Реализирани вежби за евакуација на учениците и училишниот персонал во случај на пожар во соработка со Територијална противпожарна единица. | Соработка со заедницата. | Територијална противпожарна единица | 8ми Мај 2025г. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Индивидуални разговори со учениците од IX одделение за правилен избор на нивното понатамошно образование. | Преку индивидуални разговори со секој ученик, за правилен избор на понатамошно образование. | Психолог | Во текот на II полугодие во учебната 2024-2025г. |
| Изработка на годишни извештаи: за работата на психологот и извештај од програмата за професионална ориентација на учениците од VIII и IX одделение. | Евалуација и извештај за вкупната работа на психологот. | Психолог | Јуни-Јули 2025г. |

Стрчен соработник психолог Габриела Ристевски

## 26. Извештај од работата на училишната библиотека

Одговорни наставници:
м-р Билјана Герас
д-р Роза Јовановска

Библиотекарска секција „Млади читатели"- членови:
1. Леона Аземовска – 9б
2.Анастасија Блажевска – 8в
3.Стефанија Бејковска – 8в
4.Мерт Рустемов – 8в
5.Јасна Тасевска – 8г

Училишната библиотека во текот на оваа учебна година, со разноликоста на своите содржини и активности, се стремеше да се вклопи во воспитно-образовниот процес. Преку книжевниот фонд кој го поседува, како и негово збогатување преку донаторски акции, библиотеката и библиотечниот простор стана нивно секојдневие, потреба и катче каде учениците поминуваат дел од своето време. Активностите се организираат според изготвената Годишна програма за работа на училишната библиотека. Се реорганизира и библиотекарска секција „Млади читатели", во која доброволно членуваат ученици од 6-9 одделение и истите активно се вклучени во сите активности предвидени со Годишната програма на секцијата.
Секцијата има и своја ФБ група преку која редовно ги споделува сите активности на Секцијата.
Членови на Библиотекарската секција учествуваа на литературни и ликовни конкурски на

ниво на училиште, општинско и државно ниво, каде освоија некои од наградите.
На почетокот на учебната година беа примени и распределени бесплатни учебници од 1-9 одд., испратени од МОН, за кои се води соодветна евиденција.
Според Програмата на Училишната библиотека, беше одбележан Месецот на книгата и Меѓународниот месец на училишните библиотеки, преку организирање на доброволно подарување на книга, како и сликање на мурал на влезот од библиотеката, во соработка со учениците, членови на ликовната секција и нивниот предметен наставник Весна Дунимагловска. Со ова се оживеа самиот влез и доби поинакво, модерно и автентично претставување.
Благодарност за нашите ученици и родители кои ја покажаа нивната хуманост, искрено и од срце, донираа училишен прибор за поддршка на семејствата од социјален ризик.
Преку соработка со Младите на ЦКРСМ нашето училиште се вклучи во кампањата,
,, За посреќно детство", која се организираше во училишната библиотека.
Редовна е соработката со Црвениот крст на Општина Битола, во организација на хуманитарни акции за донирање на хигиенски средства.
По повод Европскиот ден на јазиците, 26 Септември, во училишната библиотека беше реализирана работилница од страна на учениците членови на француската и германската секција и нивните предметни наставници.
По повод Патрониот празник нашето училиште,во училишната библиотека беа организирани низа на активности, како и доделување на наградите од ликовниот и литературниот училишен конкурс. Беше реализирана работилница со учениците од 8мо и 9то одд. од германската секција, со наставничките Данијела Босилковска и Симеона Павловска. Темата беше "Ich und du" -„Јас и ти", каде осознаваа колку секој човек е важен и сечии чувства се важни преку разни активности, игри и песни. Исто така, беше организирана и презентација на сработени проекти од учениците од германската секција и работилница со наставничката Данијела Босилковска на тема „Mein Körper" -Моето тело, со учениците од 6то и 7мо одд.
Во училишната библиотека се води редовна евиденција на членови, како и позајмени книги од страна на учениците, наставниците и другите вработени во училиштето, со што се придонесува во заштитата на библиотечниот фонд. Библиотеката располага со дела кои се обработуваат во средно образование, па често им излегува во пресрет на наши поранешни ученици, кои се задолжуваат со книги на име на нивен член од семејството, брат или сестра кои се́ уште учат во нашето училиште.
Освен активностите што ги организира Библиотекарската секција, во училишната библиотека се организираат и други активности: предавања, проекти, презентации, групни и поединечни посети на ученици, изложби, настани, во кои учествуваа сите ученици, во соработка со локалната самоуправа и други институции,а со цел подигање на воспитно-образовниот процес на повисоко ниво, како и задоволување на интересите од повеќе сфери на животот.
Преку овие активности видлива е соработката на Училишната библиотека со наставниците, Активите, Тимовите, како и Педагошко-психолошката служба во училиштето и Советот на родители.

- ✓ На 28 април библиотекарот д-р Роза Јовановска учествуваше на работилница: Библиотеките против булингот и сајбер булингот во организација на НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" Битола,
- ✓ На 15 и 16 мај библиотекарот д-р Роза Јовановска учествуваше со стручен труд на петтата меѓунарона конферецција на библиотекари „ Услуги за корисници со посебни потреби и лица со попреченост" во организација на *Библиотекарското здружение на Македонија*.
- ✓ На 4 и 5 мај библиотекарот д-р Роза Јовановска учествуваше на меѓународна

конференција „Иновативни библиотечни програми„ во организација на НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски‘‘ Битола.

- ✓ На 18 мај библиотекарот д-р Роза Јовановска учествуваше на семинар „ Библиотекарите учат како да ги заинтересираат децата за книгите во дигитално време‘‘.

Во текот на месец мај беше извршена нарачка на учебници за учебната 2025/2026 година.
Во текот на целата година, од страна на поединци, се врши доброволна донација на книги, со која се придонесува за збогатување на библиотечниот фонд и истите се евидентираат.
Во текот на месц јуни беше изработена и Програмата за работа на библиотеката и Библиотекарската секција, за учебната 2025/2026 година.

## 27. Извештај - Наставнички совет

Наставничкиот совет е највисок стручен орган кој води грижа за целокупната воспитно- образовна работа во училиштето. Членови на Наставничкиот совет се сите вработени наставници и стручни соработници. Со него раководи директорот на училиштето.
Тој е иницијатор на осовременување на наставниот процес, затоа се залага за примена на иновациите во наставата како и примена на активни методи форми и средства кои го подобруваат квалитетот на наставата. Како највисок стручен орган се ангажира во остварувањето на задачите што произлегуваат од општата програмска структура. Една од тие задачи секако е следењето и подобрувањето на квалитетот на наставниот процес, како и следењето на слободните ученички активности, ученички организации, јавна и културна дејност, грижа за здравјето на учениците и друго.
Наставничките совети секогаш биле збогатувани со најразлични теми и содржини кои биле во интерес на унапредувањето на наставниот процес.
Секако значајно место на нашите наставнички совети биле реализациите на постигнатите успеси и поведението на учениците на тримесечието, полугодието и крајот на учебната година. Од направената анализа се согледува моменталната состојба на успехот и поведението на учениците и се бараат соодветни форми , методи и средства за нивно подобрување . Следејќи го успехот и поведението на учениците дава предлози за нивно наградување како и опоменување.
На Наставнички совет исто така се реализираа содржини поврзани со целите на делување според развојниот план како: реализација на додатната и дополнителната настава и слободните активности, работа на создавање на позитивна клима во училиштето, усогласување на критериумот за оценување и вреднување на ученичките знаења и друго.
За време на деценисо постоење и работа на учлиштето низ Наставничкиот совет минале повеќе членови кои дале свој особен придонес во унапредувањето на воспитно-образовниот процес.
Голем број од нив дале свој придонес на полето на теоријата ,практиката, науката и учебникарството.
Наставничкиот совет како највисок стручен орган одржа состаноци. Состаноците на Наставнички совет се одржаа во следниве датуми:

- 29.08.2024
- 15.10.2024
- 13.11.2024
- 16.01.2025
- 18.02.2025
- 15.04.2025
- 02.06.2025
- 10.06.2025
- 20.06.2025
- 04.07.2025

За сите одржани состаноци на Наставничкиот совет се водени Записници.
Наставничкиот совет на состаноците ги реализира следните активности:
• Подготовки и организација на наставата и вонннаставните активности;
• Организација на активности за прославата на Патрониот празник на училиштето;
• Распоредување на наставни часови по Наставниот план и програма;
• Усвојување на Годишна програма за работа на училиштето;
• Усвојување на Годишен извештај за работа на училиштето;
•Анализа на постигањата на учениците на првото тримесечие, првото полугодие, третото тримесечие и на крајот на учебната година;
• Утврдување на Награди и педагошки мерки на учениците;
• Презентации на проекти и програми по одржани обуки;
• Организирање Интерни обуки за наставници;
• Комисии, активности, информации...
• Информации од одржани родителски состаноци;
• Информации од работата на Одделенските совети;
• Информации од работата на Советот на родители;
•Избор на првенец на генерација.
•Разгледување на Извештај на ментор за совладување на основните професионални компетенции на наставник-приправник и давање Предлог на Наставничкиот совет за полагање на приправничкиот испит за наставникот-приправник
•Организација и анализа на училишни активности - одбележување на празници, приредби, манифестации, натпревари и изложби...

| **Цел** | **Организаија на воспитно-образовната дејност на училиштето** |
|---|---|
| Содржина | Активности во врска со новата учебна 2024/2025 година<br>Формирање паралелки, распределба на часови по предмети и одделенија,одредување на одделенски раководители, прием на првачиња и други задолженија<br>Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работа на училиштето од претходната учебна година<br>Разгледување и усвојување на Годишната прорама за работа на училиштето за новата учебна 2024/2025 година<br>Инормација за планирани екскурзии за учебна 2024/2025 година |
| Реализатор | Директор, стручна служба |
| Ресурси | Информации, годишен извештај, годишна програма, програма за екскурзии, предлог распределба на часови, извештаи |
| Ефекти | Успешна организација и реализација на воспитно-образовната дејност на училиштето |
| Цел | Размена на искуства меѓу наставниците и учениците<br>Стручно усовршување на наставниците<br>Квалитетен развој на училиштето |
| Реализатор | Директор, стручни соработици, менаџерски тим |
| Ресурси | Стручна литература, развоен план |
| Ефекти | Реализација на предвидените наставни прорами |
| Цел | Согледување на постинатиот успех, редовност и поведение на учениците.<br>Подинување на нивото на мотивираост на родителите за вклучување во активностите и подобрување на успехот на учениците<br>Развивање социјални вештини и емоционална стабилност |

| | |
|---|---|
| | Активности и задолженија на носителите по повод Патрониот празник<br>Училишен весник |
| Содржина | Осврт на постигнатиот успех, редовност и поведение на учениците во првиот класификационен период  во учебна 2024/2025 година<br>Извештај за реализирани индивидуални  средби и советување на родители и ученици<br>Активности за одбележување на патрониот празник на училиштето |
| Реализатори | Директор, стручни соработици, наставници |
| Ресурси | Индивидуални извештаи, записници |
| Ефекти | Целосен увид во постиањата на учениците и нивно оценување |
| Цел | Соледување на ефектите и реализација на наставата во прво полугодие<br>Реализирање на приоритетите за учебната година<br>Позитивна училишна клима |
| Содржина | Извештај за работата на училиштето во прво полугодие<br>Увид во превзмени активности за реализација на предвидените приоритети |
| Реализатори | Директор, стручни соработници, стручни активи |
| Ресурси | Извештај за прво полугодие, извештаи од стручни активи, извештаи од стручни соработници |
| Ефкти | Унапредување на наставата и целокупната работа на училиштето<br>Поквалитетна настава и подобрување на успехот на учениците<br>Подигање на безбедноста на повисоко ниво, толеранција и меѓусебно почитување и здравствена заштита |
| Цел | Соледување на реализацијата и резултатите од наставата и воннаставните активности<br>Успешна презентација и информирање на пошироката јавност за постигањето а училиштето |
| Содржина | Анализа на реализација на наставниот материјал од задолжителна и изборна настава и воннаставни активности во третиот квалификационен период<br>Осврт на постинатиот успех, редовност и поведение на учениците во третиот квалификационен период |
| Реализатори | Директор, стручни соработнии, комисии |
| Ресурси | Записници, програми, искуства |
| Ефекти | Унапредување и подигање на квалитетот на дејност на училиштето<br>Презетација и афирмација на училиштето во локалната средина |
| Цел | Презентација на постиањата на учениците<br>Согледување на јаки и слаби страни во работата на училиштето |
| Содржина | Анализа на постинатите резултати на учениците од  училишните, општинските, регионалите и државни натпревари |
| Реализатори | Директор, наставници, стручни соработници |
| Ресурси | Искуства, информации, податоци и резултати од ранг листи |
| Ефекти | Успешно презентирање на постиањата на училиштето и јакнење на одоворноста на носителите<br>Стекнување сознанија и искуства за примена во наредна учебна година<br>Поквалитето оценување |

| | |
|---|---|
| | Подобрување на работата на училиштето |
| Цел | Согледување на ефектите од реализација на програмата за работа на училиштето во учебна 2024/2025 година<br>Соледување на реализација на предвидените приоритети за учебната година<br>Увид во јаките и слабите страни во работата на училиштето |
| Содржина | Анализа и усвојување на извештајот за работа на училиштето во учебна 2024/2025 година<br>Формирање комисии за одделенски испити и други потреби<br>Приоритети за учебната година |
| Реализатори | Директор, стручни соработници, стручни активи, комисии |
| Ресурси | Извештај од реализација на наставата, извештаи |
| Ефекти | Добиените сознанија и резултати да се искористат за изготвување на годишна програма за работа за учебната 2025/2026 година<br>Квалитетна во воспито-образовата дејност |

## 28. Извештај - Стручен актив странски јазици

Работата на Активот за странски јазици во нашето училиште за оваа учебна година се одвиваше според програмата на стручниот актив која што беше изготвена на почетокот на учебната година, со меѓусебна соработка помеѓу сите предметни наставници (англиски, германски и француски јазик).

Од одржаните состаноци се покажа дека сите наставници изготвуваат планирања кои имплементираат наставни содржини во согласност со новите наставни програми изготвени од страна на Бирото за развој на образованието за оваа учебна година.

Планираните отворени часови во целост се реализирани од страна на предметните наставници, според програмата за работа на стручниот актив.

Редовно се одржуваа состаноци на кои се дискутираше за реализацијата на планираните активности, како и состаноци со стручната служба.

Учениците на крајот на учебната година беа оценети од страна на сите предметни наставници по странски јазици. Дел беа оценети описно, а дел бројчано.

Активности кои вредат да се споменат се:

- Одбележан Европскиот Ден на странски јазици од страна на сите наставници по странски јазик
- Одбележан Денот на учителот со активности од старана на сите наставници од активот
- Во рамките на прославата за 4ти Ноември, Денот на ослободувањето на нашата Битола ,нашите ученици кои го изучуваат францускиот јазик ја посетија Малата школа за француски филм од Нанси која по трет пат ја имаме во Битола . Наставник по француски јазик – Биљана Додовска Георгиев.
- Секцијата по германски јазик имаше работлница за 6то и 7мо одд на тема:„Моето тело“ со квиз активности и учење на нов вокабулар- Наставнички Данијела Босилковска и Симеона Павловска
- Секцијата по германски јазик имаше работилница за 8мо и 9то одд на тема :„Јас и ти“ со цел подигање на свеста за емпатијата и психичкото здравје на децата и тие околу нив. -Наставнички Данијела Босилковска и Симеона Павловска
- Секцијата по англиски јазик од подрачното училиште со наставничка Снежана

Стојановска-Запознавање со различни култури,со англискиот автор Шекспир, неговиот Хамлет и легендарното (да се биде или не) To be or not to be.

Научија дека нема ништо гнило во државата Данска.Напротив,Копенхаген го има изразот “ћygge” и Музејот на среќата(Happiness museum)а тие во ПУ-с. Долно Оризари направија ѕид на среќата(Happiness wall )кој е збир на одговори од сите ученици и наставници,што е за нив “ћygge”.

- Учениците од четврто одделение пишуваа Писмо до Дедо Мраз под менторство на наставничката Ана Крстеска.
- Во ПОУ Карамани се направи новогодишна работилница по повод Патрониот празник на училиштето со пораки за мир, здравје, среќа и љубов на македонски и англиски јазик. Оваа работилница беше под менторство на наставничката Александра Крстевска во соработка со одделенските наставнички од подрачното училиште.
- Учениците од секциите по француски, германски и англиски јазик изработија новогодишни честитки и имаа презентации за тоа како се прославува Божиќ во различни земји Наставнички – Биљана Додовска Георгиев , Данијела Босилковска, Елена Богоевска
- „Учениците кои го изучуваат германскиот јазик беа вклучени во Новогодишен Базар во рамките на Новогодишното празнување во општина Битола .Наставници – Данијала Босилковска и Симеона Павловска
- Сите наставници со најразлични активности беа вклучени во одбележувањето на Патронатот .
- Одбележување на Меѓународниот ден на мајчиниот јазик-21 февруари.

РЕГИОНАЛЕН натпревар по германски јазик
Маја Петков и Марија Котевска со освоени 38 од 40 поени и освоено ВТОРО МЕСТО успешно се пласираа на државниот натпревар
8мо одд Илина Нешковска со освоени 36 поени и освоено ВТОРО МЕСТО успешно се пласира на државниот натпревар
Успешно учество и Пофалница за
Марија Крстевска (осмо одд) - ментор Симеона Павловска
Надја Петровска (осмо одд) - ментор Симеона Павловска
Марија Василевска (шесто одд) - ментор Данијела Босилковска

Гледање на цртан филм на германски јазик во централното и ПОУ Долно Оризари, заедно со активности ,квиз итн. –Наставнички Данијела Босилковска и Симеона Павловска

ДРЖАВЕН натпревар по германски јазик,
7мо одд. Марија Котевска –ТРЕТА НАГРАДА ,ментор Данијела Босилковска.
8мо одд.Илина Нешковска - ПРВА НАГРАДА ,ментор Симеона Павловска.

Активности за одбележување на 8ми март – честитки на француски, германски јазик и англиски јазик, презентации на трите јазици на тема :„Зошто се слави 8-ми Март?“

ОПШТИНСКИ натпревар по англиски јазик :
Ива Диманоска, ПРВО место, ментор Валентина Ивановска.
Јована Радевска, ВТОРО место, ментор Елена Богоевска.
Леона Лазаревска, ВТОРО место, ментор Валентина Ивановска.
Ведран Неделковски, ВТОРО место, ментор Јулија Страла.
Алексеј Ивановски, ВТОРО место, ментор Јулија Страла.

Ѓорѓи Стефановски, ТРЕТО место, ментор Елена Богоевска.
Илина Нешковска, ТРЕТО место, ментор Елена Богоевска.
Софија Гакова, ТРЕТО место, ментор Валентина Ивановска.
На општинскиот натпревар успешно учество со освоена ПОФАЛНИЦА имаат:
Емилија Дабеска, ментор Јулија Страла.
Христина Врчковска, ментор Елена Богоевска.

РЕГИОНАЛЕН натпревар Олимпијада по француски јазик за 8мо и 9то одделение
Ана Ванчевска ПРВО место 9то одделение
Алексеј Ивановски ЧЕТВРТО место
Успешно учество на овај натпревар имаа и учениците :
Ема Медаровска ,Мила Стојчевска ,Дариа Стерјоска, Ментор Биљана Додовска Георгиев
- На регионалниот натпревар за VI одделение ученичката Меланија Ристевска од VI в го освои 2 место .

РЕГИНОАЛЕН натпревар по англиски јазик
Петто одд.-Јована Радевска ПРВО место - продолжува на државен натпревар
Ѓорѓи Стефановски ПОФАЛНИЦА, Ментор: Елена Богоевска
Шесто одд. Ведран Неделковски ВТОРО место - продолжува на државен натпревар, Ментор: Јулија Страла
Седмо одд. Леона Лазаревска ПРВО место - продолжува на државен натпревар
Ива Диманоска ВТОРО место - продолжува на државен натпревар,
Ментор: Валентина Ивановска
Осмо одд. Илина Нешковска ВТОРО место - продолжува на државен натпревар,
Ментор: Елена Богоевска
Осмо одд. Алексеј Ивановски ПРВО место - продолжува на државен натпревар,
Ментор :Јулија Страла
Деветто одд.Софија Гакова ТРЕТО место, Ментор: Валентина Ивановска

- Активности за одбележување на Ден на планетата земја.
- Настан по повод Велигден со учениците кои учат германски јазик и ученици од 5то одд на кое нашето училиште беше домаќин , а организатори беа наставничките по германски јазик Данијела Босилковска и Симеона Павловска . На настанот учествуваа скоро сите основни училишта од Битола , а најдобрите изработки беа наградени.
- Активности за Велигден на германски ,англиски и француски јазик- изработување на честитки и презентации како се слави Велигден во различни земји- Наставнички Данијела Босилковска, Биљана Додовка Георгиев и Елена Богоевска и во ПОУ Долно Оризари Симеона Павловска и Биљана Додовска Георгиев
- Работилница во СОУ "Таки Даскало" по повод патрониот празник на училиштето и одбележување на јубилејот 40 год постоење. Учениците имаа активности на германски јазик.

ДРЖАВЕН натпревар по англиски јазик
Петто одд. Јована Радевска - трета награда, Ментор: Елена Богоевска
Седмо одд. Леона Лазаревска - втора награда, Ива Диманоска - трета награда,
Ментор: Валентина Ивановска
Осмо одд. Илина Нешковска -успешно учество, Ментор: Елена Богоевска
Шесто одд. Ведран Неделковски - успешно учество,Ментор: Јулија Страла
Осмо одд. Алексеј Ивановски- успешно учество, Ментор : Јулија Страла

Нашите ученици од 5то одделение и оваа година беа дел од Проктот за сензибилизација на француски јазик , кој е подржан од МОН и БРО .Иститe посетуваа часови на кои низ игровни активности се запознаа со францускиот јазик , култура и традиции , а она што го научија го покажаа на приредба на која секој ученик доби сертификат и пригоден поклон од Француски Институт -Скопје . Успешната франкофонска приказна е со завршено трето поглавје

Учениците од 6-то до 9-то одделение кои го изучуваат францускиот јазик оваа година учествуваа во бројни проекти .

Го издвојуваме конкусот за изработка на дигитален плакат на француски јазик « Parlez-vous fran-sci » во организација на “Наука за деца “ и Француски Институт на кој нашите ученици прикажаа креативни плакати.

1. Ведран Неделковски -6а
2. Христијана Наумовска -6а
3. Јован Бакиевски -7а
4. Христијан Бучуковски-8/1
5. Стефанија Чокузивска -8/1
6 .Драган Петковски -8/1
7. Драган Трајковско -9б

Нивните плакати се изложени во холот на нашето училиште а сертификатите им ги додели Директорката на пригодна свеченост.Би сакале да ги истакнеме и ученичките Леона Аземовска и Мила Стојчевска од 9б одделение кои добија сертификати за своето учество на Натпреварот за изразно читање на француски јазик . Ментори на проктите Биљана Додовска Георгиев -наставник по француски јазик и Наташа Аврамовска -наставник по информатика .

- Настан „Сказните на Браќата Грим“ во организација на Германската секција при ОУ „Даме Груев“ Битола со наставничките Симеона Павловска и Данијела Босилковска.На настанот учениците од прво и четврто одд кои се претставија со песна, а останатите со драмска изведба, танц и презентација на германски и македонски јазик го презентираа ликот и делото на Браќата Грим. Настанот се одржа во НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ Битола. На настанот беа присутни и учениците од Германската секција при СОЕУ „Јане Сандански".

- Презентација на завршен проект на германската секција во централното и ПОУ Долно Оризари од 6 до 9то одд.
- ,,Едно замислено патување во Германија" . Наставничките по германски јазик Данијела Босилковска и Симеона Павловска го поддржаа и завршниот проект.

Претседател на стручен актив<br>Данијела Босилковска

## 29. Извештај - Стручен актив по македонски јазик

Стучниот актив активно работеше во текот на учебната 2024/2025 година и секциите на активот: рецитаторска, литературна, драмска, активно работеа што резултираше со успешно организиран Патрон празник.

- За оваа организација беа спроведени следните активности:
- Координација со другите наставници
- Правење план за текот на прославата
- Избор на материјал за активностите

Во склоп на овој стручен актив беше реализиран и конкурс за литературни творби за учениците од нашето училиште.
Наградени ученици на училишниот конкурс од одделенска настава на централното училиште се следните ученици:

- Прво место: Ана Еминагова IIIб одделение „Ода за Даме Груев"
- Второ место: Андреј Петровски IIб одделение „Да го прегрнам светот"
- Второ место: Константина Андонова Vб одделение „Песна за мојата мајка"
- Трето место: Лука Георгиев Ivб одделение „Мојата земја"
- Трето место: Павел Ивановски Iva одделение „Херојот наш"
- Трето место: Јована Радевска Vв одделени „Мојата татковина"
- Одделенска настава ПУ с.Долно Оризари:
- Прво место: Елеонора Кулевска III1 одделение „Зимска нок"
- Второ место: Петар Тодоровски V1 одделение „Мојата Битола"
- Трето место: Петар Петрески II1 одделение „Детска радост"
- Предметна настава:
- Прво место: Леона Аземовска Ixб одделение „Хероите на литературата"
- Прво место: Бојана Бојовска VIII1 „Ѕвезда"
- Второ место: Софија Гакова Ixв одделение „Под ѕвездите ги чуваме спомените"
- Второ место: Марија Котевска VIIв одделение „Детство"
- Трето место: Климентина Здравевска VI1 одделение „Убавините во зимата"
- Трето место: Ива Димановскс VIIб одделение „Последен час"

Наградите беа доделени во училишната библиотека на 19.12.2024 година во 12:00часот.

По повод Патрониот празник се одржа свечена академија во просториите на Офицерскиот дом каде беше изведена сценска изведба под мотото „Македонија во срцето".
Активот имаше неколку состаноци на кои се решаваа тековни проблеми кои се појавуваат во работењето со особен акцент на ученици кои потешко ги совладуваат наставните содржини.

Меѓународниот литературен фестивал „Фестивал на поезија, култура и уметност за деца, млади и возрасни" 2025, во организација на Милица Паулус и Светската поетска асоцијација, на ученичката Леона Аземовскаи и додели прва награда, ментор наставничката Ленче Богоевска.

Во организација на „Црвен крст" на Република Северна Македонија – Општинска организација Куманово, на ден 11. 2. 2025год. се одржа Ораторска вечер со наслов „Љубовта кон хуманоста" , на која зедоа учество 17 волонтери од повеќе градови од нашата држава, успешно се претстави нашата ученичка Софија Гакова од деветто одделение.

На 6.3.2025 година, во пресрет на празникот Осми март, во просториите на Универзитетската библиотека „Св. Климент Охридски" – Битола, се одржа литературана работилница „Најубавите писма" од литературниот конкурс „Писмо до најважната жена во мојот живот".

Со многу емоции, искреност и креативност, учесниците го преточија својот свет во зборови, посветени на жените кои оставиле најсилен белег во нивниот живот. Најубавите творби од конкурсот, писма кои трогнаа, инспирираа и ни покажаа што значи љубовта, благодарноста и почитта, беа творбите на учениците Софија Гакова , Марија Костадиновска, Ангела Орџановска и Мартина Трајковска. Ментор нставничката Ленче Богоевска.

На Републичкиот литературен фестивал „Мали ѕвездички 2025“ , што се одржа на 2.4.2025 во организација на здружението „Златно перо“ , ученичката Леона Аземовска од деветто одделение освои прва награда со песната „Големите мали работи“. Ментор наставничката Ленче Богоевска.

Во текот на второто полугодие, СА имаше неколку состаноци на кои се решаваа тековни проблеми. На последниот состанок наставничката Лидија Вишин беше назначена за претседател на СА за следната учебна година.

Претседател на СА на македонски јазик
Богоевска Ленче

## 30. Извештај - Стручен актив биологија, физика, хемија и природни науки

Стручниот актив по природни науки во учебната 2024/25 год. работеше според програмата за работа на активот која беше усвоена на состанокот кој се одржа во јуни пред почетокот на учебната година. Според програмата секој наставник има планирано по еден отворен час.

**Извештај за годишна работа на наставникот Валентина Степановска-Андонова - предмет физика во учебната 2024/2025 година**

Наставниот предмет е застапен во осмо и деветто одделение со по 2 часа неделно. Вкупно во ова тримесечие реализирав 20 редовни часа плус дополнителна за осмо, дополнителна за деветто, додатна (осмо и деветто) и редовно реализирам содржини од физичката секција „Млади физичари“. За предметот изработив годишни и тематски процесни планирања за осмо и деветто одделение, користејќи дидактички помагала и стручна литература. Водам сопствено портфолио, како и портфолио за учениците. Бидејќи сме вклучени во проектот: „Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем“, направив и корелација на физиката со екологијата преку првата тема од деветто одделение : „Сили и движење“, конкретна наставна единица: „Притисок кај течностите и гасовите (Еко 1) и втората тема од деветто одделение: „Енергија“, конкретна наставна единица: „Користење на енергијата во светот“ (Еко 2). Редовно водам педагошка евиденција, соработувам со родители, како и сум член на стручниот актив по природни науки. Исто така сум член и на следните училишни тимови и тоа: „Тим за изработка на проекти“, „Тим за организација, спроведување и реализација на ученички натпревари“ , „Тим за работа со надарени и талентирани ученици“, и „Тим за проверка на педагошка евиденција“.

Во месец октомври учествував на Третата конференција за деца, во организација на „Наука за деца“ , како ментор, каде со ученичките Љубица Андонова и Костантина Андонова од Vб одделение го освоивме првото место, односно наградата „Колега Стиков“ за најдобри презентери на научна содржина на републичко ниво.

Во месец ноември учествував на вебинарот „2 пристапи кон науката низ експерименти: Наука и знаење = играње“, организирано од образовниот центар СТЕМ.

Во месец декември одржав отворен час во деветто одделение со наслов: „Користење на енергијата во светот“ од втората тема: „Енергија“.

Исто така, како ментор заедно со ученичката Љубица Андонова од Vб одделение освоивме прво место на републичкиот онлајн натпревар по информатичко размислување, организиран од едукативниот центар New Corner.

Во месец февруари учествував на онлајн обуката „Судир на генерациите! Како да се адаптираме на тоа што следи?“, организиран во рамки на програмата „Клуб на наставници 2025“. На општинскиот натпревар организиран од ДФРМ ученичката Ана Ванчевска од IXб одделение освои прва награда, ученикот Алексеј Ивановски од VIIIа одделение освои пофалница, а учениците Јован Гушевски и Дамјан Мартиновски од VIIIг имаа успешно учество. Исто така, во месец февруари одржав отворен час во осмо одделение со наслов: „Создавање на електричната енергија“ од втората тема: „Енергија“, каде што потполно беа оправдани целите од овој час. Односно, учениците го опишуваа создавањето на струја со користење на одредени апликации (примена на ИКТ) и го толкуваа пренесувањето на енергијата од електричните централи.

Во месец март учествував на онлајн обуката „Коцката е фрлена“, организиран во рамки на програмата „Клуб на наставници 2025“.

Во месец април со ученичката Љубица Андонова од Vб одделение во улога на ментор освоивме второ место на меѓународниот онлајн натпреварот по информатичко размислување организирано од New Corner. Исто така, на регионалниот натпревар организиран од ДФРМ ученичката Ана Ванчевска од IXб одделение доби пофалница, а учениците Алексеј Ивановски од VIIIа одделение и ученикот Јован Гушевски од VIIIг одделение имаа успешно учество.

Во месец мај учествував во работилница, саем на образование и изведба на химната на осмата меѓународна конференција за наставници „Светот на обаразованието ги брише границите 8“, одржана во Охрид 1-4.05.2025 година, организирана од Асоцијација на најдобрите наставници и лидери во регионот. Исто така, успешно учествував како ментор на Саемот за наука 2025 во интернационалното училиште Maarif во Тетово со 3 ученици и тоа: Леонид Ташовски од IXб, Леона Аземовска од IXб и Илина Нешковска од VIIIг одделение. Во истиот месец со учениците: Ана Ванчевска од IXб, Дамјан Магдески од IXв, Јована Галовска од IXв и Софија Гакова од IXв и јас како ментор освоивме прво место на квизот по физика и трето место во презентација на проекти заедно со ученичката Леона Аземовска од IXб на Саемот за наука, математика, технологија и инженерство-ПОГОН, одржан во Битола во организација на Технички факултет. Исто така, учествував на онлајн обуката „Родово базиран булинг во училиштата“, организиран во рамки на програмата „Клуб на наставници 2025“.

Во месец јуни учествував како ментор во интерактивната работилница „Визија на младите за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија“ заедно со учениците: Илина Нешковска од VIIIг, Алексеј Ивановски од VIIIа и Владимир Милошевски VIIIв која се одржа во Битола, организирана од Македонско научно друштво-Битола во соработка со општина Битола. Исто така со ученичката Ана Ванчевска од IXб имавме успешно учество на републичкиот натпревар по физика, одржан во ПМФ-Скопје од страна на ДФРМ. Да спомнам и дека од сите натпревари, активности, учества во проекти јас и учениците се стекнавме со соодветни дипломи и сертификати.

**Извештај за годишна работа на наставникот Митко Јанески – предмет биологија и природи науки во учебната 2024/2025 година**

Наставникот Митко Јанески држи настава по предметот ***Биологија и Природни науки*** во ОУ „ Даме Груев"- Битола. За таа цел има изработено и уредно доставено годишни и тематски планирања и тековно изработува дневни планирања на часовите. Покрај редовната настава наставникот држи и дополнителна настава за ученици кои покажуваат слаб успех и еколошка секција која брои 8 членови. Во прво полугодие во рамките на програмата и планот за работа на еколошката секција реализирани се повеќе активности .Учествува во работата на ЕКО одборот како негов член. Со еколошката секција учествуваше во есенската фенолошка кампања на Глобе програмата. Истовремено е и координатор на Глобе програмата за ОУ „ Даме Груев". Во однос на редовните обврски кои произлегуваат од планирањата на наставата по биологија изведуваше настава без посебни проблеми и отсуства од наставниот процес. Наставникот како одделенски раководител раководи со одделенската заедница во VIг одделение при што реализира содржини по образование за животни вештини според прирачникот изготвен од Бирото за развој на образованието. Исто така се реализирани 4 родителски средби и неколку индивидуални состаноци со родители.

На натпреварот по Биологија за осмо одделение учествуваше како ментор на учениците Илина Нешковска и Надја Петровска.

**Извештај за годишната работа на наставник Соња Јанкуловска – предмет биологија и природни науки**

**Наставни планови и програми**

Наставните планови и програми на наставата по биологија и придорни науки за осмо и природни науки за шестто, се изработени и навремено доставени до психолошко - педагошката служба во училиштето и Директорот.

Истите се изработени според планот - барањата на Министерството за образование и Бирото за развој на образованието.

Доставено е годишно планирање, тематско процесно планирање, програми за дополнителна, додатна настава и слободни ученички активности.

Имлементирани се еко стандардите , активности од МИО проектот, и повеќе од 30 % примена на ИКТ.

**Постигања на учениците**

Следењето на постигањата на учениците се извршува преку различни методи, форми , инструменти за следење . За послабите ученици , редовно се изведуваше дополнителна настава, а за подобрите и додатна настава, како и слободни ученички активности.

Термини

Дополнителна настава- четврток , по 7-ми час

Додатна настава- понеделник, по 7-ми час

Слободни ученички активности- вторник, по 7-ми час

**Учење и настава**

Наставата се одвиваше според однапред направениот план за работа , и не се направени отстапки поради било која причина.

Реализирани е еден отворен нагледен час во месец Април за фосили и едно предавање за Биолошки експеримент,поставување и следење во месец Септември

**Поддршка на учениците -следење на напредокот**

Оценувањето на учениците беше објективно, реално и транспарентно и истото се заснова на пропишаните правила и норми.

Следењето на постигањата на учениците се вршеше  континуирно, преку разни чек листи, аналитички скали, скали на проценка и слично, чек листи по Блумова таксономија за секоја тема , за секој ученик одделно (насочено следење) , се се бележи во евидентни листови за континуирано следење на учениците.
За поголема нагледност и транспарентност, за секој ученик се водеше ученичко портфолио.

**Обуки и семинари, потврди и сертификати**

- Учество на семинари  за природни науки по новата концепција  (Август)
- Учество на обука ,,Инклузија и пристапи во поучувањето на учениците со посебни образовни потреби /попреченост
- Учество на обука ,,Професионален развој и кариерно советување на учениците ,,
- Учество на работилници на тема ,,Екологија , одржлив развој и климатски промени,,-како дел од планираните Еразмус активности
- Организирање на настан со подршка на Општина Битола и презентација на нашите Еразмус проекти
- Учество на мобилности (ученици и наставници )Италија,Шпанија и Турција на кои беа реализирани активности поврзани со решавање на  еко проблеми

**Натпревари**

Натпревар по биологија ( општински,регионален и државен) на кои учество зедоа 12 ученици и сите се стекнаа со правото да продолжат на регионален , додека на државен пет ученици со следните награди
Леона Лазаревска -  втора награда
Марија Котеска- втора награда
Ива Димановска – втора  награда
Леона Трајчевска- трета награда
Ангела Орџановска  – трета награда

**Извештај за работата на наставникот Наталија Аспров по предметот Хемија за учебната 2024/2025 година**

Во текот на првото и второто полугодие од учебната 2024/2025 година наставничката Наталија Аспров изведуваше редовна настава по предметот хемија во осмо и деветто одделение во  ОУ „Даме Груев” – Битола и во ПОУ „Даме Груев” с.Долно Оризари.
Беше изведувана дополнителна настава за ученици кои покажуваа слаб успех, како и додатна настава за ученици со поголем интерес за овој предмет.
Во текот на изведувањето на наставата беа применети повеќе методи на работа (индивидуална работа, работа во парови, работа во мали групи). Беа применети различни листи на оценување (самооценување на претходни знаења за темата, самооценување на презентација, меѓусебно оценување на учениците, контролни тестови, наставни ливчиња, усни излагања на учениците).
За работата, наставникот води наставничко портфолио, портфолио за учениците и има изработено дневни, тематски и годишни планирања.
Во месец септември беше одржан отворен час по предметот хемија со ученици од деветто одделение со наставна содржина „Структура на атомот и периоден систем на елементите’’. Целта беше учениците да ја опишуваат и споредуваат структурата на атомите користејќи таблица на периоден систем на елементите. Учениците работеа во групи, цртаа пополнување на електронски слоеви на некои елементи, изработија плакат и направија презентација на сработеното.

Исто така и во месец јануари беше одржан отворен час по предметот хемија со ученици од деветто одделение со наставна содржина „Атоми и јони„
Учениците опишуваа образување на јони (катјони и анјони) со оддавање или примање на електрони од страна на атоми од елементите од првата и седумнаесеттата група. Правеа разлика меѓу атоми и јони и опишуваа образување на јонска врска.

**Извештај за работа на наставникот Александра Шлакеска предмет биологија и природи науки во учебната 2024/2025 година**

Согласно работните должности на почеток на учебната година изработени се тематски, месечни и годишни планирања согласно МОН и Бирото за развој на образованиетo кои се доставени до педагошката служба и директорот. Зададените планирања за прво и второ полугодие за предметот беа реализирани во целост. Исто така беа изведувани дополнителна и додатна настава за кои има изработени и доставено и план и програма. Во однос на редовните обврски и наставата по Биологија беше изведувана без посебни проблеми и отсуства од наставниот процес. На 16.10.2024 година присуствувавме на настан за одбележување на Светскиот ден на храната под мотото „Право на храна за подобар живот и подобра иднина“ во СОУ Кузман Шапкарев Битола.

Претседател на стручен актив
Митко Јанески

## 31. Извештај - Стрчен актив математика, техничко образование и информатика

**МАТЕМАТИКА**

Наставни планови и програми
Оваа учебна година наставата се реализираше во 3 паралелки од 8 одделение во централното училиште (8а,8б,8в) и две паралелки од 6 одделение (6в,6а).

➢ И оваа учебна година во 7-9 одделение се работи по адаптираната наставна програма според Кембриџ. Затоа долгорочното и среднорочното планирање се подготвуваат на почетокот на учебната година,а потоа тековно се изработуваат и краткорочните планирања (дневни оперативни планови). Од друга страна наставата во 6 одделение се реализира според новата концепција за основно образование и програмата донесена од БРО и МОН во 2023 година.

➢ Поради законската обврска за инклузија на ученици со потешкотии во совладувањето на наставните содржини од основното образование, и за оваaучебна година се изработени и план- програми за работата во 6 и 8 одделение за учениците со потешкотии во совладувањето на наставните содржини по математика. Специјално за еден ученик од 8 одделение е изготвен ИОП.

➢ Изготвени се и програми за работа на Дополнителна и Додатна настава за 8 одд за учебната 2024/25 година.

➢ Освен тие планирања, на почетокот на оваа учебна година е изготвена план-програма за работата на математичката секција.

➢ Во согласност со целосниот распоред за предметна настава, на почетокот на годината според распоредот на паралелките и законската обврска за додатна (односно дополнителна) настава е направен и распоред за дополнителни активности, како

дополнителна настава, додатна настава и слободни ученички активности (Математичка секција). Овие распореди се ставени на видно место во училишниот ходник и училницата, а исто така се дел и од наставничкото портфолио.

**Постигања на учениците**

преглед на постигањата на учениците за учебната 2024/25 година за предметот МАТЕМАТИКА

наставник Ристовска Снежана, паралелки: 8а, 8б, 8в и 6а, 6в

| | 8А | | 8б | | 8В | | 6А | | 6В | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| оценка | _ полугодие | Крај на годината | _ полугодие | Крај на годината | _ полугодие | Крај на годината | _ полугодие | Крај на годината | _ полугодие | Крај на годината |
| 1 | 2 | 0 | / | 0 | 1 | 0 | | 0 | | 0 |
| 2 | 3 | 5 | / | 0 | 3 | 4 | | 8 | | 6 |
| 3 | 4 | 2 | 5 | 4 | 4 | 3 | | 1 | | 3 |
| 4 | 0 | 2 | 7 | 6 | 3 | 3 | | 2 | | 0 |
| 5 | 3 | 3 | 1 | 3 | 1 | 2 | | 6 | | 4 |
| Средна оценка | 2,92 | 3,25 | 3,69 | 3,92 | 3,00 | 3,25 | описно | 3,35 | описно | 3,15 |

Средна оценка за 1 полугодие 3,2; средна оценка за крај на годината 3,38.

**Учење и настава**

Покрај редовните активности за реализација на наставата,во овој дел ќе бидат споменати часовите со користење на ИКТ, како и часовите во насока на интеграција на еколошката едукација во основното образование, МИО, антикорупциска едукација. Во рамките на одбележувањето на патрониот празник на училиштето, заедно со колешката Јасмина Скрчевска и со учество на ученици од 8 а,б,в одделение подготвивме работилница и натпревар на тема „Кодирање и криптографија во математиката и информатиката“. Истата се одржа на 18.12.2024.

*Реализирани часови со МИО:*

| одд. | термин | наставна единица |
|---|---|---|
| 8 | 12.2.2025 | Тема 2А. Број и решавање проблеми- ***Права пропорција. Унитарен метод*** |
| 6 | 23.5.2025 | тема Работа со податоци- ***Читање податоци од табели и дијаграми*** |
| 8 | 3.2.2025 | Преземање одговорности за постапките ***Во согласност со уставот или не*** |

*Реализирани ЕКО часови:*

| одделение | термин | еко- содржина | наставна единица |
|---|---|---|---|
| 8 | 25.9.2024 | Тема 8: Здравје- *Квалитет на храна и нутриционизам* | Пресметување на едноставни дропки и проценти од величини (процентен износ) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8 | 29.4.2025 | Тема 4: Уреден двор- *Наводнување на зелени површини* | Плоштина на трапез |
| 6 | 3.4.2025 | Тема 7: Транспорт- *Подигање на свеста на пошироката заедница за користење на јавен превоз и* | Временски интервали |

**Реализирани одделенски часови со антикорупциска едукација 26.5 и 2.6 2025.**

**<u>Поддршка на учениците - Следење на напредокот</u>**

Напредокот на учениците се следи континуирано, преку соодветно изработени инструменти, при што се користи еден основен секојдневен евидентен лист кој содржи неколку барања за 8 одделение, како и соодветна чек листа со стандардите од наставната програма за 6 одделение според новата концепција.
Според училишниот распоред за реализација на додатна и дополнителна настава комплетно се одржани содржините предвидени за првото полугодие, а ако има потреба се договараат и дополнителни термини со учениците- истото го бележам во евиденциони листови за присуство, Е дневниците за работа на паралелките. Исто така редовно се одржуваат работилници предвидени со програмата за работа на математичката секција. Најуспешните изработки и интересни задачи, се истакнувани на ѕидните весници во кабинетите по математика.

**<u>Соработка со родители</u>**

Реализирани се неколку содржини од програмата како одделенски раководител и како предметен наставник. Одржани се неколку индивидуални родителски средби, како и 2 заеднички, во насока на подобрување на успехот и поведението на учениците. Истите се заведени е- дневник.

**<u>Професионален развој и учество на натпревари</u>**

Почнувајќи од 11.1 2023 па се до завршувањето на договорените обврски со Биро за развој на образованието бев ангажирана како надворешен соработник за изготвување на наставни програми според новата концепција за 6- 9 одделение. Во соработка со Здружение на математичари на Битола бев предавач на математичката школа за талентирани ученици во месец октомври 2024 и декември 2024. Натпревари и вебинари:

- 18.9.2024- слушател на информативен вебинар „Новости на ЕСЕП“ организиран од Е Твининг Македонија.
- 17.09.2024- Слушател на вебинар за „ Програма за грантови на МОН“ во рамки на проектот ПЕИП
- Scientix амбасадор до крајот на 2024
- 11.12.2024 слушател на Едулаб вебинар „ Законски обврски, стратегии и примери на добри пракси за заштита и учество на учениците.
- Објавен труд во Зборник со трудови од VII Математички конгрес кој беше одржан во Струга 27-30 Јуни, 2023 https://smm.org.mk/wp-content/uploads/2025/01/Konecen-objava1.pdf
- 16.6.2025 обука за новите наставни програми во 7 одделение
- Двајца ученици од 6 одд ( Миленковска Ирена и Христовски Стефан) учествуваа на натпреварот
  „Кенгур“ и освоија прва награда.
- Двајца ученици од 8 одделение учествуваа на општински и регионален натпревар по математика организиран од СММ и освоија 1 награда- Ристевски Александар и 3 награда- Димитров Марко (на општинскиот натпревар)

Колешката Биљана Чантуриа за која приправничкиот стаж истече во јуни 2024 полагаше во есенската сесија и успешно го положи стручниот испит на 28 ноември 2024. Претходно беше успешно подготвено акциско истражување на тема „Прилагодување на содржините и активностите во наставата кон претходните знаења и искуства на учениците“. Исто така во месец октомври заврши приправничкиот стаж на колешката приправник Љупка Здравевска која ја изработи темата за полагање на стручниот испит со наслов „ Користење различни приоди за поттикнување на мотивацијата за учење - искуственото учење за време на часот по Природни науки“. И таа на 22 ноември успешно го положи стручниот испит.

наставник Ристовска Снежана

**Наставни планови и програми**

Годишниот план за работа е подготвен кон крајот на месец Август. Програмата е по „Кембриџ” па доставени се долгорочното планирање и среднорочното планирање на наставата- за прво полугодие, потоа (на полугодие) и за второ полугодие. Така, за оваа година ги имам реализирано сите содржини според планираното.

Дополнителна и додатна настава се реализираа редовно - за што водам соодветни дневници, а по барање на учениците (или на родители), се прилагодува на нивните потреби. Сработката и активноста на учениците беа на задоволително ниво. Се сработија и писмените работи, а и оценувањето на учениците.

**Постигања на учениците**

Учениците се оценуваа бројчано во текот на учебната година, за што редовно се изготвувани евидентни листови во Е-дневникот. Истите се ставени на увид на родителите. Одржани се и родителските средби.

На крајот на учебната година, учениците го постигнаа следниот успех:

| | **Паралелка 9а** | | **Паралелка 9б** | | **Паралелка 9в** | | **Паралелка 9г** | | **Паралелка 7а** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **успех** | Полу годие | Крај на год. | Полу годие | Крај на год. | Полу годие | Крај на год. | Полу годие | Крај на год. | Полу годие | Крај на год. |
| **5** | 3 | 5 | 6 | 11 | 11 | 15 | 3 | 4 | 8 | 9 |
| **4** | 4 | 4 | 5 | 2 | 4 | 4 | 3 | 2 | 1 | 1 |
| **3** | 5 | 4 | 5 | 3 | / | / | 2 | 5 | 5 | 4 |
| **2** | 1 | / | 1 | 1 | 4 | / | 5 | 1 | / | / |
| **1** | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **просек** | 3,69 | 4,08 | 3,94 | 4,35 | 4,26 | 4,58 | 3,30 | 3,75 | 4,21 | 4,36 |

Средна оцена за крај на година: **9одд.: 4,19** **7 одд; 4,36**

**Учење и настава**

Наставата тече со редовни активности, испланирани во тематските планирања, но и со одредени измени каде се јавува потреба. Се користат техники за учење и поучување.од компонентата “Унапредување на наставата по математика и прир.група предмети”

Се користи самостојно учење, работа во парови и групи; користење на ИКТ од страна на учениците. Разни форми и инструменти за оценување.

Планираните тестови и контролни вежби се реализирани, со соодветна анализа.

Во рамките на редовната настава се вметнати и содржини од ЕКО-стандардите, како и активности од МИО. Истите, досега се реализирани онака како што имам испланирано во годишните програми.

**Поддршка на учениците - Следење на напредокот**

Поддршка на учениците се дава со нивно секојдневно информирање за се она што од нив се бара, им се задава, се очекува, или се она што тие ќе постигнат, сработат, до кое ниво дошле, како да напредуваат исл. Сето тоа, со усна или пишана повратна информација. За таа цел е зголемена и соработката со родителите, во најмала рака за новно навремено и сеопфатно информирање (што го правам со извештаи за нив).

Напредокот на секое дете е следен и бележен во разни евиденциони листи, со оценки од тестови, бодовни скали и сл. Реализирани се и планираните писмени работи.

**Натпревари по математика за учениците и постигања:**

- Општински натпревар: Ана Ванчевска 9одд. - прво место;<br>Јована Крстева 7одд.- прво место;<br>Фросина Ангелевска 7одд. – второ место:
- Регионален натпревар: Ана Ванчевска 9одд. – второ место.

**Активности и други обврски , семинари, предавања, и сл.**

- Активности за подготвување на учениците за математички натпревари кои следеа уште во месец јануари.
- Активности со математичката секција:
- Активности за подготвување и презентирање на математички проект “Големите математичари”

Наставник Кети Неделковска

**Наставни планови и програми**

Наставните годишни планови се изработени на почетокот на учебната 2024/25 година (август) во согласност со барањата на МОН и БРО на РМ и доставени на увид во стручната служба. Изработени се долгорочни и среднорочни планирања за секој предмет и одделение поодделно, математика за VI и VIII одделение и образование за животни вештини VI одделение, во рамките на часот за одделенска заедница.

Во согласност со насоките и барањата од страна на МОН и во координација со еко-координаторот од нашето училиште, вметнати се содржини со интеграција на определни еко - стандарди во наставата по математика.

Исто така, предложени се активности кои би можеле да се реализираат во наставата, за сензибилизација на учениците за меѓуетничко интегрирање на учениците. Заедничките активности со партнер училиштето се договараат тековно, во зависност од планирањата и текот на активностите со партнер училиштето.

Исто така, изработен е годишен план на часови за реализирање на ИКТ во наставата кои се планира да се реализираат во текот на учебната година.

На почетокот на учебната година изработени се и годишен план за додатна и дополнителна настава по математика и план за работа на математичкиот клуб.

**Постигања на учениците**

| | VI б | VI г | VIII г |
|---|---|---|---|
| оценка | Крај на година | Крај на година | Крај на година |
| 5 | 7 | 3 | 7 |
| 4 | 3 | 6 | 2 |
| 3 | 4 | 1 | 3 |
| 2 | / | 6 | 1 |
| 1 | / | / | / |
| просек | 4,21 | 3,38 | 4,15 |
| | 3,91 | | |

**Учење и настава**

Реализирањето на наставата е според годишните планови, со примена на ИКТ во наставата, според годишниот план за реализирање часови со примена на информатичко – компјутерска технологија. Реализирани се и часови со имплементирање на Еко содржини во наставата:

- Рационално користење на водата Тема 1, ЕС 4: Одредување процент од форми или цели броеви - септември

Реализирани се и часови со имплементирање на содржини за развивање на меѓуетничка интеграција во образованието во рамките на часовите по математика:

- Самостојна активност: Опишување на 3Д форми и поврзување на 2Д со 3Д форма
- април – отворен час
- Самостојна активност: Претставување на податоци со графици – МИО – отворен час
- Самостојна активност: Добар лидер, добар клас – МИО - час на одделенска заедница
- Самостојна активност: Претстави ја Македонија – МИО - час на одделенска заедница
- Самостојна активност: Ние сме виножито – МИО - час на одделенска заедница

**Поддршка на учениците – Следење на напредокот**

Следењето, проверувањето и оценувањето на учениците се одвива континуирано преку најразлични форми и методи, во согласност со критериумите и стандардите дадени од страна на БРО. Секојдневно се користат евидентни листови за следењето на напредокот на учениците, чек листи, самооценување, оценување на група ученици, оценување на работата со примена на ИКТ, наставни ливчиња, контролни писмени вежби и тематски тестови.

**Учество во проектни активности, натпревари, настан, обуки:**

- Општински натпревар по математика – Иван Тренчевски – 1 место, Лука Салевски – 1 место
- Меѓународен натпревар Кенгур – Јасна Тасевска – 1 место, Теона Џаревска – 2 место

наставник Мирјана Тасевска

**<u>Наставни планови и програми</u>**

Наставните планови и програми на наставата по математика, се изработени и се навремено доставени до психолошко - педагошката служба во училиштето и Директорот.

Истите се изработени според програмата на Министерството за образование и Бирото за развој на образованието. Доставено е годишно планирање, тематско процесно планирање, програма за работа со ученици со потешкотии во совладувањето на наставниот материјал, програма за работа со талентирани и надарени ученици.

- Имлементирани се еко стандардите , активности од МИО проектот, претприемништво
- Сите ученици, како и нивните родители се запознати (усно или писмено ) со целите на наставата како и со критериумите за оценување.
- Доставена е програма за дополнителна настава – за VIII и VII одделение, додатна настава за VIII и VII одделение

Програма за слободни ученички активности - која се реализира заедно со останатите предметни наставници по математика.

**<u>Постигања на учениците</u>**

- Следењето на постигањата на учениците се извршува преку различни методи, форми, инструменти за следење
- Учениците по претходно дадена насока , изготвуваат портфолио (електронско), за поефикасно следење на постигањата и напредокот.
- Учество на натпревар математика- физика во организација на средното училиште Yahya Kemal college – Струга на ученичката Станковска Јована која освои 7- место
- Општински натпревар Кенгур - Леона Лазаревска I место, Благоја Ристевски II место
- Регионален натпревар Кенгур - Леона Лазаревска I место
- Државен натпревар Кенгур - Леона Лазаревска II место

**<u>Учење и настава</u>**

- Наставата се одвива според однапред направениот план за работа , до сега не се направени отстапки поради било која причина.
  Реализирани отворени часови:
- 17.12.2024- Дијаграми на фреквенција за групирани дискретни податоци - МИО , со присуство на колеги од СА
- 10.12.2024- Цртање и толкување стојбест дијаграм - ИКТ + ЕКО , присуство на колеги од СА

**<u>Училишна клима, односи во училиштето, соработка со локалната средина, обуки и семинари, работилници</u>**

- <u>Инклузивни училишта -од теорија до пракса</u>
- <u>Инклузија и пристапи во поучувањето ма ученици со посебни образовни потреби/попреченост</u>

**<u>Позитивни искуства и натамошни планови</u>**

- Работата како предметен наставник ќе продолжи и понатаму со навремена реализација на наставата, учество на натпревари, разни семинари и обуки кои ќе бидат понудени, соработка со родителите и слично.

Наставник Марина Симоновска

**Наставни планови и програми**

Годишниот план за работа е подготвен кон крајот на месец Август.
Доставени се сите планирања на наставата - во електронска форма, во мое досие на google drive. За оваа учебна година ги имам реализирано сите содржини според планираното. Немам нереализирани часови. Сите содржини се сработени. Наставата ја реализирав во три одделенија во подрачното училиште во Долно Оризари и тоа во 6-1, 6-2 и 9-1одд.Дополнителна и додатна настава се реализираше редовно - за што водам соодветни дневници, а по барање на учениците (или на родители), се прилагодува на нивните потреби.

| Постигања на учениците на крај на учебна 2024/2025 | | | |
|---|---|---|---|
| оценка | 6-1 | 6-2 | 9-1 |
| 5 | 4 | 4 | 5 |
| 4 | 2 | 2 | 8 |
| 3 | / | / | 9 |
| 2 | 1 | 2 | / |
| 1 | / | / | / |
| просек | 4,28 | 4,00 | 3,82 |

**Учење и настава**
Наставата се одвиваше со редовни активности, испланирани во тематските планирања, но и со одредени измени каде се јавува потреба. Се користат техники за учење и поучување по сугестии на новите обуки.
Се користи самостојно учење, работа во парови и групи; користење на ИКТ од страна на учениците. Разни форми и инструменти за оценување
Во рамките на редовната настава се вметнати и содржини од ЕКО-стандардите, како и активности од МИО. Истите, досега се реализирани онака како што имам испланирано во годишните програми.

**Поддршка на учениците - Следење на напредокот**
Поддршка на учениците се дава со нивно секојдневно информирање за се она што од нив се бара, им се задава, се очекува, или се она што тие ќе постигнат, сработат, до кое ниво дошле, како да напредуваат и сл. Сето тоа, со усна или пишана повратна информација. За таа цел е зголемена и соработката со родителите, во најмала рака за нивно навремено и сеопфатно информирање (што го правам со извештаи за нив).
Напредокот на секое дете е следен и бележен во разни евидентни листи, со оценки од тестови, бодовни скали и сл.

**Натпревари**

Општински натпревар- математика Здравевска Климентина II место, учество на Регионален натпревар

**Активности и други обврски, семинари, обуки, предавања и сл.**
Во ноември 2024 во училиштето одржана обука на тема „Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници, менторство и сл.)“ со цел Професионален развој и професионална соработка.

наставник Весна Велеска

**ИНФОРМАТИКА И ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ**

**Наставни планови и програми**

Наставниот предмет ***Техничко образование и информатика*** е застапен во *VI* (2 часа неделно - 72 часови годишно) како задолжителен предмет, со комбинирани два модули, модул Информатика и модул техничко образование (VI а, VI б, VI в, VI г), наставниот предмет Програмирање во VIII одделение како изборен предмет по стара програма (VIII а, VIII б, VIII в, VIII г), наставниот предмет Уметност-Креирање од хартија во IV а и IV б одделение со 2 часа неделно како слободен изборен предмет за прво полугодие (СИП 1) и IV В одделение со 2 часа неделно како слободен изборен предмет за второ полугодие (СИП 2), наставниот предмет Велосипедизам во I*V* а одделение со 2 часа неделно како слободен изборен предмет за второ полугодие (СИП 2). По сите предмети изработив годишни планирања и сценарија за часовите за наставните содржини според програмата дадена од БРО и МОН, и тематски, процесни и дневни планирања (VIII одд стара програма) користејќи дидактички помагала и стручна литература. Изработив програма и распоред за реализација на дополнителна и додатна настава, план и програма за воннаставни активности (ученички клуб на информатичари, проекти и работилници во текот на учебната година), како и програма за инклузија на ученици со посебни потреби, и тоа: индивидуална програма за ученичката Теона Талевска од VI б одделение по техничко образование и информатика, индивидуална програма за ученикот Дарко Велески за СИП1 Уметност-Креирање од хартија и ИОП за ученичката Дариа Богоевска за изборниот предмет Програмирање за VIII одделение. Водам сопствено портфолио, како и портфолио за учениците за секој предмет. Имплементирав содржини од МИО и ЕКО во наставата (планирани се најмалку по две содржини на годишно ниво), како и содржини од програмата за антикорупциска едукација на учениците во наставата, а постојано воведувам содржини од останати проекти кои тековно се реализираат. Редовно водам педагошка евиденција, соработувам со родители, како и сум член на стручниот актив по математика, информатика и техничко образование.

**Постигања на учениците**

| **Предмет** | Паралелка | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Техничко образование и информатика Модул Информатика** | VI а | VI б | VI в | VI г |
| | 2, 94 | 3, 29 | 3, 08 | 3, 00 |
| **Техничко образование и информатика Модул Техничко образование** | 3, 53 | 3, 79 | 3, 23 | 3, 63 |

| **Предмет** | **Паралелка** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Програмирање** | **VIII а** | **VIII б** | **VIII в** | **VIII г** |
| | 5, 00 | 5, 00 | 5, 00 | 5, 00 |

| **Предмет** | **Паралелка** | | |
|---|---|---|---|
| **Уметност-Креирање од хартија** | **IV а** | **IV б** | **IV в** |
| | 5, 00 | 5, 00 | 5, 00 |

| **Предмет** | **Паралелка** |
|---|---|
| **Велосипедизам** | **IV а** |
| | 5, 00 |

**Реализирани натпревари и освоени награди**

- Интернационалниот натпревар Дабар 2024 - учество на натпреварот организиран од страна на ЗДРУЖЕНИЕТО НА ИНФОРМАТИЧАРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА, 4-8 Ноември, 2024 година. (учество со ученици од IV-IX одделение) – сертификат за учество
- Учество на натпревар по информатичко размислување 14.12.2024 – сертификати за освоено II и III место, сертификат за учество
- Учество на интернационален натпревар по информатичко размислување 13.04.2025, – сертификати за освоено II место, сертификати за учество

**Реализиран отворен час**

На ден 23.9.2024 година беше реализиран отворен час – наставен предмет: Уметност-Креирање од хартија за IV одделение, со примена на еко теми во наставата, а воедно беше одбележан и светскиот ден без автомобили, во наставна содржина „Играчки“ со паралелка IVа.

наставник Јасмина Скрчевска

**Постигања на учениците**

**Вештини на живеење (изборен) IX одд**

| Одд. | Бр. | (5) | (4) | (3) | (2) | (1) | Ср. успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9А | 13 | 12 | 1 | / | / | / | 4,92 |
| 9Б | 17 | 17 | / | / | / | / | 5,00 |
| 9В | 19 | 17 | 2 | / | / | / | 4,89 |
| 9Г | 12 | 10 | 2 | / | / | / | 4,83 |

**Техничко образование и информатика VII одд**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7А | 14 | 13 | 1 | / | / | / | 4,93 |
| 7Б | 17 | 10 | 4 | 3 | / | / | 4,58 |
| 7В | 16 | 7 | 2 | 5 | 2 | / | 3,88 |
| 7Г | 13 | 5 | 5 | 3 | / | / | 4,15 |

**Техничко образование и информатика V одд**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5А | 16 | 10 | 3 | / | 3 | / | 4,25 |
| 5Б | 17 | 15 | 2 | / | / | / | 4,88 |
| 5В | 16 | 16 | / | / | / | / | 5,00 |
| 5Г | 17 | 10 | 3 | 4 | / | / | 4,35 |

**Реализирани натпревари и освоени награди**

- На Регионален натпревар “Детски семафор 2025” учениците ги постигнаа следните резултати:
  - Елисеј Лазаров II место
  - Марио Јордановски III место

наставник Златко Војновски

**Наставни планови и програми**

Годишниот план за работа е подготвен кон крајот на месец Август.
Доставени се сите планирања на наставата - во електронска форма, во мое досие на google drive.
За оваа учебна година ги имам реализирано сите содржини според планираното, без оглед на распоредот на празниците. Немам нереализирани часови. Сите содржини се сработени.
Дополнителна и додатна настава се реализираше редовно - за што водам соодветни дневници, а по барање на учениците (или на родители), се прилагодува на нивните потреби. Соработката и активноста на учениците беа на задоволително ниво.

**Постигања на учениците**

На крајот на учебната година, учениците го постигнаа следниот успех:

| Предмет | Паралелка | Просек |
|---|---|---|
| **ТО и информатика** | V ПУ с.Долно Оризари | 4,79 |
| **ТО и информатика** | V ПУ с.Карамани | 5,00 |
| **Слободен изборен 1 Моделарство-креативни идеи направи сам** | V-в | 5,00 |
| | V-г | 5,00 |
| **Слободен изборен 2 Моделарство-креативни идеи направи сам** | V-а | 4,88 |
| | V-б | 5,00 |
| **ТО и информатика** | VI-1 | |
| **Модул информатика** | | 4,29 |
| **Модул техничко образование** | | 4,71 |
| **ТО и информатика** | VI-2 | |
| **Модул информатика** | | 3,88 |
| **Модул техничко образование** | | 4,75 |
| **Информатика** | VII-1 | 4,8 |
| **Програмирање** | VIII-1 | 5,00 |
| **Иновации** | IX-A | 4,54 |
| | IX-Б | 4,82 |
| | IX-В | 4,74 |
| | IX-Г | 4,5 |
| | IX-1 | 4,36 |

**<u>Учење и настава</u>**

Наставата тече со редовни активности, испланирани во тематските планирања, но и со одредени измени каде се јавува потреба. Се користат техники за учење и поучување по сугестии на новите обуки.

Се користи самостојно учење, работа во парови и групи; користење на ИКТ од страна на учениците. Разни форми и инструменти за оценување

Во рамките на редовната настава се вметнати и содржини од ЕКО-стандардите, како и активности од МИО. Истите, досега се реализирани онака како што имам испланирано во годишните програми.

Во текот на годината се реализираа низа интегрирани активности:

- Одбележување на Светскиот ден без автомобили
- Изработка и делење на флаери со интересни факти за Македонија (вклученост на наставниците по информатика и ТО на 25.12.2024 заедно со ученици од VIII одд.)
- Одбележување на Светскиот ден за побезбеден Интернет (11.2.2025)

**<u>Поддршка на учениците - Следење на напредокот</u>**

Поддршка на учениците се дава со нивно секојдневно информирање за се она што од нив се бара, им се задава, се очекува, или се она што тие ќе постигнат, сработат, до кое ниво дошле, како да напредуваат и сл. Сето тоа, со усна или пишана повратна информација. За таа цел е зголемена и соработката со родителите, во најмала рака за нивно навремено и сеопфатно информирање (што го правам со извештаи за нив).

Напредокот на секое дете е следен и бележен во разни евидентни листи, со оценки од тестови, бодовни скали и сл.

**<u>Натпревари по техничко образование и информатика за учениците и постигања:</u>**

- Регионален натпревар “Детски семафор 2025”
  - Николија Мијаковска (I место)
  - Петар Чокузовски (II место)
  - Екипно место (III место)
- Интернационалниот натпревар Дабар 2025 - учество на натпреварот организиран од страна на ЗДРУЖЕНИЕТО НА ИНФОРМАТИЧАРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА, 4-8 Ноември, 2024 година. (учество со ученици од IV-IX одделение) – сертификат за учество
- Учество на натпревар по информатичко размислување 14.12.2024 – сертификати за освоено I,II и III место, сертификат за учество
- Учество на натпревар Европски квиз на парите со ученици од IX одд. (сертификати за учество)

**<u>Активности и други обврски, семинари, обуки, предавања и сл.</u>**

- Обука “Учење преку истражување, работа на проект и решавање проблеми” организирана од МОН и БРО, ноември 2024 (сертификат за учество)
- Учество во Еразмус проект “Heal the Earth, make it a better place” (18-22 ноември во Егер, Унгарија)
- Учество на конкурсот за дигитален плакат на тема “Француска наука” (19.11.2024)
- ЕдуЛаб вебинар “Законски обврски, стратегии и примери на добри пракси за заштита и учество на учениците” (11.12.2024)
- ЕдуЛаб вебинар “Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство-примери на добри пракси” (17.12.2024)

- Учество на работилница организирана од САБА и Europe House (24.12.2024)
- Учество во Еразмус проект “Heal the Earth, make it a better place” (5-9 Мај 2025 во Битола)
- Учество на мобилност во Гранада, Шпанија (9-13 Јуни 2025 год.)

наставник Наташа Аврамоска

## 32. Извештај - Стручен актив општествени науки

Стручниот актив во оваа учебна 2024-25 година има поставено свои цели кои според годишната програма на активот, истите успешно се реализираа. Во реализирањето на дадените активности и цели, учествуваа сите предметни наставници од активот, а активностите кои ги превзедоа се следните:

- Одбележување на денот на независноста на Р. Македонија. Преку предавање од страна на наставниците по историја, учениците се потсетија на националниот празник, односно осамостојувањето на Р. Македонија.
- По повод 15-ти септември - меѓународниот ден на демократијата, наставничката по Граѓанско образование Билјана Цветковска имаше отворен час, во кој преку предавање и изработка на кратка презентација, се согледаа позитивните и негативните страни на општеството во кое живееме.
- Во ноември активот одржа краток состанок на кој се направи анализа на успехот по предметите кои припаѓаат во општествените науки, со цел оценување во првото тромесечие, но и подобрување на резултатите на учениците во следниот период.
- Отворен час по ККЕЦ (Основни белези на еден етнички идентитет), одржано предавање од наставникот по етика, Пеце Трифуновски.
- По повод празникот „Св. Климент Охридски“, дел од наставниците од активот одржаа кратко предавање за животот и делото на Св. Климент, како потсетување за неговата важност и во образованието, но и за неговата улога во градењето на моралот на нашиот народ.
- Под мотото „Македонија е моја иднина“ од страна на наставниците од активот се одржаа повеќе активности, меѓу кои: Отворен час по Историја, со цел потсетување на животот и делото на Даме Груев, одржан од наставниците по историја;
- Активности во ПУ-с.Долно Оризари предводени од наставничката по Географија Анета Мицевска: Изработка на вулкан и вулканска ерупција;
- Наставничките по Етика во религиите и Воспитувањето преку параболите и мудрите изреки - Ивана Деловска и Александра Петкоска, како и наставничката по Географија Анета Мицевска, одржаа работилница – „Креираме и подаруваме“, каде учениците креираа честитки со кои меѓусебно си го честитаа патрониот празник на училиштето и преку етичка порака подарувајќи - си посакуваа меѓусебно добро.
- Во декември, претседателот заедно со наставниците од активот одржаа краток состанок со цел согледување на резултатите и анализа на успехот од првото полугодие.
- Одбележување на Меѓународен ден на жената, со активности по сите наставни предмети.
- Под менторство на наставничката Анета Мицевска се одржаа 3 едукативни предавања на тема „Со пчелите до светла иднина“. Настанот беше поддржан од Општина Битола и го надополни знаењето на стотина ученици и наставници.

- Од географската секција учениците изработија повеќе наставни средства од кои се издвојува картата на светот од веќе искористени капачиња од пластични шишиња. Со тоа се потенцира потребата од реупотреба на материјалите, во служба на заштитата на животната средина.
- Под водство на наставничката по Етика во религиите Ивана Деловска, учениците посетија неколку религиозни локалитети и имаа кратки предавања од страна на компетентни личности. Со оваа посета учениците ја осознаа важноста од соживотот и почитувањето на разликите, како и важноста од зачувување на нашето религиозно и културно богатство.

Претседател на Стручен актив Ивана Деловска

## 33. Извештај - Стручен актив физичко, музичко и ликовно

Наставници:
Гаштевски Сашо
Стојковска Милена
Михајловски Љупчо
Дунимагловска Весна
Василевски Васко
Тасев Иван
Костурски Гоце
Христијан Талевски

Во рамките на овај актив во првото и второто полугодие се реализирани следните активности по физичко и зравствено воспитување :

1.Септември
- Вело трка на општина Битола (сите на велосипед)
- Крос натпревари мегу класови (централно и д.Оризари
- Турнир ракомет мегу класови ( VII д. и VIII )
- Турнир кошарка меѓу класови (IX одд)
- Промотивно вежбање во куглање-VIII и IX

2.Октомври
- Маратон на 5 и 10 км во рамките на ТРЧАЈ БЕ-ревијално
- Општински натпревар во крос-Градски парк ( V - IX )
- Турнир во мал фудбал ( VI д ) меѓу класови
- Општински натпревари во Футсал- машки
- Општинска лига Футсал-машки
- Општински натпревар во пинг-понг СОУ„Јане Сандански“Битола
- Општински натпревар во стрелаштво

3.Ноември
- Ноќна трка по повод „4ти Ноември“- Битола
- Општински натпревар во ракомет (М ,Ж)
- Проект„Танцувачот“меѓукласни натпревари (актив на ФЗО,Музичко и Ликовно)
- Општинска лига во кошарка (женски)
- Општински натпревар во шах
- Проект-„Забавни игри во училиште“од I до V одд.(трае до мај)

4.Декември

- Општински натпревар во кошарка (М,Ж)
- Општински натпревар во одбојка (М,Ж) во ОУ„Елпида Караманди“Битола
- Општински натпревар во модерни танци „Танцувачот“во ОУ„Даме Груев“Битола
- Патронен празник со игра на мал фудбал (машки) помегу нашето училиште и гостинската екипа од ОУ„Тодор Ангелевски„ и училиште и ОУ„Трифун Пановски“,како и натпревар во шах во подрачно училиште с.Оризари.

5.Февруари

- Општинска лига во одбојка женски
- Општинска лига во кошарка (М,Ж)

6.Март

- Општинска лига во фудсал (6,7 одд)М,Ж
- Турнир во фудсал по повод патрониот празник на ОУ„Ѓ.Сугарев“
- Општинска лига во ракомет женски(6,7 одд)
- 

7.Април

- Општинска лига во ракомет машки (6,7 одд)
- Зонски натпревар во ракомет (машки)

8.Мај

- Општинска лига во голем фудбал ( машки и женски)
- Турнир во фудсал по повод патрониот празник на ОУ„Т.Ангелевски“
- Класни натпревари во фудбал машки (7-мо и 9-то одд)
- Општинска лига во ракомет,футсал,кошарка,одбојка- машки и женски (6,7 одд)

9.Јуни

- Завршен општински турнир во футсал за 2/3 одд и 4/5 одд
- Учество на државен турнир во фудсал 2/3 Скопје

**Ликовно образование**
Одбележување на патрониот празник на училиштето со издавање на ЕЛЕКТРОНСКИ ВЕСНИК.
Видеа од наши ученици на спортски и танцувачки натпревари
Наградени ученици на ликовниот конкурс по повод патрониот празник на училиштето за 2024 / 2025
Категорија од прво до петто одделение:
Прва награда - Ангела Петровска 3в
Прва награда - Каја Наумовска 3в
Втора награда - Ана Марија Радевска 51
Трета награда - Алексеј Ивановски 4б
Пофалница - Ангела Божиновска 4б
Категорија од шесто до деветто одделение:
Прва награда - Ана Марија Талевска 81
Прва награда - Анастасија Бејковска 9б
Втора награда - Андреа Трпкоска 91
Втора награда - Викторија Бикова 8в
Трета награда - Евгенија Бошевска 61

Во месец ноември училиштето учествуваше на државната изложба под наслов „Народната култура како трајна инспирација на моето творештво“ во организација на НУ Центар за култура – Битола. Ученичката Сандра Биртановска од 7-1 одделение од подрачното училиште во Долно Оризари, ја освои прва награда. Нејзината ликовна творба заедно со уште неколку творби од нашето училиште, беа застапени на групната изложба организирана по повод овој државен натпревар.
Во месец декември беше изведена онлајн ликовна изложба на веб страницата од училиштето.Од месец февруари до април ,15 ученици од 6-9 одд.се подготвуваа за учество на државна изложба со натпреварувачки карактер
„Народното творештво како трајна инспирација “
На овај државен конкурс во мај беа освоени 2 први поединечни награди од учениците Изабела Трајковска ,-8 одд. ПУ-с Д. Оризари и Анастасија Бејковска 9 одд

***33.1 Извештај – Хор и Оркестар***

Во учебната 2024/2025 година беше направена аудиција и реаудиција на членови на училишниот хор. Беа поставени основите на вокалната техника преку вокални технички вежби и пеење на песни. Во првото полугодие по повод Патронатот на училиштето се подготвуваа повеќе композиции за настап на училишниот хор. Преку работа во училишниот хор учениците ги проширувaа знаењата и способностите од областа на музиката и развиваа чувство за естетика. Учениците се оспособуваа за колективен однос и заедничка презентација на вокални дела.
Во учебната 2024/2025 година беше направена аудиција на нови членови на оркестарот. Со новите членови се работеше на техника на дување, свирење на технички вежби и свирење мотиви и фрази.
За подготовка на програмата за Патрониот празник на училиштето беа подотвени повеќе композициите и истите успешно се изведоа. Преку работата во училишниот оркестар учениците ги проширувaа знаењата и способностите од областа на музиката и развиваа чувство за естетика. Учениците се оспособуваа за колективен однос и заедничка презентација на инструментална музика.

## 34. Одделенски совет прво одделение

Одделенски наставници и бројна состојба на учениците:
I-А Одд.наставник:Татјан Петровска - 10машки, 10 женски - вкупно: 20 ученици
од кој еден ученик е со образовен асистент
Изостаноци : 170-оправдани

I- Б Одд.наставник: Татјана Гакова – 9 машки, 11 женски - вкупно: 20ученици
Изостаноци : оправдани – 182
-од кој еден ученик е со образовен асистент

IВ Одд. наставник:Марина Божиновска - 11-машки, 7-женски - вкупно: 18 ученици
Изостаноци : оправдани – 118
-од кој еден ученик е со образовен и личен асистент

I -1 ПУ с.Д.Оризари- Одд.наставник: Игор Здравев – 7- машки, 5- женски - вкупно: 12 ученици
Изостаноци : /

ПУ с. Карамани –Одд.наставник: Кристина Петровска - 1 машко- вкупно: 1 ученик
Изостаноци : /

| Вкупно ученици | машки | женски |
|---|---|---|
| 71 | 38 | 33 |
| Вкупно изостаноци | оправдани | неоправдани |
| 470 | 470 | // |

Во текот учебната 2024/2025 год. наставниот план и програма за прво одделение успешно се реализираше. Во почетокот на учебната година беше изработено и адаптирано годишно и тематско планирање за учебната 2024/2025 год. според барањата на новата програма, Во контекст на истата програма секоја недела се изработуваше неделен оперативен план, според кој се реализираа содржините предвидени со наставната програма. Во наставниот процес според оперативниот план се користеа дневни сценарија по предмети предвидени во наставната програма во ВОП.
Сите ученици успешно ја следеа наставата и нивните достигнувања се описно оценети. Начинот на оценување е по нивоа и индивидуално, според постигањата на учениците на крајот од оваа учебна година. Три деца се со категоризација со образовни асистенти и се оценети според стандардите за нивното постигнување на целите, пропишани за нивната категоризација.

**Подрачје 1: Наставни планови и програми:**
Годишниот план за работа е подготвен кон крајот на месец август. Програмата е според новиот наставен план и програма од БРО. Доставени се долгорочното планирање и среднорочното планирање на наставата за целата учебна година. Во текот на целата учебна година, ги имаме реализирано сите содржини според планираното. Реализирани се и дополнителна, додатна настава и обработени се содржини од Образование на животни вештини. Реализирани се и слободни активности, вонназставни активности, бројни работилници, натпревари, посета на театарски претсави, посета на детски музички фестивали и кино проекции.

**Подрачје 2: Постигања на учениците**
**Ученикот** одговорно, навремено и самостојно ги извршува училишните обврски. Активно учествува во работата на часот и **соработува со сите ученици.**
Македонски јазик: Користи говор како средство за комуникација, меѓусебно разбирање и изразување на своите мисли, чувства и доживувања. Поставува прашања поврзани со определена тема, приказна, слика и дава соодветен одговор на поставено прашање со целосна и јасна реченица. Правилно изговара гласови во почеток, на средина и на крајот од зборот. Открива елементи, ја разбира и доживува содржината и пораката на литературната творба.Меморира стихотворби и активно учествува во опишување, раскажување и прераскажување. Прави разлика меѓу илустрација и текст. Препознава основни елементи на јазикот: реченица, збор и глас. Ги знае малите и големите печатни букви од македонското кирилично писмо. Чита и уредно пишува. Знае што е медиумска култура.
Англиски јазик: Ученикот изработува зададени задачи,учествува во групна работа и работа во пар,меморира,репродуцира и применува изучен вокабулар.Покажува интерес за активно учество во активности за запознавање со различни култури.
**Математика:** Чита, пишува и споредува броеви до 20 и знае да брои до 100. Собира и одзема едноцифрени броеви и двоцифрен со едноцифрен број до 20. Собира парови до 20

почнувајќи од поголемиот број со добројување. Ги користи паровите чиј збир е 10 за собирање со премин до 20. Ги разложува двоцифрените броеви на десетки и единици и обратно. Именува едноставни 2Д форми, разликувајќи ги по бројот на страните и едноставни 3Д форми, разликувајќи ги по бројот на површините. Објаснува и црта симетрија. Прибира, чита и претставува податоци. Ги препознава, разликува и употребува единиците за време, маса и должина. Препознава, именува и ги применува парите во практични примери. Решава текстуални математички проблеми.
**Природни науки :** Препознава и именува главни надворешни делови на телото. Истражува како сетилата им овозможуваат на луѓето и на животните да бидат свесни за светот околу нив. Знае дека растенијата се живи суштества, воочува сличности и разлики. Ги именува главните делови на растението и условите потребни тие да пораснат. Препознава, именува и класифицира материјали според одредено својство. Објаснува дека туркањето и влечењето настанува под дејство на сили. Опишува магнет. Идентификува и именува повеќе извори на звук.
**Општество** : Знае да се претстави со основни податоци. Ги почитува различностите меѓу луѓето и умее да ги препознае и контролира различните чувства. Именува членови на семејството и ги опишува нивните права и обврски. Почитува распоред на активностите и знае дека правилата се потребни за животот и работата во училницата. Спознава правила за безбедност во сообраќајот. Опишува сообраќајни средства. Разликува семејни, училишни, верски и државни празници. Препознава и именува позначајни објекти во местото на живеење. Ја именува својата татковина, ги набројува и опишува нејзините обележја и го почитува своето културно наследство.
Музичко образование: Покажува интерес за слушање и пеење песни. Го доживува расположението во музиката. Активно учествува во детските музички игри. Ритмизира со ДМИ и има осет за мелодија.
ци.
**Ликовно образование:** Покажува интерес и љубов кон ликовното изразување, цртање, сликање и моделирање. Успешно го употребува ликовниот материјал и прибор за работа.
**Физичко образование:** Правилно и координирано ги изведува моторичките движења во просторот. Со интерес учествува во игрите и ги почитува нивните правила.
**Слободни активности:** Активно се вклучува во сите активности и работилници планирани од наставникот.

**Активности реализирани на ниво на Совет:**

Еднодневен есенски излет до црквата Св. Богородица во село Новаци
Одбележување на Денот на независнота на Македонија - 8 Септември
Есенски панаѓур
Учество во кампањата под мотото „За посреќко детство“ организирана од младите на ЦКРСМ за собирање на училишен прибор и донирање на семејства од социјален ризик
Одбележување на Меѓународниот ден на знаковниот јазик со учениците со оштетен слух од ОУРЦ Кочо Рацин – Битола
Приредба - Детска недела
Учество во кампања под мотото „Мал придонес, голема промена“ - во соработка со Ротари клуб Битола - Широк Сокак
Работилница на тема „4 Ноември“
Следење на детски фестивал - „ ТРА - ЛА - ЛА“ -Центар за култура – Битола
Одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост, активност –
Следење на кино проекција во кино „Манаки“ - „Јон Вардар против Галаксијата“
Посета на НУ Завод и Музеј - Битола - активност по повод Патрониот празник на

училиштето.
Учество на „Зимска приказна“ во Стара Битолска Чаршија
Следење на театарска претстава - „ Снежната кралица“ и театарска претстава „ Снежана и седумте џуџиња - НУ Народен театар – Битола
Новогодишни работилници
Обележување „Меѓународниот Ден на мајчиниот јазик“
Активности по повод 8 ми Март – приредба и работилници
Следење на детски музички фестивал СИ - ДО - Дом на културата – Битола
Одбележување на Денот на планетата Земја – работилница
Учество во ЕКО аквија - Генералка викенд
Одбележување на 24 Мај - Денот на Сесловенските просветители - Светите браќа Кирил и Методиј.

**Подрачје 3: Учење и настава**

Наставата се реализира со редовни активности кои се испланирани во тематските планирања, но и со одредени измени каде се јавува потреба. Се користи самостојно учење, работа во парови и групи, користење на ИКТ од страна на учениците. Разни форми и инструменти за оценување. Планираните работни активности се реализирани со соодветна анализа. Во рамките на редовната настава се вметнати и активности од МИО.

**Подрачје 4: Поддршка на учениците- Следење на напредокот**

Поддршка на учениците се дава со нивно секојдневно информирање за се она што од нив се бара, им се задава, се очекува, или се она што тие ќе постигнат, сработат, до кое ниво дошле, како да напредуваат и сл. Сето тоа со усна или пишана повратна информација. За таа цел е зголемена и соработката со родителите, во најмала рака за нивно навремено и сеопфатно информирање.
Напредокот на секое дете е следен преку наставни и работни ливчиња и бележен во чек листи по секој наставен предмет.

**Подрачје 5: Награди и пофалници**

| | |
|---|---|
| I А - Одд.наставник: Татјана Петровска | Наградеи ученици за учество на ликовен конкурс„Боите на природата во чиста и здрава Битола“(БВ Буисинесс Гроуп)<br>Крстески Лука<br>Илијева Мила |
| I-В- Одд. наставник:Марина Божиновска | Наградени ученици за учество на ликовен конкурс по повод патрониот празник:<br>Мила Кическа<br>Ивана Кековска<br>Методија Настовски |

Претседател на одд. совет на I (прво) одделение:
Марина Божиновска

## 35. Одделнски совет второ одделение

Одделенски наставници:
II а – Катерина Солаковска
II б – Даниела Талевска
II в – Снежана Илиевска
ПУ с. Долно Оризари –Мануела Талевска
ПУ с. Карамани – Џули Димитровска

| Вкупно ученици | машки | женски |
|---|---|---|
| 69 | 34 | 35 |
| Вкупно изостаноци | оправдани | неоправдани |
| | 373 | / |

| Националност | Македонци | | Турци | | Албанци | | Роми | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| пол | женски машки | | женски машки | | женски машки | | женски машки | |
| | 32 | 29 | 2 | 3 | / | / | 1 | 2 |
| Вкупно | 61 | | 5 | | / | | 3 | |

**Подрачје 1. Наставни планови и програми:**
Годишниот план за работа е подготвен кон крајот на месец август. Програмата е според новата концепција за основно образование од БРО и истата ги опфаќа појдовните основи за реализација на наставните содржини преку национални стандарди, соодветен наставен план и програма, наставни средства, поучување и учење, оценување. Целта на концепцијата е наставата да се ориентира на продлабочено учење базирано на критичко размислување и логичко заклучување, преку користење на дигитална технологија. За оваа учебна година реализирани се сите содржини според планираното, како и дополнителна и додатна настава.

**Подрачје 2 : Учење и настава**
Наставата се реализира со користење на дигиталната технологија.
Се користат техники за учење и поучување.
Се користат разни форми и инструменти за оценување.
Во рамките на редовната настава се вметнати и содржини од ЕКО-стандардите,целите за одржлив развој, интердисциплинарен пристап.
Содржините по предмети се интегрираат соодветно. Се практикуваат хигиенските навики.

**Подрачје 3 : Поддршка на учениците- Следење на напредокот**
Постигнувањата на учениците беа проверувани преку низа постапки и методи како што се:
-усно испрашување;
- писмено проверување;
- практична изведба и истражувања;
- играта како метод.
Учениците беа описно оценувани ,а за таа цел се применуваше формативното оценување кое се изведуваше паралелно со изведувањето на наставниот процес.На ниво на совет беа составени критериуми според кои ќе се врши оценувањето односно тоа подразбира дека како индикатори на постигнувањата на учениците беа земени стандардите што треба да

се постигнат реализирајќи ја наставната програма.Како инструменти се користеа чек – листи. На првото ,второто и третото тримесчје родителите ги воочуваа постигнувањата на своите деца за изминатиот период читајќи ги евидентните
листи со најавување во е – дневникот. На крајот од учебната година учениците се описно оценети и добиваат свидетелство. За секој ученик се водеше досие( портфолио) .Освен со евидентните листи родителите се информираа за успехот на нивните деца и преку родителски состаноци и индивидуални средби.

**Подрачје 4 : Воннаставни активности**

Одбележување на Денот на независноста на Македонија.
Одбележување на Денот на мирот.
Одбележување на недела на детето и Денот на учителот – литературни и ликовни творби.
4 ти Ноември – Денот на ослободувањето на Битола.
Проектна активност – реупотреба на хартија и картон.
Учество со ликовни и литературни творби по повод Патрониот празник на училиштето.
Работилници по повод Патрониот празник на училиштето
Одбележување на Денот на мајката – 8 ми Март – честитки и оригами
Уредување на училниците со пролетни мотиви
Чествување на ликот и делото на познатиот бајкописец – Ханс Кристијан Андерсен- литературни творби
Одбележување на Денот на сесловенските браќа Кирил и Методиј – творење- акростих , ликовни творби
Талент Шоу –организирано од Црвениот Крст
Меѓуодделенски и меѓучилишен натпревар во фудбал.

**Подрачје 5 : Награди, пофалници, признанија**

| | |
|---|---|
| II а – одд. наставник - Катерина Солаковска | • Пофалница за учество на ликовен конкурс по повод Патрониот празник на училиштето доби ученичката Софија Јанкуловска |
| II б – одд. наставник – м-р Даниела Талевска | • Пофалница за учество на Талент Шоу –организирано од Црвениот крст доби ученикот Матеј Здравковски |
| II – в – одд. наставник – Снежана Илиевска | • Диплома за освоено второ место на литературниот конкурс по повод Патрониот празник на училиштето доби ученикот Андреј Петровски<br>• Пофалници за ликовен конкурс по повод Патрониот празник на училиштето добија учениците:Тома Наумовски и Павел Еминагов<br>• На изложбата во Центар за култура на тема Народно творештво трајна инспирација изложена ликовна творба имаше на ученикот Тома Наумовски<br>• Пофалница за учество на Талент Шоу –организирано од Црвениот крст добија ученичките Севги Емруловска |

| | |
|---|---|
| **ПУ с. Долно Оризари** –Мануела Талевска<br><br>**ПУ с. Карамани** – Џули Димитровска | и Теа Симоновска<br>• Диплома за освоено трето место на литературниот конкурс по повод Патрониот празник на училиштето доби ученикот Петар Петрески<br>• Пофалница за учество на ликовен конкурс по повод Патрониот празник на училиштето доби ученикот Петар Петрески |

Претседател на одд.совет на второ одделение
Снежана Илијевска

## 36. Одделенски совет трето одделение

**Одделенски наставници и бројна состојба на учениците:**
**<u>III А</u>** Одд.наставник: Јамина Поповска - 6 машки, 9 женски - **вкупно: 15 ученици** од кој еден ученик со образовен асистент
**Изостаноци : /**

**<u>III Б</u>** Одд.наставник: Христина Апостоловска – 13 машки, 12 женски - **вкупно: 25 ученици**
**Изостаноци : оправдани – 194**

**<u>III В</u>** Одд. наставник: Љупка Здравевска - 8 машки, 10 женски - **вкупно: 18 ученици**
**Изостаноци : оправдани – 299, неоправдани – 106 Вкупно изостаноци: 405**

**<u>III 1</u>** ПУ с.Д.Оризари- Одд.наставник: Данаилка Алтипармакова – 14 машки, 11 женски **вкупно: 25 ученици**
**Изостаноци : оправдани - 681**

ПУ с. Карамани –Одд.наставник: Кристина Петровска - 2 машки, 1 женско- **вкупно: 3 ученици**
**Изостаноци : /**

| Вкупно ученици | машки | женски |
|---|---|---|
| **86** | **43** | **43** |
| **Вкупно изостаноци** | **оправдани** | **неоправдани** |
| **1280** | **1174** | **106** |

Во текот учебната 2024/2025 год. наставниот план и програма за трето одделение успешно се реализираше. Во почетокот на учебната година беше изработено и адаптирано годишно и тематско планирање за учебната 2024/2025 год. според барањата на новата програма, Во контекст на истата програма секоја недела се изработуваше неделен оперативен план, според кој се реализираа содржините предвидени со наставната програма. Во наставниот процес според оперативниот план се користеа дневни сценарија по предмети предвидени во наставната програма во ВОП.
Сите ученици успешно ја следеа наставата и нивните достигнувања се описно оценети. Начинот на оценување е по нивоа и индивидуално, според постигањата на учениците на

крајот од оваа учебна година. Едно дете е со категоризација , аутизам и алалија, со образовен асистент и е оценето според стандардите за неговото постигнување на целите, пропишани за неговата категоризација.

**Подрачје 1: Наставни планови и програми:**

Годишниот план за работа е подготвен кон крајот на месец август. Програмата е според новиот наставен план и програма од БРО. Доставени се долгорочното планирање и среднорочното планирање на наставата за целата учебна година. Во текот на целата учебна година, ги имаме реализирано сите содржини според планираното. Реализирани се и дополнителна, додатна настава и обработени се содржини од Образование на животни вештини. Реализирани се и слободни активности, вонnаставни активности, бројни работилници, натпревари, посета на театарски претсави, посета на детски музички фестивали и кино проекции.

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

Ученикот одговорно, навремено и самостојно ги извршува училишните обврски. Активно учествува во работата на часот и соработува со сите ученици.

**Македонски јазик:** Изразно чита и пишува печатно и ракописно со кирилично и латинично писмо, користејќи ги граматичките и правописните правила. Прераскажува и раскажува, усно и писмено соодветно во говорот. Ја определува содржинската структура на текстот, ликови, тема и порака. Употребува и идентификува именки, глаголи, придавки, броеви и видови реченици во текст. Следи содржини од различни медиуми и пренесува информации за нив.

**Англиски јазик:** Го разбира значењето на изучените лексички единици и граматички форми (поврзани со семејство и дом, училишна средина, облека, непосредна средина, прехранбени продукти, делови од телото, животни и искажување способност, активности во слободно време и искажување допаѓање) и ги користи во комуникација. Ја препознава графијата на буквите од англиската азбука (латиница) и може самостојно да напише реченица и краток текст со употреба на изучената лексика и граматика.

**Математика:** Брои, чита и пишпува броеви до 1000. Самостојно успешно ги користи математичките операции собирање, одземање, множење и делење при решавање на проблемски ситуации. Решава равенки, бројни изрази и текстуални задачи со повеќе операции. Разликува, опишува и претставува 2Д и 3Д форми, симетрија и прави агли. Претставува и запишува дел од цело. Самостојно проценува, мери и споредува со мерките, користи пари, собира, обработува податоци и ги преставува во дијаграми.

**Природни науки :** Го разбира скелет, мускули и внатрешни органи. Развива свест за заштита и унапредување на здравјето. Ги разбира силите и движењата, едноставните и сложените машини и гравитацијата како сила. Ги знае промените на материјалите под дејство на сила и при загревање, ладење, горење и повратни и неповратни промени кај материјалите. Знае за Вселената, небесните тела и Сончевиот систем во однос на Сонцето.

**Општество :** Знае како да учи, учествува и успева во образовниот процес. Има свест за потребата од доживотно учење и разбира дека успехот и неуспехот во учењето зависат од сопствените залагања. Развива чувства за љубов, грижа и одговорност кон животните и растенијата и свест за неопходноста од безбедно однесување. Знае основни сообраќајни правила, разликува видови сообраќај и сообраќајни средства. Ја сака својата држава и природните убавини во неа. Практикува почитување на различности врз основа на јазик/етичка припадност.

**Музичко образование:** Препознава музички инструменти и групи инструменти во оркестарски изведби. Разликува различни видови на музика. Го проценува карактерот во слушаните композиции и препознава народни песни, игри и инструменти.

На петтолиние пишува виолински клуч и нотите од основната скала. Се изразува креативно преку учество во музички игри и танци.

**Ликовно образование**: Ги препознава, именува и користи ликовните материјали, техники и прибор. Црта, слика, печати, моделира и декорира по видено и фантазија. Ги препознава и умее да добие основни, секундарни, хроматски и ахроматски бои. Се грижи за приборот и хигиената и развива способност за естетска проценка на уметничките дела.

**Физичко образование:** Применува основни елементи на атлетиката, односно атлетско одење, трчање, скокање, фрлање во далечина и цел. Применува и основи на гимнастика со ритмика и танци за обликување на телото и движењата со и без реквизити. Ги разликува спортските игри: ракомет, кошарка, одбојка и фудбал. Учествува во играње на спортските игри, развува тимски дух, почитувајќи ги основните правила.

**Слободни активности:** Развива животни вештини, потенцијал и мотивација за учење и за самостојно насочување во натамошното образование. Ги проширува / продлабочува воспитно – образовните знаењата во многу области. Го поттикнува личниот и социјалниот развој

❖ **<u>Активности реализирани на ниво на Совет:</u>**

- ✓ Еднодневен есенски излет до црквата Св. Богородица во село Новаци
- ✓ Одбележување на Денот на независнота на Македонија - 8 Септември
- ✓ Есенски панаѓур
- ✓ Учество во кампањата под мотото „За посреќко детство" организирана од младите на ЦКРСМ за собирање на училишен прибор и донирање на семејства од социјален ризик
- ✓ Одбележување на Меѓународниот ден на знаковниот јазик со учениците со оштетен слух од ОУРЦ Кочо Рацин – Битола
- ✓ Приредба - Детска недела
- ✓ Учество во кампања под мотото „Мал придонес, голема промена" - во соработка со Ротари клуб Битола - Широк Сокак
- ✓ Есенски панаѓур
- ✓ Работилница на тема „4 Ноември"
- ✓ Следење на детски фестивал - „ ТРА - ЛА - ЛА" -Центар за култура – Битола
- ✓ Одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост, активност – Куглање и посета на ОУРЦ „Кочо Рацин"-Битола
- ✓ Следење на кино проекција во кино „Манаки" - „Јон Вардар против Галаксијата"
- ✓ Следење на Театарска претстава со бајки од првата книга во Европа, „Сјајни ѕвезди – бајки раскажани од Роми", НУ Народен театар – Битола
- ✓ Посета на НУ Завод и Музеј - Битола - активност по повод Патрониот празник на училиштето
- ✓ Учество на „Зимска приказна" во Стара Битолска Чаршија
- ✓ Следење на театарска претстава - „ Снежната кралица" и театарска претстава „ Снежана и седумте џуџиња - НУ Народен театар – Битола
- ✓ Новогодишни работилници
- ✓ Обележување „Меѓународниот Ден на мајчиниот јазик"
- ✓ Активности по повод 8 ми Март – приредба и работилници
- ✓ Учество на Меѓународниот натпревар по математика - Кенгур 2025
- ✓ Следење на детски музички фестивал СИ - ДО - Дом на културата – Битола
- ✓ Одбележување на Денот на планетата Земја – работилница

- ✓ Работилница - Ден на Европа - знаме, химна (текст), портрет на Лудвиг ван Бетовен, обележување на контурните граници на државите
- ✓ Учество во ЕКО аквија - Генералка викенд
- ✓ Одбележување на 24 Мај - Денот на Сесловенските просветители - Светите браќа Кирил и Методиј
- ✓ Викенд екскурзија во Крушево
- ✓ Еднодневна екскурзија Охрид – Вевчани - Струга

**<u>Подрачје 3: Учење и настава</u>**

Наставата се реализира со редовни активности кои се испланирани во тематските планирања, но и со одредени измени каде се јавува потреба. Се користи самостојно учење, работа во парови и групи, користење на ИКТ од страна на учениците. Разни форми и инструменти за оценување.
Планираните работни активности се реализирани со соодветна анализа. Во рамките на редовната настава се вметнати и активности од МИО.

**<u>Подрачје 4: Поддршка на учениците- Следење на напредокот</u>**

Поддршка на учениците се дава со нивно секојдневно информирање за се она што од нив се бара, им се задава, се очекува, или се она што тие ќе постигнат, сработат, до кое ниво дошле, како да напредуваат и сл. Сето тоа со усна или пишана повратна информација. За таа цел е зголемена и соработката со родителите, во најмала рака за нивно навремено и сеопфатно информирање.
Напредокот на секое дете е следен преку наставни и работни ливчиња и бележен во чек листи по секој наставен предмет.

**<u>Подрачје 5: Награди и пофалници</u>**

| | |
|---|---|
| III Б - Одд.наставник: Христина Апостоловска | Наградеи ученици на Меѓународниот натпревар по математика – Кенгур 2025 се: Лина Петков, Мартина Радевска, Симона Спировска, Валерија Чачевска, Алексеј Дријовски, Јаков Граороски, Јана Велјановска, Ана Еминагова, Јана Стојановска, Софија Димитриеска, Христина Здравеска<br>Прва награда на ликовен конкурс по повод Патрониот празник на училиштето „Даме Груев“ - Софија Димитриеска<br>Прво место на литературен конкурс по повод Патрониот празник на училиштето „Даме Груев“ - Ана Еминагова |
| III В - Одд. наставник: Љупка Здравевска | Наградеи ученици на Меѓународниот натпревар по математика – Кенгур 2025 се: Јована Кузманивска, Јована Петровска, Елена Петровска, Матеј Самарџиевски, Антонио Тотески, Мартин Ристевски, Андреј Китановски, Викторија Мирческа, Дарија Талевска |
| III 1 ПУ с.Д.Оризари- Одд.наставник: | Прва награда на литературен конкурс по |

| | |
|---|---|
| Данаилка Алтипармакова | повод Патрониот празник на училиштето „Даме Груев“ - Елеонора Кулевска „Зимска ноќ“<br>Пофалница на Ликовен конкурс по повод Патрониот празник на училиштето„ Даме Груев“ - Лука Здравески<br>Трета награда на Републички литературен фестивал „ Мали ѕвездички 2025“ во организација на Здружение „ ЗЛАТНО ПЕРО“ –Битола - Давид Костовски - „ Замокот од чоколадо“<br>Втора награда на Републички литературен фестивал „ Мали ѕвездички 2025“ во организација на Здружение „ ЗЛАТНО ПЕРО“ –Битола - Марио Божиновски - „ Чудна џунгла“<br>Републички литературен фестивал „ Мали ѕвездички 2025“ во организација на Здружение „ ЗЛАТНО ПЕРО“ -Битола - Објавени песни во книга: „Бајки за добра ноќ“ на Ива Коруновска и Огнен Тодоровски. |

Претседател на одд. совет на III (трето) одделение
Љупка Здравевска

## 37. Одделенски совет четврто одделение

Советот на четврто одделение има вкупно 81 ученик во Централното и подрачните училишта во ПУ-с. Долно Оризари - Битола и ПУ-с. Карамани.

| Вкупен број и броен соодност на ученици кои следат настава во IV одд.<br>учебна 2024/2025 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одделенски наставник | Вкупно ученици во паралелка | Машки | Женски | Оправдани изостаноци |
| Снежана Чукалева IVа | 19 | 12 | 7 | 75 |
| Нела Неделковска IVб | 22 | 11 | 11 | 238 |
| Весна Беровска IVв | 17 | 13 | 4 | 95 |
| Елена Илиевска<br>с. Долно Оризари | 18 | 7 | 11 | 98 |
| Цули Димитровска<br>с. Карамани | 5 | 4 | 1 | / |
| Вкпно | 81 | 47 | 34 | 506 |

Во текот на учебната 2024/2025 година реализирани се бројни вонннаставни активности.

Реализирани вонннаставни активности:

- Одбележување на 8 Септември –Ден на независноста на мојата татковина
- Хуманитарна акција од Црвен крст - Собирање на училишен прибор
- Есенски полудневен излет – с. Новаци
- Работилници со активности по повод Светскиот ден без автомобили. (едукативни видеа, изработка на фигури од хартија)
- Одбележување на Светскиот ден на учителот - 5 октомври
- Есенски панаѓур – с. Долно Оризари, с Карамани
- Работилници со активности „Пешки без грешки“ (едукативни видеа, квизови. асоцијација, анаграм)
- Приредба по повод Детската Недала – свечен прием на првачињата на тема: Правата на детето-безгрижен чекор кон среќно детство!
- Одбележување на Денот на ослободувањето на Битола - 4-ти Ноември
- Учество на ноќна трка по повод Денот на ослободувањето на Битола
- Меѓународен ден на сиромаштијата и гладта - мото „ Мал придонес - голема промена " - во соработка со Ротари клуб Битола - Широк Сокак
- Одбележување на Европска недела на кодирањето (Europe Code Week) 2024
- Предавање од страна на стручни лица од Дирекција за заштита и спасување на тема: Заштита од природни наепогоди и други несреќи.-закана од поплави – с. Долно Оризари
- Одбележување на Денот на македонската револуционерна борба(изработки и творење) – с. Долно Оризари
- Детски музички фестивал - Тра ла ла – Центар на култура Битола
- Посета на Општина Битола
- Филмска проекција во Манаки-Битола „Јон Вардар„
- Креативни новогодишни работилници – Изборен предмет
- Учество на литературен и ликовен конкурс по повод Патрониот празник на училиштето
- Учество на Патронен празник на училиштето - видео запис „ Мојата татковина - моја иднина„, Работилница – Македонија во срцата, музичка точка - учество во Офицерски дом
- Посета на Завод и Музеј -Битола активност по повод Патрониот Празник
- Театарска претстава „ Снежната кралица" – Центар за култура – Битола
- Работилница со Педагогот : Справување со насилничко однесување
- Посета на настан во ФИКТ-„Вселена за најмладите„
- Учество на интернационален натпревар за логичко размислување „Дабар“
- Општински натпревар, регионален натпревар по математика
- Меѓуодделенски натпревар по природни науки
- Општински натпревар, регионален и државен натпревар по природни науки
- Одбележување на Светскиот ден на водата
- Работилница во соработка со стоматолог - Се грижам за моите заби
- Посета на настан во ФИКТ-„Вселена за најмладите„
- Едукативни и креативни активности на родители и деца,по повод Меѓународниот ден на семејството во Универзитетска библиотека Битола
- Учество на настан по повод 80 год.постоење на Универзитетската библиотека Битола
- Активности по повод Денот на Планетата Земја -22 Април
- Посета на детски музички фестивал СИ-ДО-Битола

- „Генералка викенд", работна акција организирана од Општина Битола, за почиста животна средина.

Реализацијата на воннаставните активности во IV одделение во учебната 2024/2025 година значајно придонесе кон целокупниот развој на учениците. Преку нив тие ги развиваа своите социјални вештини, меѓусебна почит и емпатија, но и ги зајакнаа своите способности за тимска работа, креативно изразување и одговорност кон заедницата. Секоја активност претставуваше можност за изразување на детската индивидуалност, слобода на мислење и поттик за радосно учење. Во процесот беа активно вклучени и родителите, кои со поддршка и ангажираност придонесоа за уште поголема мотивираност и успех на учениците.

Овој извештај е доказ дека воннаставните активности се суштински дел од воспитно-образовниот процес и треба и понатаму да се негуваат, збогатуваат и унапредуваат.

Со посветеност, љубов и заедништво – создадовме незаборавни моменти и вредни животни лекции.

Претседател на одделениски совет Нела Неделковска

## 38. Одделенски совет петто одделение

V- а одделение, **НАТАША НАСТЕВСКА**

| Вкупен број на ученици: | Момчиња: | Девојчиња: | Оправдани изостанци: |
|---|---|---|---|
| 16 | 8 | 8 | 370 |
| Среден успех 4,51 | | | |

V-б одделение, **ЛЕТКА СТЕПАНОВСКА**

| Вкупен број на ученици: | Момчиња: | Девојчиња: | Оправдани изостанци: |
|---|---|---|---|
| 17 | 10 | 7 | 112 |
| Среден успех 4,91 | | | |

V- в одделение**, ГОРДАНА ЈАНКУЛОВСКА**

| Вкупен број на ученици: | Момчиња: | Девојчиња: | Оправдани изостанци: |
|---|---|---|---|
| 16 | 8 | 8 | 80 |
| Среден успех 4,77 | | | |

V - г одделение, **СОЊА КОТЕВСКА**

| Вкупен број на ученици: | Момчиња: | Девојчиња: | Оправдани изостанци: |
|---|---|---|---|
| 17 | 10 | 7 | 919 |
| Среден успех 4,60 | | | |

V- 1 одделение, ПУ- с. Долно Оризари **НИКОЛИНА НАСТЕВСКА**

| Вкупен број на ученици: | Момчиња: | Девојчиња: | Оправдани изостанци: |
|---|---|---|---|
| 14 | 5 | 9 | 157 |
| Среден успех 4,62 | | | |

V- 2 одделение, ПУ- с. Карамани **КРИСТИНА ПЕТРОВСКА**

| Вкупен број на ученици: | Момчиња: | Девојчиња: | Оправдани изостанци: |
|---|---|---|---|
| 3 | 1 | 2 | / |
| Среден успех 4,70 | | | |

| | **Вкупно** | **Машки** | **Женски** |
|---|---|---|---|
| | **83** | **42** | **41** |
| **Одлични** | **66** | **32** | **34** |
| **Мн.добри** | **14** | **7** | **7** |
| **Добри** | **3** | **/** | **3** |
| **Доволни** | **/** | **/** | **/** |
| **Неоценети** | **/** | **/** | **/** |
| **Просечна оцена на ниво на одделение** | **4,68** | | |

| **Вкупен број на ученици:** | **Машки** | **Женски** |
|---|---|---|
| **83** | **42** | 41 |
| **Вкупно изостанци:** | **Оправдани:** | **Неоправдани:** |
| **1638** | **1638** | **/** |
| **Среден успех на V одделение 4,68** | | |

**Подрачје 1. Наставни планови и програми**

Годишниот план е изработан кон крајот на месец август. Програмата е според наставниот план и програма од БРО, според Новата концепција за основно образование од 2020. Доставени се долгорочно и среднорочно планирање на наставата за целата учебна година. За првото полугодие реализирана е целата превидена програма, како и додатна, дополнителна настава, воннаставни содржини и слободни ученички активности.

**Подрачје 2. Постигнувања на учениците (прво полугодие)**
**Високо ниво - V одделение**

**Македонски јазик:** Резимира прочитан текст со различни јазично-стилски особености (новинарски текст, соопштение, изјава, објава, текст од научно-популарно списание). Ги идентификува елементите на прозен текст (раскажувач, ликови, содржина, тема, време, место и идеја) преку анализа на текстот. Раскажува настан од сопствено доживување. Креира текстови почитувајќи го правилото за воведен, главен и завршен дел од текстот и следејќи ги правописните и граматичките правила.Правилно ги користи бројните и материјалните придавки.

Правилно ги користи показните и прашалните заменки во усно и писмено изразување. Препознава точна и неточна употреба на почетна голема и мала буква во разни текстови. Креира кратка вест за настан и едноставни прашања за спроведување интервју .Идентификува и дава примери на синоними , антоними , хомоними. Идентификува и толкува зборови, изрази и реченици со преносно значење

**Математика:** Препознава кои прави се сечат, кои се нормални прави и кои се паралелни прави во 2Д - форми, на цртежи и во околината. Опишува триаголници според должините на страните (рамнокрак, рамностран и разностран триаголник). Опишува триаголници според големините на аглите (остроаголен, правоаголен и тапоаголен). Ги именува координатните оски и квадранти во координатниот систем. Чита, внесува и црта форми според дадени координати во првиот и вториот квадрант.Предвидува каде ќе биде многуаголникот после осна симетрија. Ја објаснува транслацијата како движење по права линија. Определува ред на ротација на правилен многуаголник. Собира и одзема петцифрени и шестцифрени броеви блиску до содржатели на 10, 100, 1 000, 10 000 и 100 000. Ги користи комутативното и асоцијативното својство при пресметување бројни изрази. Го одредува бројот кој треба да биде на местото на x (y, z,...) при собирање и одземање.

**Историја и општество:** Објаснува, преку пример, дека основните човекови права произлегуваат од потребите на луѓето за опстанок, развој и напредок во општеството. Ги поврзува правата со одговорностите. Препознава ситуации на повреда на сопствените права и на правата на другите. Наведува кога и каде е донесена Универзалната декларација за човекови права и објаснува зошто**.** Ја објаснува разликата меѓу постојано населени, привремено населени и воопшто ненаселени предели на Земјата. Ги наведува откритијата на континентите (кога и како се откриени).

**Природни науки:** Ученикот/ученичката ги именува континентите на карта, различните типови на релјеф, елементите на вулкан, дефинира Екватор и Гринички меридијан, внатрешни и надворешни сили, ерупција,гејзер, земјотрес, хипоцентар и епицентар, состав на карпите, атмосфера, метеролошки елементи, Светско Море. Има претстава дека географската положба се одредува во однос на екваторот и Гриничкиот мередијан. Ги наведува океаните на карта, супстанците кои ги исфрла вулканот, дава примери за растителен и животински свет во различни топлински појаси, океаните според нивната големина, елементите на речен слив и езеро. Ги класифицира карпите според настанувањето.Разликува поим лава и магма, живи и изгаснати вулкани.Знаењата може да ги применува во сите нови ситуации. Истражува и открива каде на Земјата има активни вулкани. Умее да предвиди со одредени влијанија на внатрешни и надворешни сили каков релјеф би се образувал. Набројува делови на цветот и ја објаснува нивната функција. Прави разлика меѓу бесполово и полово размножување, опрашување и оплодување и споредува самоопрашување и вкрстено опрашување. Ги анализира видовите на расејување и заклучува за поврзаноста со градбата на семката. Знае да ги објасни фазите од животниот циклус на растенијата Претставува резултати со дијаграм и табеларно. На време ги завршува работните задачи и активен-а е на час.

**Музичко образование**: Разликува карактеристични народни песни и народни игри/ора од етничките заедници во Македонија. Го опишува карактерот на слушаното дело и го поврзува со музички изразни средства преку кои е постигнат. Пее песни за деца или популарни песни по слух со правилна вокална техника.

**Ликовно образование:** Препознава видик и видикова линија во природата и ги користи во цртањето. Разликува разни мотиви (мртва природа, пејсаж, портрет, композиција) и ги именува. Воочува и слика внатрешен и надворешен простор со најразлични материјали за сликање. Дизајнира предмети со користење различни елементи и материјали.

**Физичко и здравствено образование:** Применува правилна техника на гимнастичко одење, детски потскок, вртење, свеќа, мост и челна вага. Изведува правилна техника на колут напред и колут назад. Изведува поврзани ритмички координирани движења со рацете и нозете во одење и трчање и естетско движење на телото со тактирање. Изведува традиционално народно оро и детски танци по избор, со музика.

**Техничко образование и информатика:** Покажува интерес за технички знаења и творештво ( црта технички цртежи на едноставни геометриски слики, изработува макети и модели од готови материјали и истите ги дизајнира).

**Слободен изборен предмет – Заштита на животната средина** – Разбира што е животна средина и разликува различни животни средини. Разликува природни и живеалишта создадени од човекот. Разбира дека понекогаш заради егзистенција на човекот се уништува животната средина Знае дека воздухот, водата и почвата се загадуваат од човечки фактор. Може да наброи начини за заштита од негативните влијанија на човекот врз природата. Препознава кои се обновливи и необновливи извори на енергија,го разбира значењето на обновливите и необновливите извори на енергија.Знае кое е значењето на водата и самостојно знае да ги објасни фазите на водениот циклус вопpriродата.

**Слободен изборен предмет-** Народно музичко творештво

Умее да ги препознае народните песни, ги именува и може да ги идентификува според карактерот, содржината и нивните карактеристики. Умее вербално да се изразува за конкретната народна песна и знае да прави анализа според различни категории. Презема активности кои се важни за остварување на задачите.

Се залага за зачувување на културните и традиционалните богатства. Ги почитува разликите меѓу културите во Република Северна Македонија.

**Реализирани се Вонnаставни активности**

05.09.2024 – Одбележан Денот на независноста

07.10.2024 - Предавање од страна на стручни лица од Дирекција за заштита и спасување на тема: Заштита од природни наепогоди и други несреќи.-закана од поплави

10.09.2024 – Хуманитарна акција од Црвениот крст – Прибирање на училишен прибор

10.10.2024 – Приредба по повод Детската недела;

20.09.2024 – Одбележан Светскиот ден на мирот;

03.10.2024 - Полудневниот излет беше организиран во кругот на црквата Пресвета Богородица во с. Новаци. Целта на излетот беше од спортско рекреативен карактер;

04.10.2024 - Одбележан Светскиот ден на учителот

22.10.2024 – Одбележан 23 Октомври – Денот на македонската револуционерната борба

01.11.2024 - Следење на Театарската претстава „Слушни ме“, во изведба на учениците од Едукативниот центар „Едусфера

04.11.2024 - Пишување на песнички и состави по повод 4 ти Ноември-Ден на ослободување на Битола-80 годишнина од ослободувањето на Битола

06.11.2024 - Посета на детскиот музички фестивал Тра - ла -ла, Центар за култура Битола

16.11.2024 - Следење и поддршка на нашите претставници Eurosong junior,во кристалната сала- Офицерски дом - настан организиран од ОУ Даме Груев, Општина Битола,КИЦ

04.12.2024 - Кино проекција, анимиран филм „Јон Вардар" - учениците го проследија во кино Милениум – Битола

06.12.2024 – Одбележан празникот Св.Климент Охридски – со литературни работилници;

27.12.2024 - Посета на Театарска претстава во НТ -Битола „Зимска приказна" - Браќа Грим

17,18,19,23.12 – Одбележан Патрониот празник на училиштето со: Работилници: ликовни, литературни, проектни активности, пригодна приредба во Офицерскиот дом.

25,26,27. 12 - Новогодишни активности – украсување на училниците, китење на елка, литературно и ликовно творење и др.
12.02.2025 – Истражувачки активности за загадувањето на водата.
6.03.2025 – Одбележување на 8 – Март – Меѓународниот ден на жаната.
07.03.2025 – Организирана осмомартовска приредба во ПУ – с. Карамани
Месец март – подготовки и учество на меѓународниот натпревар Кенгур 2025
20.03.2025 – Одбележан првиот пролетен ден – ликовни и литературни работилници;
01.04.2025 – Интерно прославување на Денот на шегата, во рамките на училницата секое одделение.
17.18. - 04.2025 Одбележување на празникот Велигден
- Одбележување на празникот „Весел петок" - со пригодна приредба
Месец април – одбележувања на денови на планетата Земја и еколошки активности.
30.04.2025 – Одбележан Меѓународниот ден на трудот -1 Мај – Читање на пригодна историска литература;
08.05.2025 –Денот на Европа и победа над фашизмот;
25.04.2025 -Посета на театарската претстава „Снежана и седумта џуџиња" - НТ – Битола
- Во периодот од 16 - 18 мај 2025 беше организиран викенд во Крушево со учениците од петтите одделенија заедно со одделенските наставници. Екскурзијата беше од научно-рекреативен карактер. Во текот на трите дена беа посетени Македониумот, Спомен куќата на Тоше Проевски, вечното почивалиште на Тоше Проевски, центарот на градот Крушево, комплексот на црквата Св. Преображение, Крушевското езеро, Мечкин камен, спортските терени на градот и др. знаменитости. При посетата на Македониумот беше одршан историски час кој го одржа кустос, исто и во Спомен куќата на Тоше Проевски - најголемата поп ѕвезда во нашата татковина.
0.5.05.2025 – Посета на локалитетот Хераклеа Линкестис – Научно-наставна посета на Археошкото наоѓалиште во корелација со предметот Историја и општество .
09.05.2025 -Еко акција-ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД,организирано од Општина Битола-
23.05.2025 – Одбележување на Св.Кирил и Методиј – Сесловенските просветители
Јуни – Организирана хуманитарна акција - помош за ученик од ОУ „Елпида Караманди" – Битола.

**V – a**

24.10.2024 Литературно читање на наградените литературни творби по повод патрониот празник на училиштето „ Стив Наумов" на тема „Мојот град, моето училиште, моето се" Освоена трета награда на Изабела Трпчевска.
29.10.2024 - Фестивал на Мала школа за краток филм Проекција на четири кусометражни филмови
19.12.2024 - Доделување на диплома на Христина Ивановска -втора награда на ликовниот конкурс по повод патрониот празник на нашето училиште
20.12.2024 - Работолница: Запишување на моќни цитати за својата татковина и заедничка ликовна творба под мотото на овогодинешниот Патрон празник „Македонија - мојата иднина"
23.12.2024 Учество на Свечената Академија по повод патрониот празник со рецитал
„ Мојата иднина ја создавам јас" и хорска изведба на песната „ Песна за Македонија"
Алексеј Здравески, Регионално III место по математика,I место –Кенгур.
Регионално III место по природни науки - Алексеј Здравески и Мила Дрогришка.
Христина Ивановска II награда на ликовниот конкурс по повод патрониот празник.
Елисеј Лазаров II место на регионален натпревар „ Детски семафор"
Изабела Трпчевска -III награда на литературен конкурс на патрониот празник на училиштето „ Стив Наумов"

Учество на Свечената Академија во Офицерски дом по повод патрониот празник со рецитал „ Мојата иднина ја создавам јас“ и хорска изведба на песната „ Песна за Македонија“
Пофалени ученици за одличен општ успех, посебно се истакнуваат со способност, знаење и работни навики и придонес за афирмација на училиштето Алексеј Здравески и Мила Дрогришка.

**V – б**

Работилница по повод Патрониот празник на тема: "Убавините на Македонија"(реки,планини,туристички места). Литературно читање
-Костантина Андонова. Учество на танцувачот и освоено трето место.
-Ученичката Љубица Андонова - Учество на државен електронски натпревар“Пи-ден“- информатика. Учество на меѓународен натпревар по информатичко размислување и освоено второ место. Освоено трето место на републичкиот литературен конкурс за поезија за Светскиот ден на книгата.
-Ученичката Костантина Андонова - Учество на републички натпревар за најдобар млад презентер“Колега Стиков“. Освоена прва награда на фестивалот “Мали ѕвездички“. Освоена прва награда на републичкиот за поезија,култура и уметност за деца и млади.
Сотироски Матеј освоено второ место на општинскиот натпревар по математика.
Тамара Вељанова освоено второ место на натпреварот по математика.
Пофалени ученици за одличен општ успех, посебно се истакнуваат со способност, знаење и работни навики и придонес за афирмација на училиштето Љубица Андонова, Константина Андонова, Матеј Сотироски.

**V – в**

Литературно читање Песна- Мојата татковина -Јована Радевска трета награда и трета награда на ликовен конкурс
Учество на V в на Танцувачот.
Општински и регионален натпревар по математика Секулоски Андреј и Стефановски Ѓорѓи на регионален натпревар, второ место за Андреј Секуловски и пофалница за Ѓорѓи Стефановски, Јована Радевска второ место на регионален натпревар по ПН.
На општински и регионален натпревар по англиски Јована Радевска и Ѓорѓи Стефановски. Јована Радевска второ место на државен натпревар по англиски јазик.
Пофалени ученици за одличен општ успех, посебно се истакнуваат со способност, знаење и работни навики и придонес за афирмација на училиштето Јована Радевска, Андреј Секуловски,Ѓорги Стефановски, Калина Талевска, Даријан Аземовски.

**V- г**

Учество во активности,награди-втора награда на Ликовниот конкурс по повод патрониот празник на училиштето -Бојче Ѓоршевски
30.09.2024 – Освоено Второ место на Есенски крос од страна на ученичката Јаника Наумовска;
17.10.2024 – Ротари клуб Широк Сокак по повод Меѓународниот ден на гладта и Меѓународниот ден на сиромаштијата – организирана кампања под мотото „Мал придонес голема промена” – учениците и одделнските наставници купија букмаркер по симболична цене од 30 ден и учествуваа во борбата против гладта и сиромаштијата.
1.11.2024 - Посета на тетарска претстава„Слушни ме„НЕ за насилство-Нека се слуша,нека одекнува,нека допре до секој!,во НУНароден театар Битола ,во изведба на учениците од Едукативниот центар„Едусфера„.Настанот беше организиран од НУУБ„Св.Климент Охридски„-Битола ,во соработка со НУНароден Театар Битола и

Едукативниот центар„Едусфера„со поддршка од Министерството за култура и туризам на Р.Македонија.Влезот беше слободен со можност за донации,давање скромен прилог за да може да се помогне за реализирање на претставата во други градови.
17.12.2024 - Работилница по повод патрониот празник-Пишување песни и состави на тема„Македонија е мојата иднина„во присуство на родителите и презентација на истите како проекти;
19.12.2024 - Доделување на диплома за изработен цртеж -втора награда на ликовниот конкурс по повод патрониот празник на нашето училиште! Бојче Ѓоршевски,

Хуманоста е доблест која се учи низ лично искуство,во средината во која детето живее и по модел од возрасните кој се грижат за детето.Се што дечињата научиле во училиште за позитивни ,човечки доблести тие покажаа на улица,кога му пружаа помош на непознато ,беспомошно лице.-Двете деца добија подароци од директорката Благодарност до ЈЗУ„ЗДРАВСТВЕН ДОМ-Др.-Хаим Абраванел„-Битола за советите и насоките како децата да постапат.

05.02.2025 НУ Универзитетска библиотека„Св.Климент Охридски„-Битола -пример на хуманост од учениците од ОУ„Даме Груев„-Битола,додели бесплатни ваучери за членство на учениците во библиотеката,енциклопедии и книги за децата кои покажаа хуманост спасувајќи беспомошно лице на улица
Ученици:Марко Пердуловски и Давор Ванчовски
- Пишување состави и песнички за Жената по повод 8 ми Март!
16.04.2025 Велигденска работилница организирана од секцијата по германски јазик Присутни ученици: Борјана Ѓоршевска,
17.04.2025 Декорирање велигденски јајца-Работилница
05.05.2025Ден на македонскиот јазик-Одбележување на Денот на македонскиот јазик преку пишување на песнички,состави и пеење на Бушавата азбука!
08.05.2025 ОО Црвен Крст-Битола-По повод одбележувањетона 8-ми Мај ,Светскиот ден на Црвениот крст и Црвена Полумесечина во соработка со ТППЕ Битола,Итна Медицинска Помош-Битола ,Министертвото за внатрешни работи -СВР Битола,Дирекција за заштита и спасување се одржа Симулациона вежба со главна цел проверка на капацитетите на „ОУ„Даме Груев„-Битола во случај на пожар и проверка на функционалноста на планот за евакуација во случај на катастрофи. Во заедничкото одбележување на 8-ми Мај беа вклучени и волонтери од ООЦКБитола,Црвен Крст Валона-Р.Албанија кои имаа можност да ги споделат своите искуства и вештини и да работат на цел задлабочување на партнерството помеѓу двете Организации.
09.05.2025Еко акција-ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД,организирано од Општина Битола-официјална страница. Оваа акција е многу важна за нас,бидејќи Еко свеста се развива и негува од најмали нозе,а каде ќе се научи најдобро тоа,ако не на училиште
30.05.2025 Назад на големото платно--Деветто издание на Деновите на германкиот филм за деца и млади-Гете-институт Скопја ,во соработка со FilmEd претставува посебно кино-искуство за младата публика.
- Пофалени ученици за одличен општ успех, посебно се истакнуваат со способност, знаење и работни навики и придонес за афирмација на училиштето Борјана Ѓоршевска, Марко Пердуловски, Дарко Велјанов.

**<u>V- 1</u>**

10.10.2024 -Училишна приредба по повод Детската недела – Изведба на РАП песната ,,Сите сме еднакви"
Поетско читање на лични творби посветени на правата на децата;
Пеење на песната „За сите деца".

22.10.2024 – Акростих на тема Македонија – одбележување на 23 Октомври – денот на македонската револуционерна борба.
30.10.2024 – Хуманитарен есенски саем на храна во ПУ с.Долно Оризари и ПУ с. Карамани по иницијатива и поддршка на наставничката по англиски јазик Александра Крстевска заедно со останатите одделенски наставници во двете подрачни училишта.
04.11.2024 – Ликовно и литературно творење на тема ,,Битола моја најмила”- одбележување на 4 Ноември – ослободувањето на градот Битола.
26.11.2024 –Литературно творење по повод Петрониот празник;
03.12.2024 - Одбележан денот на ретките болести – пеење на песната ,,Сите сме еднакви”
06.12.2024 - Одбележан Св.Климент Охридски – Акростих
17.12.2024 - Посета на Музеј на град Битола по повод Патрониот празник на училиштето на тема ,,Македонија е нашата иднина" - полагање на буќет цвеќе на спомeникои на Даме Груев во дворот на Музејот и оддавање почит кон ликот и делото на Патронот. Посета на Музејот и запознавање со музејските поставки за Битола низ вековите, спомен собата на водачот на Младотурската револуција Мустафа Ќемал Ататурк и др. Да се запознаат учениците со вредностите на нашата татковина, нејзинато минато, традиција и борбите за слобода водени на територијата на нашиот град.
20.12.2024 – На Ликовниот конкурс по повод патрониот празник на училиштето ученичката Меланија Кулевска доби Прва награда.
- Ученикот Петар Тодоровски на Литературниот конкурс по повод Патрониот празник доби Втора награда со песната „Мојата Битола"
Ученичката Марија Митревска освои второ место на општинскиот и регионалниот натпревар по ПН и се пласираше за државен натпревар.
20.12.2024 - Учениците учествуваа на Зимската приказна во Старата битолска чаршија и се претставија со кореографска точка на Рап песната ,,Сите сме еднакви"
06.03.2025-Литературно творење по повод Осми март - меѓународниот ден на жаната.
17.04.2025 -Вапцување на Велигденско јајце - Велики четврток, наспроти Православниот празник Велигден.
21.05.2025 -Регионален натпревар "Детски семафор 2025" (Освоено II место) Николија Мијаковска;
Пофалени ученици за одличен општ успех, посебно се истакнуваат со способност, знаење и работни навики и придонес за афирмација на училиштето Марија Митревска, Меланија Кулевска.

**Подрачје 3. Учење и настава**

Наставата се одвива со редовни активности кои со испланирани тематските планирања, но и со одредени измени ако има потреба.

Се користат техники за учење и поучување на обуките кои ги посетуваме и применуваме во сферата за унапредување на образованието и професионален развој и соработка преку Академија ЦЕС и др. Бирото за развој на образованието, МОН и др. институции.Се користи самостојно учење, работа во парови и групи; користење на ИКТ. Разни форми и инструменти за оценување. Планираните работни активности се реализираат со соодветна анализа. Во рамките на редовната настава се вметнати содржини од ЕКО стандардите како и МИО активности. Истите до сега се реализирани според планирањето во Годишната програма.

**Подрачје 4. Поддршка на учениците - Следење на напрдувањата на учениците**
Поддршка на учениците се дава со нивно секојдневно информирање за се она што од нив се бара, им се задава, се очекува, и се она што тие ќе постигнат, сработаат, до кое ниво дошле како да напредуваат и слично. Сето тоа со усна или пишана повратна информација. За таа цел е зголемена ои соработката со родителите, во најмала рака за нивно навремено и сеопфатно информирање.

Напредокот на секое дете е следен и забележан во разни евиденциони листи.

Претседател на Одделенски совет за петто одделение
Николина Настевска

## 39. Реализација на воспитно-образовна програма во продолжен престој

Програмата за работа во продолжен престој се состои од планирање на содржините и активностите на учениците кои се од различни паралелки.
Реализацијата на планираните наставни активности се состои од извршување на домашните задачи од страна на учениците, каде работат самостојно, секогаш во консултација со наставникот, кој објаснува и дообјаснува одредени нејаснотии околу наставните содржини. Наставникот ја следи работата на учениците, им дава поддршка при изнаоѓање на вистински решенија на задачите и ги корегира. Домашните задачи секогаш се проверуваат од страна на наставникот. Откако учениците ќе завршат со пишување на домашните задачи, следуваат слободни активности во училишниот двор, секогаш кога временските услови тоа го дозволуваат.
Во продолжениот престој се негува социо-емоционалниот развој на учениците, па согласно тоа, разговаравме, дискутиравме и дебатиравме на разни теми актуелни за нивниот развој и добросостојба, јакнејќи ги позитивните човекови особини, другарството, прифаќање на различностите, решавање на конфликтни ситуации, толеранцијата, стекнувајќи навики за почитување на туѓото мислење.
Со реализирање на воспитно-образовните активности во продолжениот престој, се реализираа целите на продолжениот престој, односно способност на учениците за самостојна работа, самостојно проверување на сработеното, барање и давање на помош во учењето со соучениците, развивање на вештини и формирање на ставови, другарување и соработка на сите ученици со учениците од другите одделенија, почитување на правила, рекреација, ред и дисциплина, унапредување на социјалните вештини, стекнување и одржување на хигиенски навики, способност на проценка на добри и лоши постапки, способност да ги задоволуваат и развиваат вештините и интересите, јакнење на самодовербата и свеста за одговорност за своите постапки, креативно изразување и навика за точно и уредно извршување на добиените задачи.

## 40. Материјално-финансиско работење на основното училиште

За финансиското работење на училиштето е одговорен директорот и сметководителот. Финансирањето во училиштето се остварува преку дотации од буџетот на Општина Битола. Во планот на расходи се предвидени средства за заштита и безбедност при работа на вработените, средства за канцелариски материјали, средства за хигиена, како и комунални трошоци. Училиштето во својот план предвидува средства за семинари и конференции и обуки, вонучилишни образовни активности, се со цел унапредување на воспитно - образовниот процес и поголеми постигања во знаењето и напредокот на учениците. Донаторските сметки се финансирани од Европска комисија од Еразмус+ програмата. Овие средства се наменети за проекти, со цел размена на знаење, вештини, таленти, запознавање на процесот на образование на учениците од различни култури, држави, како важни фактори за нивната иднина. Проектите имаат за цел да се едуцираат учениците за вредностите кои се од суштинско значење за општеството и иднината на младите. Постојано се спроведува надзор во финансиското работење, од страна на органите на управување и органите надлежни за основното образование. На завршната семтка за календарската 2024 година училиштето не направи никакви долгови, а обврските ги исплатува континуирано.

## 41. Заклучоци и согледувања на состојбите за унапредување на дејноста

Согласно изнесените податоци во наведените извештаи за учебната 2024/2025 година донесени се следните заклучоци и согледувања:

- ✓ Наставата во ОУ„Даме Груев“-Битола се изведува на македонски наставен јазик
- ✓ Условите за работа во училиштето ги задоволуваат потребите за реализација на воспитно-образовниот процес, но потребно е дополнително вложување и комплетно реновирање на дел од кабинетите, помошните простории и училишниот двор.
  (Во второ полугодие преку донација опремени се училници во ПУ-с.Долно Оризари со училишни столчиња, донација од компјутерска опрема за изведување на наставата по наставниот предмет техничко образование и информатика, нови табли во дел од кабинетите во Централно и подрачно училиште во с.Доло Оризари, започна процес на реконструкција на кабинетот по техничко образование и информатика);
- ✓ Зголемена демократска партиципација на учениците во училишниот живот преку учество во активности и иницијативи од Ученичкиот парламент;
- ✓ Континуирано промовирање на мултикултурализам, интеркултурализам и почит кон разликите преку голем број активности.
- ✓ Поактивно учество на родителите во наставни и вонннаставни активности преку заедничка соработа;
- ✓ Стекнување на нови и усовршување на постојните компетенции на наставниците и стручните соработници;
- ✓ Продолжен престој за учениците во одделенска настава;
- ✓ Активна вклученост на наставниците во проекти и размена на искуства;
- ✓ Голем број учества и освоени награди на разни конкурси, натпревари, манифестации во текот на целата учебна година;
- ✓ Директорот како организатор, иницијатор и предводник на воспитно-образовната работа, во соработка со стручната служба во училиштето и сите вработени, со голем интензитет и успех ги реализираа формите и содржините во сите подрачја на воспитнообразовната работа во училиштето, планирани во Годишната програма и сите анекспрограми.

Извештајот е изработен од :
Јасмина Андреева , стручен соработник-педаог
Одговорни наставници по подрачја и активи

Јули, 2025 година

Директор
Биљана Дамчевска Бакиевска

02-221/2
7.7. 25

Врз основа на Член 108, алинеја 2 и член 113, алинеја5 од Законот за основно образование ( Сл.весник на РМ 161/19, 229/20 и 3/25) и врз основа на Член 25 од Статутот на ОУ Даме Груев Битола, УО при ОУ„Даме Груев„ Битола на седницата од 7.7.2025 година донесе:

# ОДЛУКА

За усвојување на Годишниот извештај за работа за учебната 2024/2025 година.

1

Се усвојува предлог Годишната извештај за работа на ОУ „Даме Груев" Битола за учебната 2024/2025.

2

Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето

3

Примерок од Одлуката да се достави до Совет на Општина Битола

7.7.2025год.
Битола

УО
Претседател
Ивана Здравковска

ОУ „ДАМЕ ГРУЕВ“ - Битола
Примено: 1.9.2025
| орг.ед. | број | прилог | вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 03 | 279 | 1 | |


Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ” бр.202/24) член 108 став 1 точка 2 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), а во врска со член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 26.08.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишната Програма на ООУ„Даме Груев” Битола во учебната 2025/2026 година

1. СЕ УСВОЈУВА Годишната Програма на ООУ„Даме Груев” Битола во учебната 2025/2026 година, предложена од Училишниот одбор на ООУ„Даме Груев” Битола.

2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-101/9
26.08.2025 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Габриела Илиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · СОВЕТ НА ОПШТИНАТА · ОПШТИНА БИТОЛА